СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# ОД IV-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25 и 26 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА

Скопје, јануари 1991 година

IV-та Седница, одржана на 25 и 26.01.1991 година,
Дневниот ред се наоѓа на стр.51 и 59


| ДИСКУТАНТ: | СТР: |
|---|---|
| 1.Стојан Андов | 1,75 |
| 2.Митко Анастасовски | 29,42,45,115,150 |
| 3.Фаик Абди | 35,44,93,107,154 |
| 4.Драги Арсов | 69 |
| 5.Бранко Арсовски | 105 |
| 6.Ештреф Алиу | 116,150 |
| 7.Газменд Ајдарага | 186 |
| 8.Тито Беличанец | 45,57,110,113,117,118 |
| 9.Тодор Гајдарџиски | 55 |
| 10.Владимир Голубовски | 63,65,94 |
| 11.Душко Ѓорѓевски | 3,133, 146, 190 |
| 12.Ратка Димитрова | 92 |
| 13.Насер Зибери | 130,162 |
| 14.Васил Зимбаков | 36 |
| 15.Симеон Ивановски | 4 |
| 16.Иванов | 15 |
| 17.Љубисав Иванов | 41,87,101,150 |
| 18.Слободан Јовановски | 76 |
| 19.Цветан Јовчевски | 111,150 |
| 20.Ристо Јованов | 117,118 |
| 21.Љупчо Јакимовски | 150 |
| 22.Кирил Ковачевски | 9,142,158 |
| 23.Саво Климовски | 12,121 |
| 24.Никола Крстевски | 50,62,64,107 |
| 25.Биљана Лазаревска | 8 |
| 26.Михајло Маневски | 33,125,182 |
| 27.Иван Митровски | 42 |
| 28.Џеладин Мурати | 70,162 |
| 29.Панче Минов | 177 |
| 30.Симеон Наумовски | 7 |
| 31.Јован Николов | 48 |
| 32.Панче Насев | 34 |
| 33.Јован Манчевски | 180 |
| 34.Душин Николовски | 80 |
| 35.Јанко Обочки | 49 |
| 36.Тодор Петров | 17,26,27,46,77,79,171 |
| 37.Тито Петковски | 73,96 |
| 38.Киро Поповски | 74 |
| 39.Михаил Пановски | 90,123 |

40.Шабан Превала 95,150
41.Мерсим Положани 139
42.Наум Симјановски 12
43.Славјанка Стојанова 37,137
44.Томислав Стојановски 76,98,102
45.Стоиле Стојков 99
46.Наим Селмани 131
47.Богдан Тодоровски 6,38
48.Јован Трпеновски 27,31
49.Димитар Трпеновски 166
50.Мухамед Халили 35,94,96
51.Благој Ханџиски 54,90,121
52.Абдурахман Халити 138
53.Сефедин Харуни 175
54.Алил Џаферовски 5,6,169
55.Веби Џемаили 147,191

/

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Четвртата седница на Собранието на СРМ,одржана на 25 јануари 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на СРМ, сала број 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја отворам Четвртата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.
До овој момент сеуште немаме информација за имињата на отсутните пратеници. Но, од вкупниот број на присутните констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.
Минуваме на поставување пратенички прашања.
На седницата на Собранието на СРМ одржана на 11 јануари 1991 година пратенички прашања поставија пратениците Љубосав Иванов, Зоран Крстевски, Фаик Абди и Митко Анастасовски.

Извршниот совет на Собранието на СРМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Љубосав Иванов и Митко Анастасовски.
Го молам Извршниот совет на двете останати прашања да подготви одговор во рамките на деловничките одредби.
Одговорите на пратеничките прашања се доставени.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Не сум добил одговор.

СТОЈАН АНДОВ:
Господинот Иванов интервенира дека нема добиено одговор.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:
Утрово се доставени одговорите и на пратеникот Љубосав Иванов и на пратеникот Фаик Абди.

СТОЈАН АНДОВ:
Да се договориме, во постапката мораме да утврдиме дали пратениците што ги поставиле прашањата се задоволни од одговорот или имаат некои приговори. Поради тоа, да минеме сега на поставување нови пратенички прашања а господата пратеници кои добиле во меѓувреме одговор да ги прочитаат и потоа да се вратиме на тоа дали се задоволни или не се задоволни од одговорот. Дали може вака да постапиме во овој случај?

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:
Нека биде за наредната седница.

СТОЈАН АНДОВ:
Не може за наредната седница. Вам ви е доставен одговор сега. На оние на кои им е доставен одговорот ќе ги прашам дали се задоволни од одговорот откако ќе го прочитаат одговорот. Меѓутоа, сега не можам да го поставам тоа прашање Одејќи сега сте го добиле и сеуште не сте го прочитале одговорот.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Јас го добив одговорот на моето прашање не сега, туку пред една недела.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали сте задоволни, дали сакате да го прочитате јавно или незнам што,после кога ќе минеме на тој дел од работата.
Бидејќи доцна се доставени одговорите, вие не можете уште да имате став по тие прашања, затоа да ги оставиме, во истата постапка додека сме на пратенички прашања тоа ќе го решиме, а сега да минеме на поставување прашања на оваа- седница.
Дали некој од пратениците сака да постави прашање? Има збор пратеникот Душко Горѓески.

ДУШКО ГОРГЕСКИ:
Другар претседател, другарки и другари, дами и господа пратеници.
Ако при изготвувањето на законската регулатива, при промените односно донесувањето на уставните аманмдани доволно не беше јасно какви последици можат да настанат со конституирањето односно оформувањето на општинските собранија или таканаречаната преодна фаза кон локалната самоуправна, денеска веќе и на децата во забавишта им е извонредно јасно што се случува, особено во западниот дел на Македонија при конституирањето на овие собранија и какви последици можат да настанат, ако истите продолжат да се конституираат,односно ако продолжи процесот на мајоризација и процес на едно недолично договарање кое може да има катастрофално негативни последици и за меѓунационалните односи, а потоа и за опстанокот на македонскиот народ кој живее на овие простори.Оттаму предлагам денешниот Парламент,поради настанатите состојби за кои сите сте запознаени, да донесе заклучок да:
Како прво, да се престане со конституирање на овие собранија, и Како второ, под итно,по скратена постапка да се донесе Законот за локалната самоуправа.

Во спротивно овие процеси што се одвиваат натаму мислам дека за истите ќе бидеме сите одговорни. Сметам дека Парламентот, како највисок орган на власта овој заклучок може да го донесе. Или, ако денеска не може, тогаш на наредната седница која сметам дека  треба да биде закажана во најкус можен рок, во текот на наредната недела, вторник или среда, поопширно да се расправа. Веќе денеска имаме Информација- на Извршниот совет за состојбите во овие општини.Да се донесат конкретни мерки за разрешување на проблемите што се присутни таму. Мислам дека Парламентот ќе ме поддржи. Ова е поддржано и од парламентарната група на СКМ-ПДП.  Не би сакал пошироко да расправам и да го оптоварувам овој Парламент за сите негативни и какви се импликации има.Процесот на сепаратизам и албанизација е присутен особено во образованието и во другите сфери, се одвива во услови на скоро беззаконие што го имаме сега на овие подрачја.

СТОЈАН АНДОВ:
Напомнувам дека интервенцијата на пратеничкото Душко Горѓески не е пратеничко прашање туку е расправа за дневниот ред. Мислам дека сега да се задржиме на расправата за пратеничките прашања а ќе дојдеме на расправата за дневниот ред и ова негово гледиште ќе го земеме предвид.
Има збор пратеникот Симеон Ивановски.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници и гости. Во амандманот 59 во Уставот на СРМ, во точката 2 алинеите 3 и 4 стои:

"Природните богатства и добрата во општа употреба се во општествена и државна сопственост. Над природните богатства и добрата во општа употреба може под услови утврдени со закон да се стекне право на користење".
Во Законот за општествениот капитал е дадена можност и претпријатија од овие дејности, на пример рудниците, да го трансформираат капиталот во мешовит или приватен, без да се пропишат евентуални посебни услови.
Поради наведеното горе, до Владата го поставувам следното прашање:
- Дали нема да дојде до нерациоанлно користење на природните богатства, познато во стручната литература како раубовање на лежиштето ако општествените претпријатија од општествените дејности се трансформира во приватни претпријатија особено ако сопствениците бидат надвор од нашата држава.

СТОЈАН АНДОВ:
Одговор ќе даде Извршниот совет од една од наредните седници.
Има збор пратеникот Алил Џаферовски.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници и гости, Прво, сакам да го информирам овој Парламент дека Прилеп и Крушево немаат вода. А, немаат вода заради тоа што не се спроведува водостопанската дозвола на Собранието на СРМ. Моето прашање е следно, дали органите на Републиката можат да обезбедат спроведување на водостопанската дозвола и прекинување на овие тешки маки што долго време го тиштат Прилеп и Крушево и се смачи на цела Македонија, дури да не речам и на

Југославија слушајќи како еден комунален проблем, не може да се реши заради тоа што дозволуваме секој да стане сопственик на општествените добра како што е водата.
Барам одговор на ова прашање, и не само одговор, туку под итно преземање на мерки Прилеп и Крушево да имат вода, бидејќи навистина состојбата е многу тешка, како во училиштата така и во становите во овие зимски денови.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали Извршниот совет може да даде одговор? Збор има Богдан Тодоровски.

БОГДАН ТОДОРОВСКИ:
Изгледа дека проблемот околу Студенчица продолжуваат и во овој Парламент и кога има вода. Моментално, издашноста на изворот е 567 литри во секунда. Спрема Прилеп и Крушево се упатуваат 245 литри. На "Барбарос" има 215 литри. Прашање е како Прилеп и Крушево ја користат таа вода. Дали се почитува водостопанската дозвола. Таа водостопанската дозвола со 31 декември е истечена. Новоформираното јавно претпријатие е во постапка да поднесе барање за издавање на нова водостопанска дозвола.
СТОЈАН АНДОВ:
Дали пратеникот Алил Џаферовски е задоволен од одговорот?

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:
Сакам да укажам на тоа дека на Прилеп и Крушево доста им се информации и статистички податоци и формални докажувања.

Јас ви тврдам дека Прилеп и Крушево немаат вода. А, дали се спроведува таа водостопанска дозвола, дали престанала нејзината важност, дали е формирано јавно претпријатие вистината е дека Прилеп и Крушево немаат вода и дека Прилеп ја користи водата сигурно рационално и домаќински. Во овие зимски денови неманиви, нема наводнување. Затоа барам, ако таа водостопанска дозвола е со поминат рок, тогаш ако тоа претпријатие -јавно е формирано, да ги преземе сите работи околу регионалниот водовод "Студенчица" и да не дозволиме да стопанисуваат 5 организации таму и да не се знае кој пие кој плаќа.

СТОЈАН АНДОВ:
Да не водиме расправа сега за ова. Добивме одговор на поставеното прашање на пратеникот и пратеникот не е задоволен.
Предлагам да заклучиме во што пократок рок на една од првите седници на оваа задутре, туку после тоа, на првата седница Извршниот совет на СРМ да подготви ажурирана информација со предлог на заклучоци и тогаш да водиме расправа.
Има збор пратеникот Симон Наумовски.

СИМОН НАУМОВСКИ:
Сметам дека нема време да се пазариме за водата од Студенчица. Животот тече, без вода неможе да се опстане. Доста месеци, месеци, со години веќе да не претерам се расправа за Студенчица.
Може ли оваа Влада која е легална да го реши тоа прашање? Во овие зимски услови да имаме минимум вода како би можеле раце да измиеме.
Катастрофални последици ќе настанат со пукање на цевоводите од ниските температури.

Ве молам, да се преземат веднаш мерки а не да се чека недела или две да се донесуваат некакви одлуки. Доста со формализми. Да се определи овој парламент за решенија, готови решенија незавршување на обврските. Нема ние да доаѓаме овде на бината само да предлагаме ајде едно, ајде друго, ајде испитување, ајде комисија. Вода треба. Вода им треба на Прилеп и Крушево.Сметам тоа прашање наеднаш да се решава.

СТОЈАН АНДОВ:
Молам, може да заклучиме оваа точка да се вклучи во дневен ред на денешнава седница доколку е од итен карактер. Очигледно е од итен карактер. Можеме така да заклучиме, да не биде само пратеничко прашање, туку иницијатива за вклучување на дневниот ред и по дневниот ред тоа да заклучиме кога ќе расправаме.
Дали може така? (Може).
Има збор пратеникот Биљана Лазаревска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:
Почитувани пратеници,веќе подолго време во јавноста е присутен проблемот на дезинтеграција на двете стопански организации ДИЕР и Шумското стопанство на Куманово.
Јас и господин Томе Стојановски ги сослушавме и двете страни кои од свој аспект ги изложија проблемите.
Извршниот совет направи обид да се реши состојбата, но така да кажам беше безуспешен.
Делбениот биланс е неизоставно потребен за да може Пумското стопанство да отпочне со работа.
Една од активностите на Шумското стопанство е пошумување чие неизвршување прави директна штета на општеството и стопанството.

Затоа поднесувам барање од вработените во Шумското стопанство од Куманово:
"Бараме Извршниот совет на Собранието на СРМ да превземе итни и решителни мерки за дезинтеграција на ДИЕР и Пумското стопанство што се интегрирани во времето на акцијата за окрупнување на стопанството.
Вработените во Шумското стопанство кои 130 дена не привредуваат, со што се нанесува непроценлива материјална штета на стопанстовто. Извршниот совет да ги задолжи правосудните органи да ги санкционираат сите неправилности и стопанскиот криминал, доколку се докаже, во двете стопански организации.
За превземените мерки Извршниот совет да го извести Собранието на наредните седници?

СТОЈАН АНДОВ:
Овде повторно нема прашање туку иницијатива за разгледување на едно прашање. Тоа може да биде врзано за дневниот ред. А ако иницијативата ја спори, тогаш претставникот на Извршниот совет може да земе збор. Бидејќи не беше поставено како прашање, јас молам тоа да го префрлиме во расправата по дневниот ред.
Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници.
Барам од Извршниот совет на Собранието на Македонија да ми одговори на прашањето - Како и на кој начин мисли да ја сузбие вознемиреноста кај македонското население во општината Тетово од албанизација на општината.

Во врска со поставеното прашање го давам следното појаснување:
Во последно време а и денеска, на подрачјето на општина Тетово присутни се повеќе појави од позиции на албанскиот национализам и сепаратизам како:

1) Одржувањето на предизборни митинзи со националистички и сепаристички манифестации.
2) Одбивањето на дел од ученици од албанската народност да ги примат ученичките книшки за успехот во првото полугодие од оваа учебна година од причини што се напишани на македонски јазик
3) Водење на педагошка евиденција и документација во одделни основни училишта, како на пример во селото Шипковица, во училиштето „Јета е Ре„ само на албански јазик во текот на оваа учебна година, а да притоа оваа појава не може никој да ја спречи иако е против уставна и противзаконита.
4) Објавувањето на Декларацијата за суверенитетот на Македонија во весникот „Флака е Велазеримит„ при кое се вели дека - Македонија е суверена држава на албанскиот народ и другите народи што живеат во неа без да се спомне македонскиот народ а потоа, после реакциите на овој текст, се правдаат со грешка на печатењето.
5) Ова е последно и нешто што најповеќе гори во општината Тетово, па и во цела западна Македонија, конституирањето на Собранието на општина Тетово на 23 јануари 1991 година е извршено само од одборници на ПДП и НДП, а потоа се донесени одлуки за разрешување на одделни функционери во општината, кои, според законот за органите на државната управа, веќе преминале во соодветните министерства на Републиката.

При ова, сакам да кажам и тоа дека така конституирано Собрание на општина Тетово не ги признава органите на управата да бидат републички туку имаат одлучено тие да бидат општински, што е спротивно на законот за органите на управата. Сите тие постапки и дејствија на подрачјето на општината Тетово, а преку средствата за јавно иинформирање дознаваме дека ги има и во другите општини во западна Македонија како што се Гостивар и другите, создава вознемиреност кај македонското население.

СТОЈАН АНДОВ:
Во врска со прашањето што го постави Ковачевски, предлагам да не ислушаме само одговорот од Извршниот совет туку да утврстиме точка на дневен ред, да одлучиме после по расправата за дневниот ред, а расправата да ја водиме врз основа на информацијата што ја достави овде Извршниот совет а после ќе можеме сите аспекти да ги зафатиме. Дали така се согласувате? Се согласуваме.

СИМЈАНОВСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници, од Сојузот на реформските сили и Младата демократска странка од Битола, најостро ја осудува одлуката на црковниот одбор на српската православна црква за привремено иселување на спомен собата на АСНОМ од манастирот Прохор Пчински. По повод на овој настан, поставувам прашање до Извршниот совет, што се тој ќе преземе по повод оваа одлука која за жал веќе се реализира.

САВО КЛИМОВСКИ:
Почитуван господине претседателе, почитувани претседатели, дами и господа, другарки и другари. На вчерашната седница Извршниот совет на Собранието на СРМ ја разгледа севкупната состојба во врска со провокациите околу манастирот Прохор Пчински, притоа тој зазеде одредени ставови, одредени оценки, тие ставови му се дадени во писмена форма, јас би сакал да укажам само на некои аспекти од истото, со апел бидејќи тоа е заклучок на Извршниот совет и Собранието

да заземе свој став во врска со ова прашање. Имено во последно време пошироката јавност се почесто се пренесуваат гласови дека манастирските, односно црковните власти на Србија имаат намера по повод празнувањето на празникот Свети Сава на 27 јануари 1991 година, салата во која е одржано Првото заседание на АСНОМ на втори август 1944 година и која е претворена во меморијален музеј на Првото заседание на АСНОМ, поради што во комплексо на манстирот Св.Отец Прохор Пчински е ставена под законска заштита на Република Србија да ја користат како трпезарија на манастирските гости. Овие гласови доаѓаат од старешината на манастирот и се пренесуваат преку кустосот на манастирот, како и преку новинарите. На повеќе интересирања од официјалните претставници на музејот на Македонија под чија надлежност е одржувањето на меморијалниот музеј на АСНОМ, не е добиено никакво официјално барање од било каков официјален црковен или државен орган од Република Србија. Имајќи ги предвид најавените намери како и инцидентот со оскрнавувањето на музејот на 2 август 1990 година, надлежните органи на СРМ, а тоа е Музејот на Македонија, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура, Извршниот совет на СРМ, како и претседателството на СРМ се обратија до соодветните институции и органи на Република Србија со укажување на најавените намери и изразување на несогласување, спомен салата да се користи како трпезарија со истовремено барање да се спречи еден таков самоволен акт. Во исто време е укажано и на несаканите последици што би можеле да произлезат од присилното влегување во салата,

односно давање поводи таквиот инцидент да предизвика несакани реакции и да им нанесе штета на севкупните односи меѓу република Србија и СР Македонија како и меѓу двата народи. По споменатите обраќања надлежните институции и органи на СР Македонија до денес не добија никаков одговор од ниеден орган на Република Србија. Изненадени од таквиот став на официјалните надлежни органи на Србија, Извршниот совет на Собранието на СРМ изразува вчудоневидување и најенергичен протест поради облошувањето на овие укажувања што неможе да се смета за готовност за заемно договарање и разговори и надминување на сите прашања што се јавуваат во односите  меѓу двете републики, а со заемен интерес и се во функција на заемно разбирање и потесна меѓусебна соработка. Поради тоа Извршниот совет на СРМ беше упатен на јавно обраќање до Владата на република Србија да се заложи и во овој најјавен случај да се сочува интегритетот на мемориjалниот музеј на АСНОМ иако што и покрај одредени исклучоци било случај да се дозволи такво скрнавување на овој историски споменик кој покрај другото сведочи и за заедничката борба на македонскиот и српскиот народ за слобода и заедничко живеење. Во исто време Извршниот совет на Собранието на СРМ во повеќе наврати изрази готовност  преку заемни договори меѓу надлежните органи до највисоко ниво да се решат сите отворени прашања во однос на меморијалниот музеј, како и оние што се од областа на заштита на историските белези.
Во таа смисла сакам да ве потсетам беше и заклучокот на Собранието на СРМ при разгледувањето на материјалот

за прашањата поврзани околу манастирот Прохор Пчински. Само на таков начин ке се создадат услови за надминување на позачестените закани и инцидентни настапи кои ја зголемуваат напнатоста во јавноста.Укажувајќи на фактот дека за безбедноста на меморијалниот музеј на АСНОМ во манастирот Прохор Пчински се надлежни официјалните органи на република Србија, Извршниот совет на Собранието на СРМ предочува дека и одговорноста за неговата навреда паѓа врз нив. Сметајќи дека постојат можности да не се случи тоа,Извршниот совет на Собранието на СРМ изразува надеж дека и со вашето обраќање како пратеници до Собранието на СРМ укажувајќи на сите можни импликации што би довеле до еден ваков инцидент се стори се за да се одбегне секаков евентуален инцидент со несакани последици.

СТОЈАН АНДОВ:
Предлагам покрај тоа што го ислушавме господин Климовски ова да го ставиме како посебна точка на дневен ред  доколку сакаме да заклучиме. Тогаш да обавиме претрес и да заклучиме што ќе усвоиме.

ИВАНОВ:
Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и гости.
Јас би сакал да поставам две прашања. Пред неполни две недели што е за пофалба Телевизија Скопје ја пушти третата програма што е во можност нашите граѓани да бидат што подобро информирани. Меѓутоа за жал оваа програма се следи само на дел од македонското подрачје. Од тие причини

до Републичкиот извршен совет, односно до надлежниот одбор го поставувам следното прашање: Кога граѓаните на целата територија на Македонија ќе можат да ја следат третата програма на македонската телевизија и како дополнително со воведувањето на третата програма, делот од програмата жна ЈУТЕЛ кои се пренесуваше преку втората програма, помина на 3-тата програма, со што граѓаните од другиот дел, тоа значи вонскопското подрачје, не ја следат програмата на ЈУТЕЛ, во таа смисла го поставувам прашањето до надлежниот орган зошто е тоа направено и дали неможе да се изврши практиката која што беше и порано? Второто прашање е врзано со едно мошне сериозно прашање на подрачјето каде што се произведува оризот. Иако сме веќе јануари месец голем дел од производството од реколтата од 1990 година не е откупена и се наоѓа во просториите на производувачот, а тие се среќаваат со сериозни проблеми, од измирувањето на обврските према заедницата, па до намирувањето на своите потреби. Од тие причини го поставувам прашањето до надлежните републички органи што е направено по прашањето на откупот на оризот и што се намерава во блиска иднина по ова прашање да се направи нешто што ќе може да ја санира сегашната состојба Тука пред се мислам  на делувањето на државните резерви во делот на откупот, а посебно и во делот на потребните финансиски средства за реализација на овој зафат.

СТОЈАН АНДОВ:
Ова прашање се надевам дека ќе биде одговорено на наредната седница.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Бидејќи некои прашањата кои што беа поставени ги имав подготвено јас, би поставил некои дополнувања до членовите на Извршниот совет. Затоа барам да се стави точка на дневен ред во врска со манастирот Прохор Пчински. Што ако државните органи на Србија се оглушат повторно како што беше случајот на 2 август, кога музејските плочи беа оштетени, а македонските граѓани претепани од српската полиција.
Барам да се стави точка на дневен ред овој Парламент да може официјално да изрази протест до парламентите на Бугарија и Грција по повод на изјавите од заедничката конференција за печатот на премиерите на Бугарија Попов и на Грција Мицотакис. Така да бидејќи единствен легитимитет во македонската држава има овој парламент званичен протест до овие парламенти вложи парламентот на СР Македонија.
Ме интересира поконкретно што презеле и што ќе преземат надлежните органи на Извршниот совет на Собранието на СРМ за поништување на одлуката за неспроведување на Одлуката на Извршниот совет и на Собранието на СРМ за начинот на преземањето на работите од општинските органи на управата во општинското собрание во Тетово. Предлагам бидејќи е единствен легитимен орган кој може да воспостави и да донесе некоја одлука за елиминирање на ваквото противзаконско однесување на одборниците од ПДП од Општинското Собрание од Тетово, да се разгледа можноста да бидат суспендирани правата и обврските на овие одборници на ова Собрание во општина Тетово и соодветни мерки и активности за принудна управа да преземе Собранието на Македонија.

Со оглед на тоа што се поставија повеќе прашања во поглед на состојбите во Западна Македонија, барам како иницијатива, меѓутоа не за оваа седница, за да имаме припремен материјал од надлежните стручни органи на Републиката, да се постави точка на дневен ред да состојбите во Западна Македонија и албанизацијата на Македонија, посебно во светлината на се понагласеното урбанизирање на Македонија, окупацијата на Македонија со албанско население во Косово, бојкотот на македонските објекти од било каков карактер на албанското население, заладувањето на меѓунационалните односи, посебно после митинзите на вистината на македонците организирани во градовите во Западна Македонија и во Скопје, сознанијата за формирање на албанска банка, формирање на теолошки исламски факултет во Скопје основањето албанска ТВ станица и провокациите од Декларацијата за македонска држава на македонската нација, опасноста исто така која се наметнува од откупот на акции во општествените претпријатија од албанско население и претворање на истите  од општествениот капитал на државата во општествен капитал на припадници на едно национално малцинство Сериозноста и итноста на проблемите наметнуваат неодложно размислување на ова прашање,меѓутоа и подготвеност и да се избегнат било какви импровизации барам оваа точка да биде поставена на првата наредна седница, да биде подготвена и добро стручно елаборирана.

Имам подготвено неколку пратенички прашања конкретно за одговор кој сметам дека нужно се наметнуваат во Републиката со својата актуелност и сметам дека нивно одложување за

некое друго време не постои, единствено ако Извршниот совет не е во состојба да одговори да подготви во писмена форма одговор за наредната седница, задржувајќи го правото да се отвори парламентарна расправа.
Првото пратеничко прашање гласи:Според решението и мислењето на Уставниот суд на Македрнија на седницата одржана на 21 ноември 1990 година страна 3 пасус 2, избирачкото право на граѓаните е неделиво сврзано со нивната припадност која при остварувавето на избирачкото право како едноставните политички права на граѓаните низ кои се остварува сувереноста на републиката како држава, се изразува преку републичкото државјанство.
Државјанството на републиката односно републичкото државјанство за прв пат е утврдено со законот за државјанство на Народна република Македонија Службен весник на НР Македонија 16/50, Законот за државјанството на СРМ, Службен весник на СРМ 9/65 година  и важечкиот позитивен закон за државјанство на СРМ, Службен весник на СРМ 19/77. Несомнено дека избирачкото право произлегува од поседувањето на републичкото државјанство. Според закокот за државјанство на Народна Република Македонија во член 24 се велн дека (цитирам) Секој државјанин на НР Македонија мора да биде запишан во книгата на државјаните на НР Македонија а според член 25 од истоимениот закон примањето и губењето на државјанството се објавува во Службен весник на НР Македонија. Ги поставувам следните прашања во врска со горе наведеното:

Колку државјани на ФНР Југославија според книгите на државјаните се стекнале со македонско државјанство, кои станале државјани на Народна Република Македонија со преглед по општини и национална припадност, заклучно со 28 август 1945 година.Колку државјани на ФНР Југославија на ден 6 април 1941 година имале заклучно членство во општина, односно општинска припадност, одделно за сите населени места и по национален состав на територијата на НР Македонија. Колку државјани на ФНР Југославија дале изјави пред извршните одбори на околиските односно градските реонски народни одбори на чие подрачје се наоѓа нивното пребивалиште, односно боравиште да сакаат да бидат државјани на Народна Република Македонија заклучно до 30  јуни 1948 година со прегледи по општини и национална припадност. Колку решенија за примања државјанство на НР Македонија на државјани на други народни републики имаат донесено, односно издадено министерот за внатрешни работи со преглед по општини и национален состав од 19 јуни 1950 година, заклучно со 17 март 1965 година. Колку државјани го изгубиле државјанството на НР Македонија по било кој основ со прегледи по општини и национална припадност од 19 јуни 1950 година, заклучно со 17 мај 1965 година. Колку државјани на Македонија  имало на ден 17 март 1965 година, според одредбите на законот за државјанство на СРМ Службен весник на СРМ бр.9/65, со Преглед по општини  и национална припадност. Колку државјани на Македонија го примиле и изгубиле македонското државјанство од 17 март 1965 година, заклучно со 30 мај 1977 година, со преглед по општини и национална припадност и состојбите одделно по години почнувајќи од 1965 година

заклучно со 1976 година. Колку решенија за прием и губење на македонското државјанство по секој основ од Законот и со прегледи по општини и национална припадност има издадено Републичкиот секретар за внатрешни работи од 13 мај 1977 година, заклучно со денес, согласно законот за државјанството на СРК, Службен весник на СРМ број 19/77, заедно со прегледи по години, почнувајќи од 1977, заклучно со 1991 година. Колку граѓани на Македонија денес имаат македонско државјанство, колку лица се водат во матичните книги на родените, а колку се водеа запишани на избирачките списоци за последните спроведени повеќе партиски избори со преглед по општини и национална припадност. Дали Републичкиот секретаријат за внатрешни работи или Извршниот совет на СРМ располага со податоци колку инородно население со механички прилив е населено во Македонија со преглед по општини и национална припадност денес и со прегледи по години, почнувајќи од 1945, заклучно со 1990 година. Кои мерки досега се преземени  и надлежните органи и институции мислат да ги преземат за спречување на незаконитата окупација на Македонија со инородно население. Колку избирачи се запишани во избирачките списоци во секоја општина и по национална припадност на последните избори и колку од запишаните избирачи поседуваат македонско државјанство по општини и национална припадност. Колку политички азиланти и бегалци живеат во Македонија од кои земји и национална припадност, заклучно со денес и нивниот број по години почнувајќи од 1945 заклучно со 1990 година. Каде се населени, во кои општини

дали располагаат со движен или недвижен имот, средства и земја доделени од државата и на какви професии се ангажирани. Дали има вистина дека некои од политичките азиланти и бегалци незаконито го имаат отуѓувано движниот и недвижниот имот, средства и земја, што им ги доделила државата. Колку лица имаат сторено такви противзаконски дејства и што презел Извршниот совет за заштита на законитоста и уставноста. колку земјиште со преглед по општини, населени места и национална припадност е узурпирано и отуѓено од општествената заедница, од динаот на населението, кои мерки за заштита на законитоста досега се преземени и какви резултати се остварени заклучно со денес.
Во рамките на горе изнесеното поведувам иницијатива за донесување закон за забрана на купопродажба на недвижен имот и земја на лица без македонско државјанство  и прогласување за уништување на сите договори за купопродажба на недвижен имот и земја на лица без македонско државјанство под итна постапка на наредната седница. Колку одборници се избрани во собранијата на општините по партиска и национална припадност и да се утврди поименично за сите одборници и пратеници дали поседуваат македонско државјанство, Дали е точно дека во некои општини во општинските собранија се избрани одборници кои и воопшто не се државјани на Југославија за кои лица се работи и во кои општински собранија.
Колку инородно население и во колкав обем располага со недвижен имот и земја во Македонија без потребните документи и поседовни листи, заради одбегнување плаќање данок и безправно ја имаат

сопственоста во катастарските книги со преглед по општини и национална припадност и какви мерки се преземени за спречување на тоа. Дали е вистина и колкав е бројот на семејствата и во просек со колку деца со прегледи по општини и национална припадност од кои двајцата или едниот родител е со жителство во друга република, или странство и пријавено жителство во тие републики и странство, одбегнувајќи плаќајки странство и придонеси во Македонија, а плаќајки во другите републики и странство со оглед на жителството и поседувањето лична карта, а оставајќи македонската држава да ги извршува обврските према членовите на неговото семејство во поглед на здравствената,социјалната, културна и друга заштита.
Второ прашање, кои мерки и активности неопходни за отстранување на последиците настанати од дејството на земјотресот од 21 декември 1990 година на настраданото подрачје во општините Гевгелија и Валандово од 21.12.1990 до 8 јануари 1991 година кога се постави прашањето во овој парламент и од 8 јануари до денес конкретно ги има преземено Извршниот на Македонија и што мисли и до кога да презема било какви мерки. Во рамките на ова прашање изразувам остар протест и ја пренесувам огорченоста на месното население и собранието на општина Гевгелија заради изостанување на солидарноста и помошта од настраданото подрачје и граѓаните. Имајќи ги предвид податоците дека 882 објекти се тешко оштетени од кои 250 се надвор од употреба, така што без покрив на главата останаа околу 1000 луѓе и временските услови кои денес ги чувствуваме сите надвор тогаш може само да се замисли во каква положба се оставени оние 1000 граѓани кои заради тешки

оштетувања на индивидуалните станбени објекти сеуште спијат под шатори, под најлон во камиони, или се принудени ризикувајќи го својот живот да се враќаат во станбените објекти кои се ставени надвор од употреба, според извршената категоризација на надлежните стручни комисии.

ТОДОР ПЕТРОВ: (продолжение)
На ден 17.1.1990 година во Нова Македонија на страна 4 беше објавена веста дека Основниот суд на здружениот труд во Скопје, според Одлуката на судскиот совет ги поништил решенијата на Републичкиот секретар за внатрешни работи со кои 8-темина работници во Службата за внатрешни работи: Слободан Богоевски, Павле Трајанов, Александар Диневски, Беџет Беџети, Грездан Цветковски, Станоја Богоев, Јован Чамински и Миле Илиевски беа ставени на располагање, наложувајќи овие работници да бидат вратени на соодветни работни места во рок од 15 дена.
Претходно и Уставниот суд на Македонија, решенијата со кои 8-темина беа ставени на располагање ги прогласи за незаконити, манливи и ништоважни. Конечно, може да се каже дека на голготата на 8-темина кои беа ставни на располагање во септември 1989 гдоина формално-правно е ставена точка.Ако аферата околу случајот со 8-темина од РСВР беше предизвикана со иницијативата на партиските организации на СК во Секретаријатот кога по нивна иницијатива беше покренато расчистување на низа уочени неправилности и незаконитости во работата на РСВР при што беа констатирани: неправилности во стамбената политика, располагањето и распределувањето на оружје, несоодветна кадровска политика,неправилности во сверата на материјалното работење, индиции дека СВР непосредно се ставало во функција на дневната политика, особено во познатиот "Вевчански случај", укажувања дека Службата за внатрешни работи е се уште ставена под контрола и работи по упатства на Лазар Колишевски. Активност на српското и бугарското лоби и крило во неа, нејзината разузнавачка Активност помеѓу македонската емиграција, а РСВР, Републичкиот секретар и ИС остануваа на тврдењето дека одлуките се исправни.

СТОЈАН АНДОВ:
Поставете го прашањето, а расправа ќе водиме кога ќе биде даден одговорот во случај ако не сте задоволни од одговорот.

ТОДОР ПЕТРОВ:
Одбивајќи ги приговорите на 8-темина и повторно потврдувајќи ги решенијата на Републичкиот секретар за внатрешни работи го доставувам следното прашање.
Бидејќи решенијата се издадени од Републичкиот секретар за внатрешни работи Јован Трпеновски со правосилни судски одлуки и уставни одлуки се прогласени за незаконити и ништавни Која е вистинската позадина за целиот случај? Каква е одговорноста материјална, политичка и кривична на Републичкиот секретар за внатрешни работи и Извршниот совет за злоупотреба на службената должност и овластувања. Колкав е надоместот на штета што треба да го добијат 8-темина за периодот септември 1989 година, кога беа ставени на располагање до добивањето на правосилната судска одлука и од каде ќе им се исплатат тие средства. Ако овие средства паѓаат на товар на републичкиот буџет, предлагам да се донесе одлука договорно и сразмерно на членството на Извршниот совет овие трошоци да ги сносат членовите на Извршниот совет кои го создадоа самиот случај за да никому во иднина не му падне на памет да си игра со судбината на луѓето вршејќи злоупотреба на законските овластувања и позицијата на власта. Во рамките на сето ова барам да ги добиеме сите изјави на 8-темина и партиските комисиски наоди и оценки и да се отвори парламентарна расправа заради разврска на целата афера и нејзино подведување под критериумите и во институциите на правната држава.

СТОЈАН АНДОВ:
Ве молам, придржувајте се на деловничките одредби.Се поставува прашање со кратко образложение, а потоа се чека одговор. Ако не е задоволен од одговорот пратеникот, тогаш може да бара расправа. Собранието ако одлучи да има расправа тогаш тоа се става на дневен ред. Инаку губат смисла пратеничките прашања.Тоа се монолози на поедини пратеници.

ТОДОР ПЕТРОВ:
Мене ми се чини дека во Деловникот никаде не пишува кои колку прашања има право да постави. Дали од страна на институциите и стопанските субјекти на СР Србија врз Македонското стопанство се врши тивка економска блокада. Какви се сознанијата за досега претрпената штета во вредносни и физички показатели пред Македонското стопанство во целина и стопанските субјекти и институции од оваа тивка економска блокада, какви мерки за заштита на стопанството и одделните економски субјекти и институции и интереси на Републиката има превземено Извршниот совет на Македонија, кои мерки се во подготовка и евентуално ќе се преземат во наредниот период.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали претставниците на Извршниот совет можат да идентификуваат некои од прашања на кои денес можат да одговорат.

ЈОВАН ТРПЕНОСКИ:
Во врска со прашањето за жителството бројот на државјани на Македонија, за состојбата во имотната свера, понатаму за отпуст на државјанство мислам дека ќе треба да се изработи цела студије и би молел пратеникот да биде стрплив и тоа по добивањето на пратеничкото прашање да го направиме.

Но очигледно ова пратеничко прашање не е усмерено и уперено само на органите за внатрешни работи, туку на Институтот за национална историја и на други научни институции во Македонија. Според тоа ќе постапиме онака како што имаме ние сознанија и податоци и во нашиот дел ќе изработиме писмен одговор кој што ќе биде доставен до Парламентот. Во врска со прашањето за 8-темина морам да ви кажам дека сум изненаден,која е целта и намерата за понатаму држење во тензија на Републиката со овој случај. Само неколку невистини кои што се изнесени како образложение на поставеното прашање. Прво, пресудата не е правосилна, туку е по жалба пред Судот на здружен труд на Македонија. Ние можеме да расправаме дури после правосилноста на пресудата, а дури тогаш да се бара одговорност и не да се ствара и понатаму во јавноста интерес, да има материјална штета и да некој треба штетата да ја носи. Мислам дека не е убаво овој Парламент и понатаму да се занимава со овој проблем. Меѓутоа, сносам целокупна одговорност доколку се утврди да јас како републички секретар и органот имаат пречекорување на овластувањата и некои законски прописи. А барањето да ја поделиме материјалната штета сите членови на Извршниот совет, мислам излегува надвор од секаква логика и разум. Само би го информирал овој Парламент да покрај тоа што не се правосилни решенијата, односно одлуката на Основниот суд на здружен труд, нема ни решенија за ставање на располагање, бидејќи решенијата по заклучоците на Собранието на Македонија постапи Републичкиот секретар и ги врати на работа и тоа одамна. Според тоа, безпредметна е расправата пред Основниот суд на здружен труд бидејќи

решенија за ставање на располагање нема. Но, нека биде јавноста барем информирана дека еден во дисциплинска постапка го изгуби работниот спор. Може ли тој да се третира и како лице ставено на располагање? А другите по нивно барање се распоредени на работни места кои што одговараат на нивната стручност и квалификација и примаат личен доход. Се алудира и на Одлуката на Уставниост суд на Македонија. Мислам дека е тоа тема за расправа лица кои што се квалификувани, правници и луѓе кои што сакаат да читаат. Уставниот суд ја укина одредбата од член 103 за ста-вање на располагање. Меѓутоа, никаде не рече дека нема право да се применува, туку задолжено точно да се одредат критериумите кога може да се стави на располагање. Според тоа, како законско решение и понатаму стои, но Уставниот суд бара да биде точно дефинирано во кои случаи може и кои услови ако се исполнат да се стави на располагање Меѓутоа, ова е тема за една расправа. Сметам, доколку е применет еден закон во време дури тој бил на снага, не може да стане збор за некоја злоупотреба. Правните последици можат да настапат дури после измена на Законот, укинување на Законот и примената во времето кога тој е укинат.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Дами и господа, почитуван претседателе, сакам да поставам неколку прашања. Ќе бидам краток бидејќи господинот Петров опфати од тоа што сакав и јас да изложам. Прво, гледајќи го составот на овој Парламент искрено да ви кажам навистина го гледам плурализмот и идната демократија, ја гледам Македонската држава. Ние постарите немавме среќа да доживееме еден таков чин. Во другите демократски држави при составот

на такви парламенти се поставуваше првото прашање и на исток и на запад судбината на тие што ги оставија коските по затворите и беа неправилно притворени од едноумието и од фашистичките режими кои владееле во тоа време. Ми се чини дека е редно да го поставиме прашањето за целосна рехабилитација на сите политички затвореници кои го дадоа животот за слободата , моја и ваша, за слободата на нашиот народ и на малцинствата кои живеат на оваа територија. Тоа е првото прашање. Ми се чини го имаме тоа право. Значи барам целосна рехабилитација на сите политички затвореници. Второ прашање, барам од Републичкиот секретаријат за внатрешни работи како што тоа го прават во културните земји, целосно да ја отвори документацијата и да ги извади тајните досиеја, или јавно да се изгорат, или да се дадат на увид на историчарите за да се види што се се случуваше во оваа земја.
Трето актуелно прашање. Овие денови читав во весник за 5 млади животи одземени некаде во Југославија. Тоа е прашањето за децата погубени од Струмица. Молам, надлежните органи овој орган и Републичкиот секретар доколку е во можност да навлезе во тој документ и да ги смири срцата на тие родители, на тие браќа. Тоа ви го кажувам со голема болка, да излезе вистината на видело. Појасни, подобри и поблаги ќе бидеме ако веќе ние сега ја кажеме вистината на народот, зошто тие дечиња ги изгубија младите животи.
Четврто прашање, господинот Петров доста образложи јас ќе бидам пократок, ќе го молам овој кворум и Секретаријатот за внатрешни работи да ми даде само една информација.Зошто и колку народ се отсели од нашата земја,од Македонија од 1945 год.

Македонија и какви се тие народи, тие народности кои се населија?

СТОЈАН АНДОВ:
Дали претставникот на Извршниот совет идентифицира некои од овие прашања на кои може веднаш да одговори?
Еден дел од прашањата не се прашања, туку се предлог за расправа.

ЈОВАН ТРПЕНОСКИ:
Одговор на ова прашање ќе може да се даде доколку се видат архивите во Македонија, Републичкиот секретаријат и во општинските секретаријати за внатрешни работи, бидејќи матичната служба и движењето на граѓаните, регистрацијата се врши во општин-ските органи.
Според тоа, останува обврска и на ова писмено да се одговори.
Сакав само да ве информирам во врска со Струмичкиот случај бидејќи последниве денови има неколку написи во "Нова Македонија". Републичкиот секретаријат располага со писмена документација само која што претставува процесуирање на случајот и тоа обвинението, правосилната пресуда и некои изјави само по однос на делувањето како група кои што се верифицирани со пресудата на надлежниот суд. Од нас е барано да ставиме на увид и целокупна документација. Сакам да го уверам овој Парламент дека Републичкиот секретаријат најсовесно во документацијата побара со што располагаме освен пресудите, обвинението и неколку изјави, друга документација нема. Јас со полна одговорност ова го тврдам, а може тоа да биде ставено и на увид, да се види самата вистина. И јас жалам

што не можеме нешто повеќе да дадеме. И јас сум генерација кога сеуште сум бил дете за овој настан и затоа немојте на ова раководство кое што сега е во Републичкиот секретаријат, а родени сите после 30-тата година, а некои 40-тата година со сомнеж да се гледа на нас дека нешто тоа има. Жалам и би сакал правдата и вистината да излезат на видело. Затоа ќе ставиме се на располагање кое што го имаме во Републичкиот секретаријат.

СТОЈАН АНДОВ:
Имаме еден предлог во врска со овој таканаречен Струмички случај. Јас не гледам овде некој да има намера да фрла кривица на псотојното раководство во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, меѓутоа, мислам врз основа на покренатото прашање овде ние треба да го задолжиме Републичкиот секретаријат да даде комплетна информација. Но, мислам дека ќе биде потребно да размислиме да формираме посебна пратеничка група која ќе ги испита сите живи сведоци за да би се утврдила вистината, дали е тоа политичко убиство на повеќе млади луѓе. Мислам дека ако е тоа треба да се изрече вистината на народот овде точно. Јас мислам таков заклучок треба да се донесе.

МИХАЈЛО МАНЕВСКИ - републички секретар за правосудство

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Прашањето за политичка рехабилитација на сите осудени лица за политички криминал е прашање, го разбираме како иницијатива за рехабилитација на политичките осуденици, меѓутоа, тоа прашање треба добро да се проучи заради тоа што тука се значајни аспекти. Се работи за различни видови на политички кривични дела. Почнувајќи од овие што се чинати во блиско и далечно минато, или оние кои што и денеска се чинат од сепаратистички или други позиции кои што идат кон тоа да го разбијат и територијалниот интегритет и уредувањата на СФРЈ односно СРМ. Според тоа мислам дека треба да се прави градација за тоа кој и какви осудени лица за политички криминал треба да бидат опфатени со една рехабилитација која што сигурно би била како иницијатива за донесувањето на определен закон. Тоа е во врска со првата точка. Во однос на второто прашање, убиството на петте студенти, Извршниот совет има добиено иницијатива од Партијата за чо-векови права од Струмица. Извршниот совет побара соодветни мислења од Републичкиот секретаријат за правосудство и управа и Републичкиот секретаријат за внатрешни работи да ги испитаат ваодите во врска со тој случај.Јас можам да ве известам дека пред два дена од страна на Републичкиот секретаријат за правосудство и управа е пронајден предметот во Окружниот суд во Штип под број 30/46 и сигурно со добивањето на потребните известувања кои што Секретаријатот ги побара од Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, за тој случај ќе достави соодветно мислење до Извршниот совет, така како што беше заклучено и соодветна информација или пратеничка група која што овој случај ќе го расветли.

СТОЈАН АНДОВ
Има збор пратеникот Панче Насев.

ПАНЧЕ НАСЕВ
Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Имаме прашања од разни области. Бидејќи од сите области поставуваме прашања, а прашањето што јас ќе го поставам е од егзистенционална гледна точка присутно. Наиме, сите знаеме дека банките во Македонија деновиве, уназад 10 -тина дена се блокирани и не можат да ја вршат работата за која се наменети. По тој основ многу претпријатија се доведени во ситуација да не можат да ги вршат своите елементарни работи во претпријатието и со другите стопански субјекти. Посебно се погодени извозниците, кои своите извозни зделки не можат да ги наплатат од банката, иако парите се стигнати во банката. На тој начин претпријатието се доведува во ситуација да не може од банката, бидејки е блокирана да извлече ни 5 стари динари. Од друга страна  СОК ги блокира нашите сметки за најмали суми иако нашите пари стојат во банките. Моето прашање е: Дали Извршниот совет намерава да го реши ова прашање, можеби тоа не е само во доменот на Извршниот совет, можеби е и на целиот тој парламент, и ова прашање може да се постави како едно од прашањата на дневен ред за наредната седница за решавање на овој проблем. Предлагам СОК да не ги блокира работните организации што имаат пари во банките, а не можат да им дојдат на жиро сметките.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали Извршниот совет ќе одговори на оваа седница. Добро, писмено ќе одговори за наредната седница.

Има збор Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:
Почитуван, претседателе, дами и господо. Јас на минатата седница поставив едно пратеничко прашање, а сега пред седницата добив одговор од надлежните од Извршниот совет, дека одговорот ми е испратен дома, па на наредната седница, ако имам дополнително прашање, ќе кажам дали сум или не сум задоволен. Мислам дека треба да практикуваме нешто. На седницата почнува со одговор на пратенички прашања што се поставени. Кога ќе завршат тие да се поставуваат нови пратенички прашања, затоа што прашањата не се поставуваат само за лицата што поста-вуваат прашања, веројатно има поширока општествена важност.
Како и сите други и јас би поставил едно прашање. Веројатно сите овие прашања, сакат време овој извршен совет да остане уште едно 4-5 години за да одговори на сите овие прашања, моето прашање е еден вид и барање за една од наредните седници Извршниот совет, неговите органи овој парламент да изготват една стручна студија за активата и пасивата на СРМ. Каква е активата и пасивата на СРМ во овој момент по завршни сметки?

СТОЈАН АНДОВ
Има збор пратеникот Мухамед Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ
Почитуван претседателе, дами и господо, кога збору-вавме за жртвите на едноумиемо моето прашање е следното:
Кој е автор на некои додадени реченици во биографиите на пратениците на ПДП, каде кај сите стои дека се опоменати или осудени поради наводното националистичко однесување

што не е точно и зошто тие реченици стојат и во билтенот на Собранието, кога веќе се знае дека сме конституирале повеќепартиски парламент и кога знаеме дека тие жртви на едноумието биле од бившиот фамозен сојуз на комунисти.
Значи сакам да знам кој е автор на овие редови и второ: Колку луѓе се исклучени од работа затоа што биле исклучени од СКМ и да се наведе националната припадност.

СТОЈАН АНДОВ
Има збор пратеникот Васил Зимбаков.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ
Јас сум Васил Зимбаков пратеник на СКМ ПДП од Струмица, изборна единица број 71.
Имам конкретно прашање за Извршниот совет а и парламентот би можел да се позанимава со ова прашање.
Прво, дали Извршниот совет на СРМ има сознанија дека земјоделското производство 1990 година од месец април, посебно се однесува за раноградинарските и градинарското производство, сеуште целосно не е исплатено. Што, и кои мерки согласно со позитивните законски прописи може да ги преземе за да се наплати земјоделското производство, бидејќи овие суми од месец април и јуни со оглед на инфлацијата знаеме што може да придонесат. Потоа, пролетната сеидба е на прагот. Земјоделците немаат основни средства да купат репроматеријали, најлон и така натаму. Имаат давачки према општеството. Не се во состојба да ги подмират своите давачки према општеството, бидејќи производството не е наплатено. Во прашање е егзистенција на земјоделците. Затоа пред-

лагам на Извршниот совет да прибере информации колку средства се тие, ако е можно тоа да се направи и конкретно на ова прашање да ни одговори и да отвориме расправа на една од идните седници.

СТОЈАН АНДОВ
Има збор Славјанка Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА
Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Најпрво да се претставам. Јас сум Стојанова Славјанка, пратеник од СКМ ПДП. Моето пратеничко прашање се однесува на состојбите во земјоделието. Поточно ќе кажам за моја општина Свети Николе, која е во целост земјоделски крај и оваа година претрпе катастрофални од сушата кои се движат во висина од околу 500 илјади милијаради стари динари. Лошите состојби во земјоделството предизвикаа скоро целосно блокирање на животните текови и животот на општината, како во образованието, здравството, културата, физичката култура и слично.
Иако, уредно беше доставен извештај до Извршниот совет на Републиката за целокупните штети многу малку средства беа одобрени од средствата за елементарни непогоди и тоа во висина од околу 1,6% од целокупните штети, што сигурно не е случај само со нашата општина, тоа е сигурно и кај другите општини. Моето прашање, конкретно е следното: Не што е до сега преземено, тоа го знаеме, туку дали има можности да се преиспита и во денешните услови кога сеуште се осеќаат последиците од елементарните непогоди од сушата и ќе се осеќаат се до новата жетва, дали има можноста за доделување на средства од Републички извори за санирање на последиците од сушата во земјоделството

Другото прашање е во врска  со информаторот што сега го добивме. Кој го изготвуваше и зошто на сите пратеници не е наведена националната припадност. Зошто само кај поедини пратеници, од поедини партии има национална припадност.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор Богдан Тодоровски.

БОГДАН ТОДОРОВСКИ
Почитуван, претседателе, почитувани пратеници.
Прво, во врска со прашањето на пратеникот Зимбаков од Струмица.
Сите количини кои се договорени, преземени и каде што настапуваат организациите од резерви се исплатени. Можеби, има количини кои со меѓусебните деловни односи помеѓу земјоделските задруги индивидуални коперанти, каде што сеуште немаме и не можеме да имаме редовно пратење, тоа се поединечни случаи, за одредени земјоделски производи, кои меѓусебе се пребиваат со друга стока, со такви договори каде што се дава одредени земјоделски производи, се добива брашно, зејтин, шекер и така натаму, кои траат подолго време. Мислам дека пратеникот треба да причека подетално на подрачјето на Струмица да ја испитаме и дадеме писмен одговор, како и за другите прашања„
Во врска со второто прашање, поставено од пратеникот од Свети Николе, точно е тоа дека СР Македонија беше зафатена во минатата година со најголемата суша во последните 100 години. Не само последната година ова не, следи последните 4-5 години. Штетните настани како последица од сушата се катастрофални, изнесуваат директни штети 3,7 милијарди конвертабилни динари.

Тоа се директни штети, а ако ги вклучиме и индиректните, ја надминува бројката од 4 милијарди конвертабилни динари.
Сите средства, кои се ангажирани, кои ги прибираме како Република во Фондот за солидарност од солидарната дневница ни се на располагање, и врз база на усталената методологија е која со сојузен закон, извршивме проценка на настанатите штети и тие средства ги пуштивме во општините кои се носители на проценката на штетите и тие вршат распределба на намените на тие средства.
Точно е тоа дека Свети Николе не е задоволено, и со право, бидејќи се огромни површини, меѓутоа висината по таа методологија ја определува структурата на земјоделското производство, изразена во динарски износ. Затоа кај одредени општини тој износ е поголем, можеби и исти површини или помали површини, дали се градинарски култури, изгубен доход, или се стрвни култури, или пак се овошни или лозови насади.
Имајќи ја во предвид целокупната состојба во врска со овие настанати последици од сушата ние подготвуваме иницијатива за севкупна солидарност, на целокупното стопанство во Републикава за издвојување на средства и донесување закон за таа намена за надминување на тешкотиите во агрокомплексот, односно во примарното земјоделско производство во Републиката. Најверојатно е од наредните седници, таа иницијатива, ќе ви биде овде доставена на разгледување и ќе имате прилика да се изјасните во врска со оваа материја, бидејќи знаеме дека последиците од сушата се катастрофални. Друго, ние се ангажиравме, бидејќи сушата не е во елементарни непогоди. Покренавме иницијатива како Извршен совет

и Собранието во поранешниот состав да се покрене иницијатива и сушата да се вгради во елементарна непогода, во меѓурепубличкиот договор во сојузното собрание. Нажалост оваа наша иницијатива не помина, само останаа земјотреси и поплави и понатаму како елементарни непогоди, бидејќи секоја година е сушата, иако оваа година беа погодени скоро сите републики во Југославија.

СТОЈАН АНДОВ

Дали пратениците што ги псотавија овие прашак>а се задоволни од одговорот или имаат дополнителни прашаша. Нема приговор. Никој не бара збор. Што се однесува до билтенот што ни е поделен, ние прв пат го гледаме, очигледно го изготвила Службата за информирање на Собранието на СРМ, но сега гледам дека има многу невоедначени податоци за личностите и дека кај некои личности има небитни прашања за нивната работа во Собранието, што се тука наведени а кај некои изостануваат и битните. Предлагам и сугерирам на Службата овој билтен да се повлече и да се изготви добар, кој ќе ни послужи овде. Добро е што има фотографии да можеме еден со друг брзо да се препознаеме, со имиња со основни податоци, но тоа да биде во функција на работата која овде ја вршат пратениците.
Дали се согласуваме така? (се согласуваат). Дали има уште прашања? (Нема).

ЉУБОСАВ ИВАНОВСКИ:
Јас го почитувам вашето мислење бидејќи еден ипол час расправаме по точката Прашања и предлози. По се изгледа ние нашиот Деловник треба детално да го разработиме, а исто така да се научиме и на овие дискусии, бидејќи ние излегуваме од некои рамки кои што се воопшто признати во парламентарните системи во светот. Во тој правец јас ќе бидам краток во врска со ова прашање.
Моето прашање беше, што ќе преземе Извршниот совет во врска со некоректното однесување на Љубљанска банка - Љубљана, а исто така и нејзината филијала спрема граѓаните од СРМ, во однос на штедните влогови, затоа што таа банка нашите граѓани ги третираше како граѓани од втор ред. На втората страна од прашањето, очигледно е дека моето прашање било поставено правилно и на време, бидејќи Љубљанска банка во ниедна точка односно така да кажам непочитува ни еден закон од девизното работење што е донесен во СФРЈ, а кои закони се наброени и објавени во пет службени листови. Јасно се констатира дека во СРМ Љубљанска банка не ги исплатува штедните влогови и не ги става на располагање на граѓаните кои што штедат, не им обезбедува ни чекови како што тоа го прават други банки. Дури не дозволува ни префрлување на штедни влогови од таа банка во други банки.
Сите констатации понатаму се во прилог на тоа што јас го поставив, меѓутоа многу малку е одговорено што ќе преземе банката за тоа да не се повторува или да бидат обештетени граѓаните. Речено е само дека Извршниот совет и Народната банка извршиле интервенција кај Љубљанска банка во Љубљана за почитување на законот и прописите.

Бидејќи овој Извршен совет му поставивме многу задачи, а веројатно ние наскоро ќе избереме нов Извршен совет, јас не би барал расправа по ова прашање, би предложил новиот Извршен совет што ќе го избереме, што побргу да се позанимава со ова прашање во правец на примена на принуда, дури и во правец на филијалата на оваа банка за нејзино вклучување во банкарскиот систем на СР Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:
Оваа сугестија треба да ја прифатиме.
На пратеникот Митко Анастасовски му е даден писмен одговор на неговото поставено прашање на минатата седница, па го молам дали сака да го прокоментира одговорот.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Се обраќам до господата од Извршниот совет.
Јас го добив одговорот но од него не сум задоволен. Тука е дадено глобално за цела Македонија, кои како се движат, кои како си одат, колку станови има и т.н. Меѓутоа, јас барав директно да ми се одговори за ситуацијата во Тетово, зошто се отселија луѓето и на кого се дадени становите.

СТОЈАН АНДОВ:
Ако во одговорот не достига ова бараше, треба тоа да се задоволи, а ако е тоа содржано во поширокиот одговор, мислам дека е добро.

ИВАН МИТРОВСКИ:
Другарки и другари, господа пратеници.
Јас сум Иван Митровски, секретар на Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, угостителство, ту-

ризам, пазар и цени. Во последно време ја водам и Комисијата за иселенички прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ.
Делегатското прашање на пратеникот Митко Анастасовски побудува интерес не само во Комисијата, туку и во целата јавност и нашиот интерес не е само за иселеничките прашања на одделни градови, туку вкупно во целата Република. Тоа што можевме да имаме податоци во Комисијата односно Извршниот совет и посебно за градот Тетово, во Информацијата е дадено. Дополнително ќе се потрудиме службено да добиеме на кого лично се давани слободните станови. Само да искажам дека се давни по критериуми од 1984 година, онака како по општините, односно во информацијата е дадено по одделни организации, тие да ги даваат на времено користење, односно до рокот кога има потреба на нови доселеници да им се ослободат тие станови. Во основа понатаму може да се постави прашање, раздробено на повеќе и тоа: дали и понатаму треба на барање од Здружението тие станови да се даваат на членови од семејството на доселениците, бидејќи во низ години тие израснуваат, семејството се проширува и има потреба како и сите граѓани во Републиката да го решаваат станбеното прашање и второ, дали одделни надлежности на одделни општински и републички органи да се пренесат на одделни организации, како што е организацијата на Здружението во Тетово, да ги дели слободните станови. Ке го испитаме понатаму тоа прашање и за тие што се иселиле, мотивот за иселување и на овие прашања додатно би се одговорило.

СТОЈАН АНДОВ:
Пратеникот Фаик Абди доби одговор на прашањето што го постави на минатата седница во писмена форма.

Дали другарот Фаик има коментар на одговорот, или има додатно барање.

ФАИК АБДИ:
Јас поставив прашање кое е од огромен интерес за Републиката и мислев дека одговорот денеска ќе биде прочитан овде, па и од ова место јавно да кажам дали сум задоволен или не сум. Мислам дека не треба да се практикува одговори да се праќаат дома или сега како што мене ми се достави пред седницата одговорот и ми се рече еве ви го одговорот, прочитајте го и вратете го, и ако не сум задоволен да поставам дополнително прашање. Јас би молел во иднина такви работи да не се случуваат. Ако е вака договор, да се практикува да не се даде одговор на поставените прашања, да се праќаат одговорите дома и така да се затајува прашањето, во ред, меѓутоа мислам дека не е тоа исправно. Јас мислам одговорот треба да се прочита, па да се види, а јас немав време да го прочитам, бидејќи сега на седницата јас ги слушав луѓето кои поставуваа прашања, и сега да кажам дали сум задоволен или не.

СТОЈАН АНДОВ:
Вие знаете како сме се договориле. Рековме дека предлагачот на било која материја. А во овој случај одговор на прашање, го утврдува и степенот на доверливоста врз основа на законските прописи и така постапил Извршниот совет. Нека објаснат ако имаат неко е додатно објаснување овде, бидејќи очигледно се работи за карактерот на информирање, а не за суштината на одговорот има приговор од пратеникот.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Одделни одговори имаат какрактер на одреден степен на доверливост, заради тоа што се работи за комуникации со странски земји кои можат натаму да продолжат ако се почитуваат меѓународните и билатералните права. Според тоа, во случајов се работи за информација од таков карактер.
Ние му стоиме на располагање на господин Абди да му понудиме целосна информација за сите податоци затоа што сметаме дека нема податок од таа област која тој како пратеник не би можел да ја има на располагање. Според тоа не мора да се брза, нека го со внимание проучи одговорот, ние сме спремни и на наредната седница ако тој каже дека не е задоволен со одговорот да го надополниме одговорот.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој друг бара збор?

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Јас сакам да дадам еден предлог до Извршниот совет. Сите станови што се одземени од оние кои треба да се населат што доаѓаат од странство, се одземени по некоја правна одлука, да се испразнат во рок од два - три месеци и да останат за таа намена, затоа што во меѓувреме може ќе се подобри ситуацијата кај нас и Македонци ќе треба да се населат, наши луѓе, било од каде.
СТОЈАН АНДОВ:

Овде е дадена сугестија, веројатно како прашање, да го испита Извршниот совет дали е тоа можно.

Дали некој од пратениците кои минатиот пат поставија прашање не добиле одговор сака да се јави за збор. Дали во меѓувреме е изготвен одговор на прашањето што го постави Зоран Крстевски.

ТОМИСЛАВ СТЕФОВСКИ:
Ке дадеме одговор на наредна седница.

ТОДОР ПЕТРОВ:
Јас имам едно процедурално прашање.
Сакам да го предупредам претседателот кога поставува некое прашање да ја врти главата лево и десно. Не може вака да бидеме игнорирани кога пола час еве јас на пример кревам рака, а тој не ме гледа. Такво однесување овој Парламент не дозволува. Второ, ги прашуваше сите пратеници дали се задоволни со дадените одговори на прашањата што ги поставиле овде. Мене не ме праша. Па што сум јас овде.
Сакам да кажам дека на поставените прашања од моја страна не сум задоволен и на оние одговори кои што беа дадени од страна на републичкиот секретар за внатрешни работи, бидејќи беа дадени одговори само на две прашања, а на останатите воопшто не беше даден одговор. Тоа треба да се констатира дека писмено ќе биде даден одговор на наредната седница, а не едноставно другиот ден да ми каже ти не си поставил дополнително прашање и така прашањето си појде.
Јас го задржувам правото на писмен одговор на сите овие поставени прашања, на наредна седница и правото да се отвори парламентарна расправа. А би му сугерирал уште еднаш на претседателот парламентарно да се однесува спрема сите пратеници рамноправно.

СТОЈАН АНДОВ:
Благодарам на оваа опомена. Особено парламентарно треба да се однесуваме сите. Сите сме во Парламентот. Инаку на прашањето на господин Петров не беше овде одговорено, туку беше речено дека треба да се подготви цела студија и господин Петров не побара збор. Јас се свртев токму кон него и добро видов. Затоа реков дали претставниците на Извршниот совет во овој момент, на оваа седница можат да идентифицираат било кое прашање на кое можат денес да одговорат и такво прашање не истакнаа прет-ставниците и не рекоа дека одговараат, туку зборуваа за атмосферата во која се поставуваат овие прашања, тоа е еден краток политички осврт и непотребен во овој момент. Тоа треба да се даде кога ќе се даде одговорот. Според тоа, немаше одговор на неговите прашања, па затоа немаше потреба да го прашам дали е задоволен. Кога ќе добие одговор на поставените прашаша, тогаш ќе прашам дали е задоволен со одговорот или не.
Можеби некогаш не добро го запазувам редот, затоа ние треба вградиме електронски уреди како би можел да видам како по ред се јавуваат пратениците. Инаку сега може да ми се случи и да прозивам некого кој се јавил подоцна, односно да прескочам некој што пред него се јавил. Во таа смисла сигурно приговорот стои.
Завршуваме со прашања на пратениците. Пред да минеме на утврдување односно расправа по дневниот ред, сакам да се осврнам на едно прашање. Се работи за следното.
Во последно време во јавните гласила, но и од поедини општини и нивни органи и од граѓани се покренува прашањето за материјалните и други проблеми со кои се судира здравството во нашата Република, снабдувањето и потрошувачката со лекови и нивното влијание

на можностите за користење на здравствената заштита на граѓаните. Заради објективно информирање, но и заради побрзо решавање на некои проблеми од таа област од животно значење, посебно кај некој вид на болни, потребно е Извршниот совет и за ова прашање да подготви информација во која ќе се изнесат причините за овие проблеми и мерките што се превземаат и што треба да бидат преземени за нивно решавање. Предлагам таква информација да биде доставена што поскоро.ЈОВАН НИКОЛОВ:

Почитувани пратеници,

Мислам дека во овој момент не е во прашање само здравството и воопшто општествените дејности. Мислам дека и по предлог и барање на Сојузот на синдикатите на Македонија што го имаме овде, треба ова Собрание да расправа воопшто за состојбите во стопанството и општествените дејности. Јас сум здравствен работник но знам дека општествените дејности се во оваа состојба заради тоа што стопанството е во оваа состојба. Тие два дела не можат да се делат. Тие се едно исто. И ако ние не ги решаваме проблемите во стопанството, сигурно не можеме да го решиме и проблемот на општествените дејности. Инаку, состојбите какви се во здравството и во другите дејности, ние ги знаеме. Дојдени сме во состојба кога болниците не можат да обезбедат ни храна. Затоа предлагам Извршниот совет да го задолжиме и тоа најскоро, на наредната седница, а да го задоволиме и барањето на Сојузот на синдикатите да имаме една информација за тоа какви се состојбите во стопанството, во општествените дејности, да најавиме една јавна расправа и врз таа јавна расправа, дали овој Извршен совет или новата влада што ќе се донесе под итно да презема мерки за разрешување на овие состојби. Поединечно ако одиме да го решаваме само проблемот на здравството без да ги зафатиме овие други, нема да дојдеме до соодветно решение.

ЈАНКО ОБОЧКИ:
Почитуванм претседатели. Почитувани пратеници, состојбата во здарвството сите ја чувствувате, за која Извршниот совет на Собранието на СРМ во посебно време доста расправаше. Се работи за следното:
Рефлекситe во стопанството се присутни и во нестопанската свера, што по логиката на законите и прописите и по логиката на утврдената методологија за изнаоѓање и воспоставување на меѓу односи се создадени и такви односи во нашата земја.
Прашањето на здравството е малку специфично и од една друга причина, а тоа е дека во рамките на општествените дејности здравството има специфики кои малку се разликуваат од другите дејности. Во рамките на тоа се јавуваат поизострени односи во областа на здравството.
Согледувајќи ги состојбите и положбата во првите 20 дена од оваа година, односно овој месец, Извршниот совет на Собранието на СРМ на вчерашната седница утврди мерки и активности за надминувањето на дел од состојбите кои се присутни во здравството. Меѓутоа системските измени во областа на здравството ќе треба да се решаваат подолгорочно и врз основа на решенијата што се предвидени во новиот Предлог на закон за здравствена заштита, кој вчера исто така Извршниот совет го утврди и го достави на Собранието за негова натамошна постапка.
Ја прифаќам иницијативата за изготвување на информација. Меѓутоа, претходно сакам да ве известам за следното.
Во областа на здравството тешкотиите се во делот на материјалните трошоци, бидејќи здравството во својата работа

60 до 70% користи материјални трошоци чии инпути во цената на чинењето на здравствените услуги имаат големо влијание. Врз основа на ограничената потрошувачка која како политика ја определуваме секоја година имаме расчекор во тие трошоци.
Второ, во делот на лековите, анализирајќи ги состојбите во последните неколку дена, Извршниот совет оцени дека не достига дел на витално значајни делови на аптекарската мрежа и по тој основ утврди предлог на конркетни мерки.
Како прва непосредна интервенција овозможи од приходите со кои Републиката  во моментот располага, 12,5 мили-они динари како прва непосредна мерка за да може да се снабди пазарот со лекови, и во тој дел да не се предизвикуваат недостатоци и проблеми кои ги чувствуваат нашите граѓани.
Според тоа, долгорочни се состојбите и проблемите во здравството. Се согласувам дека треба комплексно да се согледуваат состојбите во општествените дејности, меѓутоа, и во тие рамки здравството има свои специфики, со кои треба сигурно да се позабави овој Парламент, но има една вистина која треба да се има предвид при донесувањето на било кои системски решенија во здравството, а тоа е дека овој систем на организација и формирањето  на здравствената дејност којашто се формирала во други услови на договорно стопанство, тешко ќе може Републикава да го издржи.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:
Во однос на поставувањето на прашања, прво треба да имаме предвид дека ние пратениците немаме само една седница односно не е последна седница.
Мандатот трае 4 години, треба

да имаме предвид како да го распоредиме времето што го имаме.
Второ, ова Собрание е еднодомно, но не е еден орган во Републиката кој треба да ги разреши сите прашања. Оние што ги предизвикале проблемите во здравството и во другите дејнсоти да дадат извештај, а ние потоа да ги решаваме последиците, а не ние директно да интервенираме на последиците, а не знаеме ни кој довел до тоа. Сите во името на здравството, во име на она или на ова зборуваме. Заради рационалност сметам дека прво до здравството треба да се јават и да кажат зошто настанале овие проблеми, а не ние на почетокот од мандатот да ги разрешуваме. Прво да дадат информација оние што се непсоредно задолжени во здравстовот и во другите органи и иако Собранието е еднодомен орган, не е единствен орган што треба да функционира.

СТОЈАН АНДОВ:
Останувaме на тоа дека Извршниот совет ќе изготви информација која ќе ја разгледаме овде и очекувам дека Извршниот своет во нормална постапка ќе ги консултира сите здравствеи инситутции.
Предлагам да преминеме на утврдување на дневниот ред.
За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Извор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

2.Предлог на декларација на сувереност на Социјалистичка Република Македонија;

3. Предолго на платформа на Социјалистичка Република Македонија за идното уредување на Југославија,
4. Предлог на одлука за образување на постојани работни тела на Собранието на социјалистичка Република Македонија,
5. Предлог на одлука за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција,
6. Избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото,
7. Оценки и ставови на сојузниот извршен совет за состојбата во земјата и мерките за нејзино надминување;
8. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за гаранција на Федерацијата за обврзниците издадени во 1990 година заради санација на банките (АС број 1287),
9. Нацрт на закон за продолжување на важењето на дел од Општествениот план на Југосалвија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите од Законот со кој се утврдуваат средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини,
10. Нацрт на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките народните банки на автономните покраини.

Овде имаме два предлоза за дополнување на дневниот ред.
Едниот предлог е од Извршниот совет на Собанието на СРМ - Информација за состојбите во Тетово околу конституирањето на новото повеќепартиско Собрание. Тоа е пошироко дадено, меѓутоа, овде во расправата беше инсистирано состојбата во Тетово да се разгледа посебно.
Другиот предлог е евентуално заклучвуање по излагањето на д-р Саво Климовски, министер за образование, култура и физичка култура во врска со актуелните проблеми во зачувувањето на интегритетот на музејските простории на АСНОМ во Манастирот "Прохор Пчински?
Исто така, воде во претходната расправа околу прате-ничките прашања беше евидентиран уште еден проблем. Колку јас што сватив еден од пратениците бараше токму денес да се расправа и за проблемите на снабдувањето со вода на Прилеп и Крушево. Ако добро го сватив пратеникот предлагам и тоа прашање да влезе како посебна точка на дневниот ред.Предлагам, овие точки, доколку се согласиме со нив да ги ставиме после точката 6 од дневниот ред, а точката 7 да биде после сите нив, а натаму да следуваат точките како што се предложени.
Дали има забелешки на предложениот дневен ред?

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:
Во врска со предлогот по точка 11, што се однесува до Информацијата на Извршниот совет на Собранието на СРМ

во врска со конституирањето на општинтие во Републиката, предлагам оваа точка да се формулира подобро и имам предлог да гласи - Проблеми околу конституирањето на собранијата на општините во Републиката, бидејќи такви проблеми и пропусти како што се наведува тука има и во другите општини. Конркетно во општината Струга и Градот Скопје. Затоа предлагам формулацијата на оваа точка да биде ваква, бидејќи сметаме Извршниот совет има еднострани тенденциозни тези, па сите проблеми тука да се изнесуваат.

СТОЈАН АНДОВ:
Информацијата што ја дава Извршниот совет и предлага да се стави на дневен ред гласи: "Информација во врска со конституирањето на собранијата на општинтие во Републиката".

БЛАГОЈ ХАБЏИСКИ:
Господин претседателе, дами и господа, другарки и другари, почитувани гости,
Денес е сосема евидентно дека може да дојде до скрнавење на едно од најголемите светилишта на македонскиот народ и неговата државност, чин без преседан во поновата историја на европските народи и држави. Јасно е дека дигнитетот на македонскиот народ е повреден и оттука сметам дека би била неопростлива грешка ако овој Парламент денес не расправа за проблематиката. Затоа, сметам дека постои општа согласност проблематиката да се стави на дневен ред. Меѓутоа јасно е дека круна на целокупната работа на овој Парламент треба да

бидат актите кои ќе резултираат од таа нејзина работа од највисоките, како што се Декларацијата или денешната Платформа, па до Уставот и некои најблиски, како што се Законот за патарина, за пашарина итн...
Според тоа, сметам дека точката треба точно да се формулира и според нејзината тежина треба да дојде како точка од дневниот ред, а тоа значи веднаш зад Платформата и од прилика треба да гласи - непретендирам дека текстот на точката е најдобро смислен како што ќе го кажам, меѓутоа од прилика треба да гласи - донесување на акт за обраќање на Собранието на СРМ до Собранието на СР Србија. Ние денес ќе дискутираме, верувам дека ќе има голема доза на резигнација, ќе дадеме добри сугестии и предлози, меѓутоа, сите наши сугестии треба да легнат на еден наш почетен текст кој ќе излезе од расправата по таа точка.
Затоа, предлагам веднаш по утврдувањето на дневниот ред да формираме една работна група, која ќе изготви нацрт на текстот на тоа обраќање, а таа работна група може да работи додека се пребројуваат гласовите по првата точка од дневниот ред - Изборот на потпретседатели на Собранието на СРМ.
СТОЈАН АНДОВ:
Дали некој друг бара збор по овие точки?
ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ:
Колеги пратеници, изгледа пропуштивме дека имаме обврска слична точка, веднаш после ова што Благој Ханџиски изнесуваше, да се произнесеме во врска со договорот и разговорот

на претседателите на владите на Бугарија и Грција. Техниката како да се направи тоа - ние имавме и од Извршниот совет и од Претседателството на Република Македонија, меѓутоа, сметам дека има потреба и од произнесување на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:
Ако нема други предлози, да одиме на формулирање на дневниот ред.
Предлагам да го прифатиме овој предлог што го даде г-динот Благој Ханџиски после точката 4 да дојде оваа точка - Информација за најновите состојби во врска со актуелните проблеми во зачувувањето на интегритетот на музејските простории на АСНОМ во Манастирот "Прохор Пчински", бидејќи по износот не отстапува на оваа проблематика и Информацијата за состојбите во врска со концентрирањето на собранијата на општините во Републиката како точка 6 и како точка 7 да биде "Состојбите во водоснабдувањето во градовите Прилеп и Крушево.
Инаку, за такви важни прашања, како што е прашањето што го покрена пратеникот Тодор Гајдарџиски, подобро е да имаме иницијативи од Извршниот совет за да знаеме кој документ ќе го формулираме и како, евентуално и подоцна околу евентуално заклучување во врска со состаноците на господата Попов и Мицотакис. Ние треба да го разгледаме тоа прашање, се согласувам, меѓутоа, Извршниот совет треба да ни подготви нешто за да расправаме за тоа прашање и да заклучуваме.
Не оди за тоа прашање да расправаме врз основа на емоции, туку врз основа на здрави подготовки.
Ако се согласувате, ако мислите дека мораме денес да расправаме, тогаш денес да го ставиме на дневен ред,

а да ги задолжиме, доколку можат органите на Извршниот совет, да помогнат да се подготви нешто.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:
Веднаш по одржувањето на оваа средба Извршниот совет расрпаваше врз основа на информациите до кои дојде преку својот начин на прибирање на податоци. Бидејќи изминаа два-три дена, невообичаано  за ваков настан да биде реагирано од над-лежните сојузни органи, Извршниот совет на своја седница го постави ова прашање, го проучи повторно врз основа на сопстве-нтие информации за состојбите и разговорите и со соодветно обраќање ги ивзести, како што е вообичаено во вакви ситуации и вакво однесување на сојузниот орган своите ставови, за што можеме и писмено да Ве информираме со прилог на нашето обраќање. Потоа уследија реагирањата на Сојузнќот секретаријат за надворешни работи и тоа со давање на соопштение и второ, беа повиани министрите на овие земји и им беше врачен соодветен акт на протест.
Завчера добивме и писмено известување по наше барање од страна на Сојузниот извршен совет, од сојузниот секретаријат за надворешни работи за информациите и состојбите околу оваа средба и за преземените активности на сојузните органи.
Истото прашање го поставивме на најенергичен начин и на средбата со претседателот  г-дин Анте Марковиќ и како Извршен совет го изразивме незадоволството и спороста на начинот на реагирањето по ова прашање, бидејќи сметаме дека не се работи за вообичаен дипломатски истап, туку се работи за

сериозно прашање, со кое се загрозени виталните интереси на СР Македонија и дека постои голема спорост и несоодветност на реагирањето на СИС и на Претседателството на СФРЈ.
Бидејќи располагаме со информациите за оваа средба, добиени преку вообичениот начин на информирање, би замолил за сиот овој комплекс на односи да расправаме на наредната седница, ако бидеме во можност во недела или на првата наредна потоа, за да Ве информирам е во еден континуитет со Информацијата, за континуираноста на овие односи меѓу овие две земји и за контекстот на оваа средба, односно во кој контекст е одржана оваа средба, за што сметам дека Собранието треба по продлабочено  да ги проучи сите овие прашања и посеопфатно да реагира на оваа состојба.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Дали можеме вака да се договориме? (Може)
Дали има уште некој предлог за измена или дополнување на дневниот ред? (Нема).
Според тоа го утврдивме следниот дневен ред:
1. Избор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
2. Предлог на декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија,
3. Предлог на платформа на Социјалистичка Република Македонија за идното уредување на Југославија,
4. Предлог на одлука за образување на постојани работни тела на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
5. Информација за актуелните состојби во Меморијалниот музеј на Првото заседание на АСНОМ во Манастирот "Прохор Пчински",
Информација во врска со конституирањето на собранијата на општините во Републиката,
7. Состојба во водоснабдувањето на градовите Прилеп и Крушево,
8. Предлог на одлука за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција,
9. Избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото,
10. Оценки и ставови на Сојузниот извршен совет за состојбата во земјата и мерките за нејзино надминување,

11. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот
за гаранција на Федерацијата за обврзниците издадени во 1990 година заради санација на банките (АС бр.1287),
12. Нацрт на закон за продолжување на важењето на дел од Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите од Законот со кој се утврдуваат средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (АС број 1291),
13. Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот
за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (АС бр.1297).
Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).
Дали се усвојува предложениот дневен ред? (Се усвојува). Констатирам дека дневниот ред за оваа седница е усвоен.
(Предлагам пауза од 30 минути) (Паузата траеше од 12,10 до 12,45 часот).
(По паузата).
Продолжуваме со работа.
Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Избор на потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.
Согласно одредбите од Привремениот деловник на Собранието, бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог на претседателот на Собранието.

Со оглед на надлежностите и задачите на Собранието утврдени со Уставот, предлагам Собранието да има четири потпретседатели.
Всушност досега имаше тројца потпретседатели на Собранието, но имаше три собори со претседатели и потпретседатели. Сега останувaат истите области што ги покриваат тие т.е. политички систем, општествени дејности и стопански систем, а сега имаме една комплицирана област конктакти и координација внатре меѓу пратеничките групи и поедини други прашања од сличен карактер. За таа област да не биде стално задол-жение на претседателот, туку да имаме еден потпретседател кој ќе биде задолжен за тоа.
Оттаму предлагаме Собранието да има четири потпретседатели. Отворам претрес по овој предлог. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.
Мислам, кој е за предлогот да се изберат четири потпретседатели  на Собранието молам, да крене рака.(Пратениците креваат рака) Дали има некој против? (двајца) Дали некој се воздржува од гласање? (тројца) . Констатирам дека за предлогот да се изберат четри потпретседатели на Собранието гласале мнозинството пратеници, против гласале двајца, а од гласањето се воздржале 3 пратеници. Според овие резултати од гласањето констатирам дека е усвоен предлогот да се изберат четири потпретседатели на Собранието.
Според Привремениот деловник на Собранието, одредбите што се однесуваат на изборот на претседателот на Собранието се применуваат и на изборот на потпретседателите на Собранието.

Според тоа кандидати за потпретседатели на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата.
Исто така, кандидати за потпретседатели можат да предложат и најмалку 20 пратеници.
Како што знаете ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.
Комисијата за прашања на изборите и именувањата има предлог на кандидати за потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи нема други предлози го молам претседателот на Комисијата да го образложи предлогот.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:
Согласно членовите 22 и 28 од Привремениот деловник на Собранието на СРМ, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ поднесува предлог за кандидати за потпретседатели на Собранието на СРМ.
За потпретседатели на Собранието на СРМ, Комисијата ги предлага кандидатите.
Драги Арсов,
Џеладин Мурати,
Тито Петковски и
Киро Поповски.
Во однос на ова образложение не е неопходно потребно немавме дадено образложение на претседателот на Собранието бидејќи се избираат од редот на пратениците, доволно се познаваме меѓу себе, па не е потребно посебно образложение.

СТОЈАН АНДОВ:
Отворам претрес по Предлогот на кандидати за потпретседатели на Собранието.
Молам, кој бара збор?

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:
Најпрвин сакам да ја искористам можноста да предложам процедура околу изборот со тајно гласање, и сакам прво кратко да образложам, а потоа ќе направам осврт заради она за што излегов. Мислам дека неможноста во оваа фаза во партиите демократски да се донесуваат ставови, барем тоа е мој личен став, директно се одразува во работата на парламентот, па тврд партиски став, овде се демонстрира со тврда партиска дисциплина.
Во ситуација кога во посебни околности сакаме да ја конституираме власта во Македонија и кога на таков начин работиме во Парламентот што и граѓаните сами најдоа начин да вршат притосок врз она што ние им го понудуваме, а нормално незадоволни од начинот како работиме се појави нова опасност, па загриженоста на граѓаните е да се искористи како покритие по секоја цена секој да може во Парламентот да пројде и зафати место во хиерархијата, во водењето на државата - Македонија. Ете од тие причини сметам дека треба да се даде можност со тајно гласање барем минимум демократски услови нешто овде во Парламентот барем како верификација како квалитет да стои зад она што ќе го дадеме во јавноста дека сме конституирале органи на власта.
Сигурно тоа до крај не ги задоволува демократските потреби, барем оние што ги имаат како чуство и размислување изградено денеска во Парламентот, меѓутоа, барем минимум да дадеме можност дека сме пробале демократски да работиме. Инаку, како што забележавте бев против бројот на потпретседателите да биде 4, не би се навраќал на тоа само да констатирам уште еднаш сметам дека се покажуваат сериозни симптоми и во врска со тоа

а и во врска со начинот на кој се форсира изборот на претставниците на власта се покажуваат симптоми на едно опортунистичко дејствување, па ќе кажам под притисок на висок интерес или некоја опасност или заради загриженоста на граѓаните да конституираме било каква власт. Бидејќи денеска можеби тие места се важни, но не толку битни за Македонија, јас би сакал да осуетам една можност минатиот пат разочарани ја напуштивме седницата заради тоа што не избравме претседател а мислам дека може да ни се случи денеска и во недела да ја напуштаме разочарани заради изборот што ќе го направиме. Па, би сакал да го замолам господинот претседател на Собранието, имам право на тоа затоа инсистирам на одговор да ни објасни на нас пратениците денеска под која цена и каков договор и каков тек на договарање бил правен партиски за да може денеска и за да мора ние практично денеска тоа да го потврдиме. И македонската јавност има право тоа да го слушне. Посебно сакам да слушнам одговор во однос на тоа дали постои некој поцврст договор во однос на ПДП и НДП, која е цената во конституирањето на македонската власт која е платена заради притисокот под кој сме да конституираме до крај власт.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:
Во однос на предлозите сметам дека претходниот дискутант треба прво да се ограничи на лични ставови и мислења. Друго, укажувам дека погрешно ја интерпретира јавноста. Точно е јавноста имаше префрлено дека неусогласени излегуваме со предлози за одредени работни места. Во случајот,бидејќи имаме конкретен усогласен предлог сега произлегува дека сме усогласени па сега не чиниме за јавноста, па да си го ограничува лично својот став да не се манипулира во името на народот,сепак е тоа апстрактно.

Во таа смисла сметам дека во случајот е усогласено, ние бевме должни да се усогласиме, се усогласивме, меѓу себе се знаеме добро како пратеници, ги избираме од нашата средина и сметаме дека предлогот е прифатлив.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:
Не се работи за манипулирање со лични ставови напротив зборував за нешто сосема објективно и зборував за опасноста во име на загриженоста на македонската јавност да се протураат не само тесно-партиски интереси кои нема глобално да одговараат на македонските интереси, туку напротив дури и лични, дури би рекол према она што е веќе познато во предлозите што ќе следат за во недела има предлози што се далеку од разумни во конституирањето на така важни органи.
Па, сакам само превентивно да осуетам да победи разумот во овој период од денеска до недела да се поправи ситуацијата пред јавноста да не се излегува со такви предлози, какви што се подготвуваат за во недела.
Засега ќе се ограничам на тоа со тоа што сметам дека господинот Крстевски манипулира со поими, а како правник треба да знае поконкретно што тие значат кога ги употребува.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој бара збор?
Инаку прашањето што ми беше упатено веќе има дадено одговор по тоа прашање во соопштението кое беше издадено за договорот кој беше постигнат, немам ништо да додадам.
Дали уште некој бара збор? (Никој)
Штом никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Според одредбите од Привремениот деловник за потпретседатели на Собранието се избрани кандидатите кои добиле мнозинство гласови од сите пратеници, тоа е таканаречено надполовично мнозинство.
Потпретседателите на Собранието се избираат со јавно гласање. Изборот може да биде со тајно гласање ако така се одлучи на седницата.
Овде имаме предлог за тајно гласање кој го давам на гласање. Треба да гласаме дали сме за тајно гласање со кревање на рака.
Кој е за, молам да крене рака? (23)
Кој е против тајно гласање? (82)
Кој е воздржан? (3)
Според тоа, Собранието одлучи гласањето за потпретседатели да се изврши со јавно гласање, а не со тајно. Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.
Преминуваме на гласање.
Кој е за Предлогот пратеникот Драги Арсов да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалнстичка Република Македонија. Молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)
Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува од гласање? (1).
Констатирам дека за предлогот пратеникот Драги Арсов да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија гласале мнозинството пратеници, против предлогот гласале 1, а од гласањето се воздржал 1 пратеник.

Врз основа на овие резултати од гласањето објавувам дека Драги Арсов е избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи доби мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.
Молам, кој е за предлогот Џеладин Мурати, да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија молам да крене рака? (пратениците креваат рака)
Дали има некој против? (2)
Дали некој се воздржува од гласање? (5)
Констатирам дека за предлогот пратеникот Џеладин Мурати да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија гласало мнозинството пратеници, против предлогот гласање двајца а од гласањето се воздржале 5 пратеници.
Врз основа на овие резултати од гласањето објавувам дека Џеладин Мурати е избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи доби мнозинство на гласови од сите пратеници во Собранието.

СТОЈАН АНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)
Кој е за предлогот пратеникот Тито Петковски да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, молам да крене рака. (Очигледно убедливо мнозинство).
Дали има некој против? (Нема).
Дали има некој воздржан? (1 пратеник е воздржан).
Врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека Тито Петковски е избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи доби мнозинство гласови од сите пратеници во Собранието.
Кој е за предлогот пратеникот Киро Поповски да биде избран за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, молам да крене рака? (Мнозинство делегати креваат рака).
Дали има некој против? (5 пратеници се против).
Молам, кој се воздржува од гласањето? (5 пратеници се воздржани).
Врз основа на овие резултати од гласањето објавувам дека Киро Поповски е избран со мнозинство на гласови за потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.
Ги молам потпретседателите на Собранието, по азбучен ред, да дојдат да ја потпишат свечената изјава.
Го молам потпретседателот Драги Арсов да дојде, да даде свечена изјава и да ја потпише.
(На говорница излегува потпретседателот Драги Арсов и додека ја дава свечената изјава сите присутни во салата стануваат).

ДРАГИ АРСОВ:
"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на СР Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Републиќа Југославија".
(Потпретседателот Драги Арсов ја потпишува свечената изјава).
Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. По повод истакнатата доверба за избор на функцијата потпретседател на Собранието на СРМ, чувствувам потреба да кажам неколку збора.
Имено, не можам а да не кажам дека во овој момент не може да се одбегне констатацијата дека со оваа фаза на конституирањето на Собранието на СРМ, односно со изборот на потпретседатели на Собранието конечно се заокружува една нова етапа в македонската историја и македонската државност. Не можам а да не речам дека во претстојниот период на наши плеќи лежат огромни одговорности во сите сфери на животот, а посебно во економската сфера. Сигурно дека вината повеќе не можеме да ја префрлуваме на друг, туку таа одговорност ќе ја има овој парламент.
Сигурно дека се наоѓаме пред пресвртница во нашето работење. Но, таа пресвртница нема да зависи само од една парламентарна група туку од мудроста и сознанијата на сите нас во однос на општите интереси на Македонија кои сигурно се пошироки и се со поголемо значење отколку парцијалните. На тој начин повеќепартискиот систем ќе се најде на една голема проверка и наша желба е тој со успех

да го положи својот испит и на најблаготворен начин да го даде својот придонес.
Неспорен факт е дека новоизбраниот Парламент треба да прерасне во најмоќна сила на народот чија волја и чиј дух се неговите избрани пратеници во овој парламентарен дом. Уште еднаш, дозволете ми да истакнам дека искажаната доверба за избор на функцијата потпретседател на Собранието на СРМ ја сфаќам како голема обврска за натамошната успешна работа како за нашето Собрание, така и за мене лично.
Благодарам. (Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:
Го повикувам потпретседателот на Собранието Џеладин Мурати да дојде и да даде свечена изјава.
(На говорницата излегува потпретседателот Џеладин Мурати и додека ја дава свечената изјава сите присутни во салата стануваат).

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:
"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија".
(Потпретседателот Џеладин Мурати ја потпишува свечената изјава).

Почитуван другар претседателе, почитувани пратеници. Да кажам неколку збора за моето прифаќање на кандидатурата и довербата што ми беше укажана од сите присутни пратеници. Прифаќајќи ја улогата за која народот ме избра, и укажа-ната доверба од ваша страна што денеска ја добив, ветувам дека ќе им служам на народните интереси, на интересите на Републиката, за заедничка наша иднина во овој историски миг на време и простор.Времето во кое се изврши изборот на сите нас е провокативно и народот е во големо исчекување. Да ја изразиме тогаш желбата и барањата да биде Македонија слободна, независна, напредна, сигурна, парламентарна земја за сите што изразуваат подготвеност да пар-
тиципираат во заедништвото и иднината. Сакам, колку ми овозможуваат можностите, пред се објективни но и субјективни, заедно со сите вас да се залагам за слобода на мислата, на говорот, слобода на идеи, на социјалната правда, сакам да бидам искрен, дисциплиниран, да ги почитувам човековите права, да нема дискриминација, мегаломанија, надгласување, суспендирање на другиот кој поинаку мисли и слично. Македонија, целиот народ од нас очекува многу, може би и премногу, за што носиме историска одговорност. Но, и до сега се направени големи промени и ние тргнуваме од тој степен на развој тие промени да ги стимулираме и унапредиме, постигнатите позитивни процеси и структурни промени. Патот до ново е мошне макотрпен. Пред нас е обврската по изразената волја за формирање Парламент да се ангажираме пред се на планот на економската стабилизација, што е во тесно содејство со политичката и општествената дестабилизација. Ќе мораме со максимално залагање да ги артикулираме сите барања, но етапно, студиозно, чекор

по чекор. Тука би биле пред се создавање современо македонско стопанство, пазарно стопанисување засновано врз плуралистичка сопственост, почитување на максимално користење на другите закони на економијата.Посебно внимание ќе мора да посветиме на проблемите од социјалната сфера, вработувањето, здравството, културата, науката, образованието, агрокомплексот, енергетиката, индустријата и т.н. што се мошне битни битални прашања за нашата иднина.
Еден од мошне значајните проблеми што претстои секогаш бил актуелен, полн со контраверзи, при што имало и добри решенија и постигната соодветна перспектива се  националните и меѓунационалните односи. Во овој контекст ќе се залагам за јакнење на националното единство, но и за стабилни меѓунационални односи, унапредување на тие односи и создавање клима за заедништво врз основа на меѓусебно почитување, рамноправност, политички права и слободи, меѓусебна доверба. Но, при тоа е многу битно, кога се во прашање националните и меѓунационалните интереси да се задржи чувството на мерка, да не се отиде предалеку онаму од каде што тешко може да има враќање без посериозни последици. Со други зборови дејствуваме во време обременето со такви чувства, па токму затоа е и време кога е повеќе од неопходно да се размислува одговорно, со ладни глави кога над еуфоријата треба да надвладее разумот, да се има поголем политички слух и политички резон, да се мисли што се зборува, а не да се зборува што да се мисли.
Искрено, функцијата на Парламентот не може да се реализира без демократски дијалог, конструктивно искажување и изнесување на барањата. Мора да обезбедиме, сите заедно, рамноправен дијалог.

Затоа апелирам до сите пратеници на народот и раководството на партиите да покажат максимум демократска култура примерна на повеќепартиската демократија. Само така ќе можеме да овозможиме дефинирање на клучните развојни витални процеси во Републиката.
Да заклучам, пред нас стојат одговорни суштински проблеми, задачи и обврски. Пред се донесување на нов устав на Република Македонија, соодветно елаборирање и актуелизирање на македонското прашање на релација со соседите, прашањето на исправање на историските грешки што како табу теми биле присутни, иновирање на меѓунационалните односи, создавање стратегија за развојот на макро и микроекономскиот развој и економската програма. За сето ова е потребно единство и плуралистичка развојна алтернатива.
Уште еднаш ви благодарам и ветувам дека со успех и одговорно ќе ја извршувам доверената функција.
(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:
Го повикувам потпретседателот на Собранието Тито Петковски да даде свечена изјава.
(На говорницата излегува потпретседателот Тито Петковски и додека ја дава саечената изјава сите присутни во салата стануваат).

ТИТО ПЕТКОВСКИ:
"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Скопје, 25 јануари 1991 година"

(Потпретседателот Тито Петковски ја потпишува свечената
изјава).
Останува да ви се заблагодарам на довербата и да ви ветам дека ќе делувам согласно на изјавата што ја дадов и ќе се трудам што помалку да ги изневерам вашите очекувања.
(Громогласен аплауз).
СТОЈАН АНДОВ:
Го повикувам потпретседателот на Собранието Киро Поповски да дојде и да даде свечена изјава.
(На говорница излегува потпретседателот Киро Поповски и додека ја дава свечената изјава сите присутни во салата стануваат).
КИРО ПОПОВСКИ:
"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија".
(Потпретседателот Киро Поповски ја потпишува свечената
изјава).
Подобро срочена и кондезирана мисла нема во која се изразени сите мои јасни политички определби во предизборната кампања.
Останувам со убедување и изјавувам дека сите мои физички и умствени способности целосно ќе ги вклучам во остварувањето на овие значајни обврски што денеска од Парламентот ги добив.
Благодарам.

(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:
На избраните потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија им честитам и ги молам да ги заземат своите места.
(Потпретседателите ги заземаат своите места. Претседателот на Собранието Стојан Андов им честита на изборот).
**Минуваме на точката 2 - Предлог на декларација за сувереноста на Социјалистичка Република Македонија.**
Предлогот на декларацијата што го поднесе Комисијата за уставни прашања ви е доставен.
Мислењата на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија и на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија по Предлогот на декларацијата ви се поделени.
Во својство на претседател на Уставната комисија, ќе дадам кратко воведно излагање кое се однесува и на Декларацијата и на Платформата што ни е за разгледување како точка 3, да не давам посебно излагање и образложение.
Расправата, секако, ќе се води одвоено.
(Претседателот на Собранието, господин Стојан Андов излага на говорница).

СТОЈАН АНДОВ: (Прилог)

Преминуваме на претресот. Прво, ќе водиме општ претрес по Предлогот на Декларацијата а потоа ќе се води претрес на текстот на Предлогот на декларацијата во целина.
Молам, кој бара збор?
СТОЈАНОВСКИ:
Дадениот предлог да водиме претрес е доволен. Меѓутоа сите од пратениците денеска го добија текстот во прочистена форма и се запознаени. Сметајќи го ова свечен чин кога Македонија добива потполна независност предлагам во Собранието овој акт да го одобриме со акламација. (аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:
Дали некој друг бара збор?

СЛОБОДАН ЈОВАНСВСКИ: (Странка на југословените)
Почитувани пратеници, чест ми е да ви се обратам во ова наше собрание од името на странката на југословените на Македонија. Особено ме радува поводот усвојувањето на декларацијата. Ја користам оваа можност да ви го пренесам ставот на странката на југословените во Македонија и покрај акламативно усвојување по однос на неа, странката на југословените на Македонија, смета дека оваа декларација ќе биде насочена за политичко решавање на југословенската криза првенствено и единствено без употреба на сила, без меѓунационални сукоби,а со взаемно уважување, разбирање и толеранција. Само во таква функција ние ја гледаме оваа декларација и истата ја прифаќаме. Не можеме да ја прифатиме декларацијата како средства за разбивање на Југославија, се додека сите политички и цивилизациски средства за нејзиното зачувување не се искористени.

Со оглед на тоа дека политиката како умешност на можноста значи дека таа со вистински луѓе може за се да најде решение, веруваме дека така и ќе биде. Секое користење на Декларацијата ваква каква е за разбивање на Југославија без да се покаже политичка мудрост во разрешувањето на проблемитде само уште повеќе ќе ги искомпликува сегашните односи, водејќи не во несакани и трагичен настан. Затоа во оваа свечена прилика по најверојатното усвојување, односно веќе усвоената декларација, апелирам на вас да покажете политичка и практична мудрост по разрешувањето на југословенската криза, со што ќе дадете и битен придонес во разрешувањето на нашата мошне тешка состојба во Републиката, која не е безизлезна, но за неа треба да се вложи сериозен труд, далеку поголем од трудот вложен во создавањето на декларацијата.

ТОДОР ПЕТРОВ:
Иако предлогот беше даден за усвојување на декларацијата со акламација, јас останувам со мое оградување во однос на неколку забелешки кој што ќе ги дадам. Прво, се зборува за декларација со која се прогласува сувереност на македонската држава, меѓутоа никаде не стои кој е носител на сувереноста на македонската држава. Токму заради тоа имав предлог, дали ќе биде ставен во постапка на усвојување, или не, дали тоа ќе го утврди овој состав меѓутоа јас мојот предлог ќе си го кажам. Барам после член 1 да се додаде член 2 и да го променат редоследот сите членски одредби, понатаму како што следи кој ќе гласи: "Македонија е национална држава на македонскиот народ, основен носител

на суверенитетот во Македонија е македонскиот народ. Македонската држава им ги гарантира со Уставот законите и меѓународните акти утврдените човечки, граѓански слободи и права на граѓаните на Македонија, кои се еднакви пред Уставот и законите, независно од нивната национална и друга припадност и определба.". Понатаму предлагам, бидејќи текстот има ранг на Устав, а тоа во член 5 недвосмислено е кажано укажано е дека оваа декларација,Уставот на СРМ и законите и другите прописи и општи акти, барам од целиот текст да се избрише зборот "социјалистичка," да не преоѓаме во услови на парламентарна демократија и повеќе партиски систем  со идеолошки определби од минатото. Ако сме за парламентарна демократија и повеќе партиски систем, тогаш зборот "социјалистичка" го исклучува другиот збор плуралистичка држава. И понатаму смешно е во практиката со реформата за која сите плебисцитарно се изјаснивме, тек до прва ќе ги почувствуваме нејзините "благодети", да репродуцираме капиталистички продукциони односи, сакал тоа да го признае тоа некој или не а да прилепуваме на републиката епитети  или придавка социјалистичка. Тоа се моите предлози и барам ако веќе парламентот не отвора расправа или смета дека е усвоено со акламација, барам Овие забелешки да бидат во процедура и на усвојување.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Ова инаку е деловнички доста сложена ситуација, јас морам да го дадам прво првиот предлог на гласање, а тоа е дали се прифаќа со акламација да се усвои декларацијата.

Ако тој предлог се усвои, потоа неможеме никакви предлози да даваме на изјаснување.

ТОДОР ПЕТРОВ:
Вие отворивте расправа начелно, а потоа се предлага расправа, текст по текст.
СТОЈАН АНДОВ:
Меѓутоа, ако предлогот со акламација се усвои тогаш се разбира, нема претрес понатаму.
Да го дадеме предлогот.
Дали се усвојува предложениот текст за декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија со акламација, или да одиме со изјаснување и претрес понатаму. (аплауз)
Констатирам дека општо расположение е и желба на Собранието е декларацијата да се усвои со акламација.
Констатирам дека декларацијата е акламативно усвоена.
**Минуваме на точката 3 - Платформа на Социјалистичка Република Македонија за идното уредување на Југославија.**

СТОЈАН АНДОВ:(продолжение)
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
______________________:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во однос на Платформата мислам дека поаѓа од претходно усвоената Декларација, но има една мала забелешка на еден став од Платформата, а кој гласи:(цитирам) "До постигнувањето на новиот договор за идното уредување на земјата СР Македонија се залага за почитување на постојниот општествено-економски и политички систем, Уставот на СФРЈ и за обезбедување на нормално функционирање на органите на Федерацијата" Според тоа, мојата забелешка е, предлагам овој став да се измени и да гласи: "До постигнувањето на новиот договор за идното уредување на СФРЈ, СР Македонија се залага од сите уечсници за почитување и обезбедување на нормално Функционирање на органите на Федерацијата" Ова да го образложам малку. Претходната декларација што ја усвоивме, член 2 , став 2 каде што стои "Уставот на СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти ќе се применуваат на територијата на СРМ доколку не се во спротивност со Уставот на СРМ". Тоа е образложението.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали некој друг бара збор?

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:
Другар претседател, дами и господа, сакам во делот на Платформата што даде еден коментар и претседателот на Собранието но јас ја посматрам таа Платформа во функција на стопанските движења, односно стопанските токови на Македонија. Па низ призмата

на тоа сакам да потенцирам неколку значајни моменти кои повеќе би биле во интерес, или во смисол да дадам свое лично видување или придонес за подобрување на Платформата за идното уредување на Југославија.

Имајќи го во предвид степенот на извршувањето на обврските, конвертибилноста пред се на динарот, монетарната политика, девизните резерви, платниот промет, функционирањето на пазарот, сигурноста во донесувањето на деловните одлуки во претпријатијата, преструктуирањето на стопанството, трансформацијата на претпријатијата, санацијата на банкарскиот систем и финансиската политика, па и донесувањето на социјалните програми го прават системот практично хаотичен. Од тука се поставуваат и прашањата за барањето на излезните решенија. За мене во овој момент, имајќи ја во предвид ново настанатиот амбиент, општествено-економските па и политичките процеси во светот, а посебно во Југославија како и пазарните односи во интегралниот пазар, односно пазарното стопанство и пазарното стопанисување во Југославија, е многу значајно па и охрабрувачки што се создаваат предуслови за отварање на процесите за договарање без разлика на сите конфронтации, неспогоду-вања по и изразените разлики во погледите што ги имавме и што ги имаме за иднината на нашата земја. Мислам дека се создадени почетните услови за разговор на ниво на Југославија.

Нашите настојувања за идното уредување на Југославија по мене би требало да бидат отворени, коректни, демократски, конструктивни, аргументирани и принципиелни без суловувања, и уцена како и предуцирање на било кои решенија без разлика кој ги понудува тие решенија. Понудените решенија треба да бидат

во функционален интерес за надминување на уставната криза и идното уредување на Југославија.

Мислам дека би било најреално да во решавањето на уставната криза идеме корак по корак, да се сконцентриме на кон-ципирање, изработка па и усвојување на таков документ кој би имал уставна или законска снага се додека не се донесе нов устав, односно акт на земјата. Во тој документ да ги утврдиме принципите и правилата на меѓусебните односи, кои после тоа сме должни сите да ги почитуваме.

По мене, најважно би било да во таквиот документ, меѓу другото да го истакнеме следново:

Прво, дека сите сме согласни да постојната уставна криза се реши на еден мирен, достоинствен, демократски и договорен начин и дека за тоа време ќе се осигура нормално функционирање на државата и сојузните органи и дека таа функција ќе се врши од страна на сојузните органи се до постигнување на договор за идното уредување на земјата без разлика за каков облик на уредување станува збор.

Второ, сите републики се сбврзуваат дека ќе се воздржат од донесувањето на еднострани акти, а тоа по мене не некоја голема жртва, без разлика на тоа што некои веќе го направија тоа. Битно е да во оваа фаза се извршуваат обврските према Федерацијата и обратно и да Југославија функционира како држава и како меѓународни правни субјект. Посебно е сето ова важно што Југославија е потписник на многубројни односно  на преку 8000 меѓународни договори и конвенции и на преку 2000 мултилатерални и преку 6000 билатерални документи.

Трето, неопходен е рамноправен дијалог на сите учес-ници во договорањето, за кое нешто посебно треба да се инсистира.
Почитувањето на овој критериум како неопходност произлегува од новите квалитативни односи во земјата во кои се републиките самостални директни носители на иницијативите и тражењето на решенијата и модалитетите за заеднички живот. Во контесот на ова особено мислам дека не би било добро во претстојните разговори за идното уредување на земјата да се апстрахираат сојузните органи.
Четврто, да се почитуваат активностите на сојузните органи бидејќи тие се и легални органи на оваа земја без разлика на тоа како се избрани и со колкава легитимност се тие. Требало би преку нив да се осигура активно учество на сите републики, а со тоа и прашањето на севкупните интереси на републиките во новите односи на Југославија.
Петто, во евентуалниот документ ако се определиме за него би требало да врз основа на консензус на сите републики се внесе, односно да се прецизираат и утврдат заедничките интереси и функциите кои треба да се доверат на сојузната држава се додека тоа постои. Мислам дека би било потребно да се одржат вишепартиски избори за состав на новото Југословенско Собрание, кое после тоа би заседавало во форма на уставотворно собрание, со што би на тој начин тоа имало свој легалитет и легамитет ако се определиме за тој па се разбира.
Сигурно е дека има и други низа прашања за кои може да се зборува. Но напоменувам да ваквите прашања иако се од процедурален карактер сепак за мене се од битни значај. Ако се сложиме

околу текот на начинот на разговорите мислам дека сме завршиле голем дел од работата.
Во оваа прилика би потенцирал уште две прашања за кои мислам дека се многу значајни, важни поклучни во престојните разговори за иднината на Југославија. Тоа се пред се: очувувањето на интегритетот и спречувањето на распаѓањето на Југославија, водење на рамноправни дијалог помеѓу сите републики, народи и народности кои живеат во нив.
Особено при евентуалниот распад на Југославија можат да настанат несакани последици кои тешко можат да се согледаат поготово на стопански план. Затоа по мене е важно прашање да се зачува интегритет на земјата.
Тоа треба да остане во сегашните оквири како меѓународен субјект, да се договориме околу заеднич-ките интереси и функциите на сојузната држава кој се прифатливи за сите републики и народи кои живеат во нив. Паралелно со ова да конституираме еден модерен, глоба-лен пазарен модел на стопанисување кој всушност и ќе биде основа за идните односи во земјата, правна држава ќе биде способна да ги гарантира, човечките, политичките и националните права и слободите.
Сите преостанати прашања да се препуштат на републиките, сами да ги регулираат, преуредуваат, ускладуваат своите специфични и посебни интереси.
Мислам дека треба да се залагаме за држава која ќе биде рационално организирана, модерно концепирана, демократски поставена, со втемелени владини права, права кои ќе овозможат да бидат цврст гарант за територијалниот интегритет на земјата во целост, како и секој нејзин дел посебно, гарант на заштита и остварување на

националните и сите други интереси и права со почитување на сите посебности во оквирот на земјата, али воедно треба да осигураме и стриктно обавување на сите оние работи кои се доверени или пак кои ќе бидат доверени на сојузните органи. Тоа не е непознато искуство и пракса во светот. Наима за сите модерни држави и федерации основна карактеристика е во тоа што тие територијално, политички и културно се значајно децентрализирани, а воедно се на пазарни основи максимално интегрирани и поврзани во една целина. Со тоа се создаде и максимална складна и билансна целина помеѓу интересот на целината и деловите во нив.
Што значи во овој момент, тежиште треба да го дадеме повеќе на содржината, квалитетот и суштината на новите односи, а не на формалните одредувања на идната заедница без разлика на тоа колку е тоа прашање од битен значај. Прецизно и јасно треба да се определиме за оние модалитети и содржини на заедницата кои ќе овозможат заеднички живот и кои ќе бидат прифатливи за сите. Би сакал да истакнам дека за сето ова ни треба мерка на мудрост и политичка реалност. Ако го имаме тоа, а мислам дека имаме можеме да се договориме и да го прифатиме она решение кое ќе значи мир и толеранција, па и зачувување на заедничките интереси.
Исправка на неправдите треба да ги бараме во престојниот политички договор со кој ќе се гарантира политичката иднина на земјата, а во оквир на тоа и деловите во земјата. Со тој договор би рекол треба да се обезбеди рамноправност на сите народи и републики без мајоризација и коалиција на едни против други. Тоа е основа за историски новата заедница на Југословенските народи.

Затоа во договорите многу е битно да не се исклучува било кој народ и ниедна република, во спротивно тоа ќе не одведе во нови поделби, и сукоби со што и ќе се предизвикаат уште поголеми , политички, економски, социолошки, стратешки па и други последици.
Ако не успеавме со мудроста и политиката реалност да воспоставиме рамнотежа за создавање на услови за идното уредување, барем да бидеме мудри за мирно разидинување иако тоа не е мудро.
На крајот сакам да потсетам, во целина посматрано, основните стопански токови во наредниот период ќе бидат под снажно влијание на конфузната политичка ситуација во земјата, која се побрзо го води стопанството према ивицата на понорот. Ако не создаваме услови за расплет на политичката конфузија, извесно е дека стопанските токови во првото тромесечие од оваа година ќе бидат оптимистички, туку напротив може да се очекува да бидат најнеповолни во периодот после втората светска војна.
Посебно што не загрижува е падот на производството и повторното распламтување на инфлацијата. Затоа е неопходно да понудиме и ние минимум заеднички решенија за идното уредување на Југославија.

Дами и господа, господин претседателе. Во име на парламентарната група на ПДП и НДП на страна број 2 каде што пишува "СР Македонија инсистира на целосна рамноправност меѓу републиките во создавањето на новиот договор", предлагаме да биде следната формулација "СР Македонија инсистира на целосна рамноправност меѓу сите конститутивни членки на Федеративна Република Југославија".

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:
Неоспорно е дека со самото тоа што одлучивме да разговараме за Југославија, за идното уредување на оваа земја е голем чин и голем настан, имајќи ги предвид огромните конфронтации, судрувања и различни гледања на идната Југославија. И добро е тоа да се одвива понатаму на еден принципиелен, достоен , културен начин со меѓусебно почитување и уважување на сечие мислење, на желбите и мислењата на сите народи итн... Мислам дека ние денеска имаме предложено еден многу квалитетен документ, доста издржан кој и дава на нашата Делегација една значајна ширина во тие преговарања и таа делегација нас ќе не информрира во понатамошните наши разговори овде во Собранието за степенот на тие договарања и достигнувања кои се постигнуваат во Југославија, затоа што тие преговори ќе траат многу подолго отколку што ние мислиме. Некои велат дека тоа ќе биде шест месеци, некои велат и повеќе од 6 (шест) месеци. Сигурно е дека тоа ќе биде еден подолг период затоа што проблемите се и сложени и големи и ќе бараат еден подолг период.
Јас имам неколку забелешки на оваа Платформа. Прво, ние воопшто се договоривме во Југославија да ја спроведуваме економската реформа. Економската реформа на сите ни е познато дека во почетокот даде високи ефекти особено во сверата на кредитно-монетарната политика, во сопственичките односи и на слободниот

пазар и на многу полиња на слободното стопанство му донесоа и значајни ефекти. Зауставувањето на економската реформа заради тоа што беше блокирана од страна на политичките проблеми во Југославија нанесе големи штети и денеска за оние негативни ефекти за кои што и тука се зборуваше и неколку пати повторуваше и блокадата на банките и целата таа недисциплина е резултат на едно такво однесување. Сигурно дека овде не чув досега, дека ние не треба да ја заустувуваме таа економска реформа и дека никој досега не понудил нешто попаметно и нешто покорисно кое може да не извлече до таа ситауција. Јас предлагам во Платформата да влезе дека Социјалистичка Република Македонија инсистира несметано да се продолжи со спроведуването на економската реформа и со промените во системот. Тоа е една многу значајна работа која мислам дека треба да се внесе во Платформата и зе која што треба ние да се заложиме уште во почетокот во разговорите затоа што било какво блокирање на тој план може да ни нанесе крупни штети. Исто така, бидејќи ние имавме особено во втората половина на годината многу дејствија од страна на поедини републики кои користејќи дупки во законот, или кои дури незаконито работеа, создаваа разни махинации итн, свои економски суверенитет, а за тоа нешто зборувавме и на претходните седници, влегувањето во платниот систем на Југославија. Ние зборувавме за една република, но очигледно е дека и други републики влегле во тоа, понатаму во девизниот систем итн. Ние исто така во Платформата треба да и поставиме задача на нашата делегација дека СРМ ќе побара претходно сите незаконски дејства во сверата на девизната и платно-билансната позиција да се доведат во граници на законот. Исто така, на страна 3, јас не би се сложил како што еден од колегите предложи за преформулација на вториот став, туку би предложил да се услови, воопшто во разговорите да се условат понатамошните разговори и овој став да гласи:"До постигнувањето на новиот договор за идното"

уредување на земјата СРМ ќе ги услови разговорите со претходна согласност за почитување на постојниот општествено-економски и политички систем, Уставот на СФРЈ и за обезбедување на нормално функционирање на органите на федерацијата". Ќе ги услови, не ќе се залага. Ние пред да почнеме да разговараме, ние треба тоа јасно да го постигнеме. Исто така, во тој контекст би го предложил и овој став "СР Македонија посебно ќе ги услови разговорите со претходна согласност за задолжително извршување на обврските на федерацијата спрема СР Македонија согласно со Уставот и сојузните закони". Значи, наместо "залага" ќе го услови. Пред да почне да се разговара тие работи да се расчистат па потоа да разговараме рамноправно. Инаку ние не сме сега рамноправни, многу од тие што доаѓаат на разговорите изградија огромно богатство со ова дејство за кое што сега разговараме.

СТОЈАН АНДОВ
Има збор господин Благоја Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ
Мислам дека со овие два документи почнавме да ја напуштаме праксата на пренормираност, претрупаност со обемни документи, конфузни, нефункционални.
Ја поддржувам во целост платформата и предлогот на господин Иванов, не оној од претходната седница кога предлагаше Господ да ни помогне, затоа што Господ е во луѓето и тој Господ проработи па почнавме да работиме на општо задоволство.
Само во функција на подобрување на текстот сметам дека на страница 2 во третиот пасус последната реченица треба да отпадне.
Таа гласи: "Заради тоа што поскоро треба да се води дијалог за содржината на идното уредување на земјата". Реченицата е депласирана, заради тоа што тој дијалог веќе се води и не би требало да констатираме и документирано дека ние веќе доцниме во водењето на тие дијалози.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Пановски.
ПАНОВСКИ
Почитувани дами и господа.
Мислам дека сега во еден ваков свечен момент за македонската држава и кога тукушто сме ја изгласале декларацијата за сувереност на Македонија со која декларација се удрени темелите и идно државно правно уредување не би било добро од нашата страна да одиме сега на усвојување на еден ваков документ каков што е платформата, со која според мое мислење доколку се усвои ќе се релативизира значењето на веќе усвоената декларација за сувереност на Македонија.

Причина за мојот став е содржината во платформата бидејќи уште во преамбулата на платформата како основа за нејзино изготвување не е вградена Декларацијата.
Во платформата провејува духот на старата власт. Користени се елементи од појдовните основи на досегашниот извршен совет на Собранието на СРМ, како и досегашните опции. Фактички платформата е спротивен акт на декларацијата.
Доколку се усвои платформата, од друга страна можеме да навлеземе во политичка замка бидејќи таа е изработена со компромисиски пристап и не кажува што Македонија бара. Таа е без цврсти ставови и не упатува на никакви заклучоци, додека пак со декларацијата денеска јасно ја изразивме позицијата и потребите на македонскиот народ.
Во предложената платформа за настап на нашите прет-ставници на ЈУ Самитот јасно се изразува само еден негаторски однос за тоа што не чини, додека никаде не кажуваме што бараме за идното уредување на Југославија.
Мислам, дека ќе биде предавство према нашите дедовци и татковци кои уште во АСНОМ јасно ги кажа своите определби, па затоа ние мораме во Белград, јасно и гласно да кажеме каква иднина сакаме.
Дали сме за Федерација или пак за конфедерација. Дали конечно ќе ги утврдиме меѓурепубличките граници во Југославија или не? Кои се нашите погледи за одбраната и безбедноста односно дали сме за конфедеративна армија или не? Дали сме за единствен монетарен систем или пак за сопствена монета. Дали сме за единствен пазар или не? Дали сме за единствен даночен систем или пак не? Дали може и понатаму југословенската дипломатија да ги застапува и брани македонските интереси или не и конечно во
која мера ќе се финансира федерацијата.

Затоа мислам додека јасно не се дефинираат овие прашања и не се даваат одговори на нив кои ќе поаѓаат единствено од македонските витални интереси, нашите преговарачи на ЈУ Самитот можат да одат единствено како слушатели.
Така денес неопходна е потребата да постигнеме меѓупартиски консензус околу сите овие прашања и сите да бидат предочени во една платформа која ќе ги
изразува потребите на една суверена Македонска држава.
СТОЈАН АНДОВ:
Има збор госпоѓа Ратка Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА
Почитувани пратеници. Сакам најпрво на сите тука присутни пратеници од сите партии, на целиот македонски народ и на граѓаните на Македонија да ви го честитам донесувањето на декларација на сувереност на нашата татковина, државата Македонија.
Сосема накратко сакам да се освртнам на дискусијата на пратеникот Душан Николовски.
Платформа, тоа е јасна позиција.
Јасна позиција од политички, правен и економски аспект. Додека пледоајето, кое што го даде тука пратеникот Душан Николовски е за нејасност и отвореност на сите позиции. Накратко да го кажам ставот на нашата пратеничка група.
Ние покрај недостатоците, недореченостите некаде и на формата и на суштината на оваа платформа ја прифаќаме како еден отворен документ, недовршен документ, но со цел да им се даде одврзани раце на групата која што ќе преговара во Белград. Тоа е ставот на пратениците од ВМРО.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господинот Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:
Почитуван претседателе, почитувани дами и господо. Платформата, за која слушавме многу зборови, а и дискусиите, дискусијата на колегата Иванов покажа дека ние имаме еден документ, една основа за разговор за иднината на Југославија. Мислам дека нема тука нејасни работи. Ако се сеќавате јас поставив едно прашање до Извршниот совет да подготви една информација за тоа каква е активата и пасивата на СРМ по завршни сметки. Знаете што значи тоа? Тоа е една огромна работа, тоа е една многу важна работа да се видиме каде се наоѓаме почнувајќи од основните средства па завршувајќи со финансирање на дејностите на општината, градот, општата и заедничката потрошувачка, дури тогаш ќе видите во каква состојба се наоѓате.
Ако сите сме убедени во една таква лоша состојба економска, прејудицирана, изродена од одредени манипулации, многу убаво беше кога реформата одеше во ред. Многу убаво беше кога динарот стана конвертабилен, па се јавија лоши меѓурепублички односи односно лоши маеѓунационални односи. Тоа доби свое место во репуб-ликите и покраините и во стопанството, па, Србија 14 закони спротивни на реформата, па еве Србија уште 18 милијарди динари и понатаму да се направило уште нешто, тоа значи нема да се оствари реформата и ќе одиме во се полоши и полоши состојби, пред се економски, политички и така натаму.

Заради тоа да им даде полно место, полно доверба на нашите преговарачи во нашата држава врз база на оваа платформа; предлозите на Љубосав Иванов и на нашата декларација. Мислам дека

не смееме да дозволиме во Југославија некој да си игра со судбината на Југославија нејзино распаѓање ниту пак некој овде што сакаат да ја распаднат Југославија. Да се бориме за тоа Југославија да опстане затоа што во интерес е на сите граѓани што живеат во Југославија и во Македонија е да опстанеме заеднички.

СТОЈАН АНДОВ:
Молам, кој друг бара збор?

ХАЛИЛИ:
Јас сакам да истакнам дека е ова мој личен став Јас мислам дека во договарањата за иднината на Југославија претставниците од СРМ не треба да поаѓаат само од определбата за национална македонска државата, туку и од определбата за Македонија како државата на сите националности што живеат во неа, бидејки јасно е тоа дека на овие договори претставниците од СРМ ќе ги претставуваат не само македонците, туку и другите националности, како што се албанците, турците, муслиманите, ромите и други... Според тоа, јас мислам дека не може да се тргне само од интересите на републи-ките како што стои тука, туку и од интересите на сите народи и народности и етники што живее во Југославија. Без договарање на сите, не само на државите нема добра иднина за оваа Југославија.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:
Сега гледаме дека она со акламација што беше примено малку и подруг сјај има. И јас се согласувам со пратеникот Тодор Петров, меѓутоа, немав лична храброст да реагирам, бидејќи ако не се станеше кога станавте најголем дел што ли ќе се помислеше за ние што нема да станеме да се согласиме со таа акламација.

Таму не стои никаде сувереноста на македонскиот народ, па зошто да не земеме да учиме од луѓето што се попаметни денес тука во оваа сала. Зошто да не учиме од тие што може да научиме? Па гледате како се бори за судбината на својот народ, па тоа треба да се научи.

Се она што мислиме дека во еден толерантен однос, во еден компромис е цивилизациски, се се завртува против интересите на македонскиот народ. Затоа што веќе наредниот момент преговарачка позиција е таму каде што сме направиле отстапка. Утре пак ќе направиме отстапка и таму ќе биде преговарачката позиција на оние што ќе преговараат. Мене ми е многу жал дека процедурално не може да се врати и ова што ќе го кажам не држи, меѓутоа, морам да го искажам заради потребата да бидам чист пред својата совест.

Камо среќа да можеме да расправаме за таа декларација и да уфрлиме тоа што треба да стои, а сега и во ваков декларативен акт каде што стои национална македонска држава и тоа смета. Јас ве прашувам денеска овде граѓани македонци дали вие воопшто ги браните интерес-
сите на својата држава  или нешто друго  не води. Кое конституирање на власта го сакаме? Од кои мотиви?

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА:
Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас немав намера да дискутирам поопширно за овој важен документ, меѓутоа, ми даде поттик дискусијата од претходните колеги.

Мислам дека ние треба да го почитуваме Гоце Делчев кој рекол дека светот го сфаќам како место за културен натпревар меѓу народите. Мислам дека секогаш треба гледајќи го Гоце Делчев

да бидеме опоменати за еден однос за она што значи оплеменување на нашите односи. Јас мислам дека сите сме убедени да платформата претставува еден вид концепт за тоа на кои релации нашата заедничка делегација од Македонија ќе ги обави разговорите за иднината на Југославија што истовремено е иднина на Македонија, се разбира. И, така треба да се сфати тоа. Но, кога сум тука да заклучам дека можеби празнина е тоа што ние изготвуваме платформа, а ни недостига таканаречена национална програма. Мислам дека време е, врз база на програмите на партиите а и врз база на оваа платформа што денеска ќе ја усвоиме, веројатно ќе биде збогатена, ние што побрзо изготвиме национална програма и за иднината на Македонија и да срочиме некои задачи и проблеми како да ги решаваме за доброто битно за сите нас, за посреќна иднина на сите народи и народности што живеат во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Халили.

ХАЛИЛИ:
Пред се мислам дека критиката треба да се насочи на точна адреса не на мојот говор. Јас барав да се прошири тоа ништо друго.

СТОЈАН АНДОВ:
Молам, кој друг бара збор?
Господинот Тито Петковски бара збор. Тој беше и ра-ковидител на групата што го изготви првиот текст на платформата.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:
Во Комисијата за уставни прашања бевме едногласни околу овој текст на платформата. Кога го конципиравме овој текст на платформата тргнувавме од тоа дека е тоа неформален акт и треба

да обезбеди што подобра преговарачка позиција на нашите претставници во Белград. Тоа е прво.
Второ, тргнувавме од фактот дека преговорите за идните односи во Југославија започнуваат. Не е конечен договор на 28 и сега сите прашања да постигнеме и национален консензус, како што беше речено и до крај да ги прецизираме нашите ставови, по многу елементи за кој ќе треба да се договараме во Југославија.
Трето, тргнуваме од фактот дека треба да седнеме да разговараме. Според тоа тоа елиминира секаква исклучивост на било чии ставови за еден или друг модел на уредувањето на односите во Федерацијата. Тоа се сведува на сверата на емоциите, докажувањето кој е победник, кој е победен, дали ваков или онаков концепт на односите во Југославија одговара повеќе. Според тоа тргнуваме во Белград да ги сослушаме сите и да не сослушаат, да разговараме на рамноправна основа.
Четврто, појдовната позиција на нашите преговарачи во Белград треба да биде декларацијата што ја усвоивме на денешната седница, што значи од интересите на суверена држава Македонија. во тие рамки и она што беше речено овде, правата на народностите националните малцинства, сметаме дека е интегрирано во тој поим. На комисијата за уставни прашања водевме доста расправа дали тоа треба да го вградиме во декларацијата во преамбулата на тој документ. Според тоа, даваме навистина можност да се оди да се разговара. Не знаеме колку ќе траат тие преговори, но основните ориентирани сметавме дека во платформата се содржани.
Конкретно што беше околу интервенцијата во самиот текст, спроведувањето на законите од страна на сојузните и републичките органи таму децидно има непосредна надлежност на многу

сојузни органи и кои ги уредуваат односите во Републиката посебно. - Според тоа, тоа за нив се однесува. Уставност и законитост, применатa и од страна на сојузните и од страна на републичките органи.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:
И јас сум еден од составувачите, или редакторите на оваа платформа, па сакам да го кажам следното. Ние кога го уредувавме текстот се водевме од позиција да не нашите преговарачи ги направиме поштари, па да им напишеме на текстот што да однесат во Белград и да завршат работа. Туку, да отидат на преговори, да знаат и да чујат што другите имаат како имаат и да бидат со одврзани слободни раце во преговарањето. Тие луѓе ние ќе ги овластиме верувајќи во нив. Ако не веруваме тогаш ќе ги ограничуваме со текстови, со запирки, со било што. Ова е чистослободна работа, се оди во преговарање во таканаречена слободна држава, а ако имаме затворени ставови, ако другите не ни ги прифатат тие каде нашите претставници ќе се јават на преговарање? Никаде. Имаше еден текст кој водеше по наше мислење дека одредени овластувања водат на одредена организација дали тоа ќе биде конфедерација или федерација се застана на становиште во толкувањето ако се дадат одредени овластуваања тоа е чисто федерална работа и затоа да имаме слобода на преговарачите, а интерес на поедини партии каде се преовладува или конфедерација или федерација или на некои партии друг начин на живеење.  Според тоа застанавме тоа да биде една воопштена форма.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:
На се плашиме од потценување. Ќе беше потценување ако не не повикаа на тоа преговарање. Меѓутоа, самото повикување на преговарање ни дава за право и ние, покрај другото водиме и политика. Ако оваа Декларација ја дадовме во одредени рамки. Верувајте дека и печатот и радиото и ТВ како платформа односно ако имаше некоја тајна ќе требаше да осознае. Затоа преговарачите нека отидат со отворени раце, меѓутоа во нивната способност и дипломатија ќе се состои и правото на застапување на интересите на Македонија.
СТОЈАН АНДОВ:
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Овде беа спомнати и некои конкретни дотерувања на текстот. Дали предлагачите инсистираат на нив или после објаснува-њето сега не би требало тоа да се вгради.
СТОИЛЕ СТОЈКОВ:
Можеби некој ќе ни замери дека сум досаден, но ова што го дадов за исправка на текстот односно на овој став мислам дека се должи на чисто правна формулација.
Пред половина час усвоивме една Декларација, во член 2 став 2 каде стои "Уставот во СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти ќе се применуваат на територијата на СРМ доколку не се во спротивност со Уставот на СРМ, републичките закони и одлуките на Собранието со кои се остварува суверeноста на СРМ". Според тоа овој став е во спротивност со донесената Декларација пред пола час. Тој став вели:"до постигнувањето на новиот договор за идното уредување на земјата СРМ се залага за почитување на по-

стојниот општествено-економски и политички систем, Уставот на СФРЈ и за обезбедување на нормално функционирање на органите на Федерацијата. Затоа дадов еден пречистен текст кој ништо не менува и не е во спротивност со членот 2 став 2 од Декларацијата. Тој гласеше: "До постигнувањето на новиот договор за идното уредување на СФРЈ, СР Македонија се залага од сите учесници за почитување и обезбедување на нормално функционирање на органите на федерацијата."

СТОЈАН АНДОВ:

Ако ми дозволите јас би дал едно објаснување околу овој предлог.

Дилемата што ја има Стојков ние ја имавме на Комисијата и на широко ја претресовме и дојдовме до овој текст. Овој текст овде е подобар од неговата формулација од причина што во неговиот предлог стои дек,а функционирањето на органите на федерацијата ќе биде слободно.  Ако ги ослобдоиме така без устав и закон, може да профункционира сосема на друг начин. Ние остануваме на тоа дека тие мора да се држат на Уставот и законот а покрај тоа да не може само они да го остваруваат Уставот и законот, затоа што Уставот и законот се остваруваат и од страна на републички органи, а токму тие што не се држеа за уставот и законите ни нанесоа големи зла во овие периоди кога настана пробој на ова, пробој на она, па имаме економски последици и тоа многу сериозни. Оттаму правниците ги проценија сите овие аспекти и останавме на овој текст што овде е даден.

Сепак јас сум должен, ако инсистирате вие на тоа, да го дадам предлогот на гласање

Морам предлагачот да го прашам дали инсистира на предлогот а јас само дадов појаснување кои се апсекти беа претресени и што се беше согледано на Комисијата и зошто така се определивме. Инаку секој кој инсистира на својот предлог јас сум должен овде да го ставам на гласање.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Инсистирам од чисто практична и правна причина затоа што донесовме Декларација каде што децидно стои во член 2 став 2, а испаѓа сега дека за пола час таа иста декларација ја погазуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам кој е за предлогот што го даде пратеникто Стојков (35 )
КОј има против да се внесе таква формулација (68).
Дали има воздржани (4).
КОнстатирам дека предлогот на формулацијата што ја даде пратеникот Стојков не се усвојува .
Втор предлог беше даден од пратеникот Љубосав Иванов.
Дали пратеникот Иванов останува на својот предлог.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Таму каде што предложив да ги условиме преговорите во двата става, од тоа се повлекувам бидејќи на некој начин со тоа ги врзуваме рацете на делегацијата, како што беше искажано овде од повеќе пратеници. Меѓутоа, им препорачуваме на нашите преговарачи да го имаат предвид тој елемент, бидејќи тој е од огромно значење за нашата Република.

Останувам на тоа дека во Декларацијата треба да остане ова што го предложив во однос на понатамошното спроведување на економската реформа бидејќи тоа е наш единствен излез и спроведувањето на таа економска реформа може само да ми помогне да дојдеме побрзо до договарање. Според тоа мислам дека тоа не може да биде спорно. Тоа е случајно изоставено и мислам дека треба да влезе.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве разговарам овде со раководителот на работната група. Неговиот впечаток е како и мојот дека во целината на Платформата е сочувана таа идеја, меѓутоа господинот Иванов инсистира да се внесе нова алинеја која би гласела:"понатамошно непречено спроведување на економската реформа во Југославија".

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас реков од практична причина односно гледна точка да нема ограничување. Ако речеме да ја задржиме платформата, пак се враќаме на федерализам. Значи оставаме на политичкото прашање да му дадеме пак обоеност. Јас незнам што друго да кажам. Со колегата работевме на секоја точка запирка и баравме она што ќе биде најпогодно а сега од вас зависи како ќе гласате односно дали ќе ни ја цените работата или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ја репродуцирав формулацијата на Иванов со укажување дека ние мислиме дека ништо нема спротивно на таа идеја овде само ако ја директно кажеме, а сепак е една обврска повеќе на нашите преговарачи и затоа мислевме дека не треба така да се каже.

Го ставам предлогот на господинот Иванов на гласање.
Кој е за нека крене рака? (14)
Кој има против предлогот? (мнозинство гласови)
Дали има водзржани? (7).
Со мнозинство на гласови овој предлог не се прифати.

Имаше и трет предлог каде што се кажува дека"Македонија се залага за рамноправен дијалог, разговор на суверените републики" да се замени со текстот "Македонија се залага за рамноправен дијалог на сите елементи на федерацијата.

Јас само сакам да ви кажам дека тоа не би било исходиште од нашата Декларација. Ние ја донесовме Декларацијата, а ние затоа донесовме декларација да можема  да настапуваме  како суверена држава заедно со суверените држави.
Кој е за овој предлог молам да крене рака? (20)

Кој е против предлог? (95).

Дали има воздржани? (Нема).

Објавувам дека и овој предлог не е прифатен.

Бидејќи претресот го завршвиме а минавме на утврдување на текстот- Предлог Платформата на СРМ за идното уредување на Југославија ја ставам на гласање.

Кој е за предложениот текст. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против ? (8) Дали има водзржани? (7).

Констатирам дека Собранието  ја донесе Платформата на Социјалистичка  Република Македонија за идното уредување на Југославија

Минуваме на точка 4 - Предлог одлука за образување на постојани работни тела на Собранието на СРМ.

Предлогот на одлуакта Ви е доставен. Отворам претрес по предлог-одлуката Молам, кој бара збор.
Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

БРАНКО АРСОВСКИ:
Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

(Прилог)

**ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛЕ,ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ**

БРАНКО АРСОВСКИ:

Целосно *и* сеопфатно ја проучив понудената Предлог ОДЛУКА за образување не постојани работни тела на Собранието на СР.Македонија што е предложена од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и дојдов до личен заклучок да предложам измена односно дополнување на еден дел од понудениот текст на Одлуката. Предлагам во глава II да се предвиди уште една точка под број 19,која покрај понудените 18 комисии како постојани работни тела да се предвидат 19,при што од точката 17 да се издвои посебна комисија ѕа здравство која исклучиво ќе се занимава со проблемите од здравството,а да остане само комисија за труд и социјална политика под реден број 17. Како резултат на озаа дополнување и измена треба да уследи нова формулација на член 17 точка 17.Така поашањето кое е предвидено во став 2 алинеја 5 во точка 17 треба да биде поместено ЕО точка 19 под наслов Систем и организаија на здравствената заштита.

Под услов да се прифати мојот предлог,предлагам во комисијата за здравство бројот на членовите да брои девет члена од кои еден претседател и осум члена од кои 5 члена се изберат од пратениците,а 3 члена од стручните органи и организации од областа на здравството.

Образложение на предлогот е следното:

1.Со Законот за органите ка управата кој е усвоен од трите собори на Социјалистичка Република Македонија на 8 и 2о ноември 199о г. а поместен во Сл.Весник бр.40 од 28 ноември 199о година во чл.113 е предвидено работите на управата во рамките на правата и должностите на Републиката ги вршат 15 министерства при што во точка 14 е предвидено Министерство за здравство,а во точка 1о Министерство за труд и социјална политика.Ваквата поставеност на овие две министерства во Законоѕ за органите на управата го сметам за поисправно во однос на Предлог одлуката што е

предмет на денешната расправа,а што би било во интерес на конкретна и содржински побогата соработка и кординација помеѓу Министерството за здравство при органот на управата и Комисијата за здравство како работно тело на Собранието на Социјалистичка Република Македонија при разгледувањето на прашањата посебно ѕврзани за здравствената дејност.

2.Инаку на сите ни е познато дека обимот и ширината на на проблемите што произлегуваат од сегашната и идната организациона поставеност на здравствената мрежа и неговото функционирање, материјалната основа,кадровската структура,едукаци,јата на стручните кадри,обезбедување на непосредната здравствена заштита преку примарна,секундарна и терцијална здравствена заштита на целата популација во нашата Република и надвор од неа,само посебе ја наметнува потребата за формирање на посебна Комисија за здравство која ќе има и доволно време за поквалитетна расправа по одредени прашања од областа на здравството.

3.Сметам исто така дека прашањата поместени во точка 17 се од многу витален интерес за сите работни луѓе и граѓани бидејќи ги зафаќаат проблемите и прашањата сврзани за социјалната заштита како многу важна област во овој миг на општествено и економско живеење,станбените односи,вработувањето како многу важна област,демографската политика,планирањето на семејството и така натаму,бараат доволно време и внимание и посебна стручност во третманот,при што сметам заради нивната бројност нема да овозможат квалитетна и сеопфатна расправа.

На крај предлагам во комисиите да членуваат во најголем број пратеници и надворешни членови според својата стручна и практична подготовка.

ПРАТЕНИК ОД СПМ
БРАНКО АРСОВСКИ-КУМАНОВО

СТОЈАН АНДОВ:

Му давам збор на претседателот на Комисијата за избори и именување Никола Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво, директно сум против овој предлог. Ова беше присутно во рамките на оваа одлука за работни тела. Имено, беше присутно дали треба да постои паралелизам меѓу Извршниот совет и Собранието, ќе се дојдеше до впечаток да се зголеми бројот. Целта е да се намали бројот. Споредбата не држи бидејќи во рамктие на Извшрниот совет редовно се извршуваат овие дејности, а овде доаѓаат прашања и предлози повремено и по потреба. Меѓутоа, треба да се один на намалување на бројот на телата. Ако се има предвид практиката на другите собранија, може да се  види дека тие одат на две комисии, наместо на овие 18. Сметам дека е непотребно да се зголемува тој број, иако секоја дејност има своја природа и карактер, ако ја драматизираме, ако одиме на секоја комисија, тоа повлекува луѓе, дејности и слично. Јас сметам дека тоа не треба да се споредува со Извршниот совет, тие прописи ги обврзуваат органите на управата а сва е само претставничко тело, по потреба, по бараните ннформации зазема ставови, а редовно ги обвуваат другите дејности. Јас сум за тоа по можнсот да се намали бројот на работните тела.

ФАИК АБДИ:

На страница 6, каде што аборуаа за описот и пописот така да кажам на Комисијата за меѓунационални односи, стои: "остварувањето и унапредувањето на заедничките интереси и потреби на македонскиот народ и другите народи и народности" предлагам

да стои: "остварувањето на заедничктие интереси и потреби на македонскиот народ и другите народи, народности и етнички групи". Ова да се преземе од Уставот како што е , бидејќи постојат, а дали и понатаму ќе постојат или ќе поминат во нешто друго тоа е знак прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Предлогот на пратеникот Арсовски да има 19 комисии а Комисијата по точка 17 од нејзиниот делокруг да го изземе здравството, го ставам на галсање.

Кој е за тој предлог, молам да крене рака. (14 прате-ници креваат рака).

Дали има некој против? (повеќето пратеници креваат рака).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници се воздржуваат од гласање).

Констатирам дека Предлогот не е прифатен, затоа што 14 пратеници гласаа за Предлогот, 5 пратеника се воздржани а останатите гласа против.

Едно објаснвуање од секретарот на Собранието Г-дин Фаим Абди во својот предлог се повика на Уставната форму-лација, па да провериме. Молам, еве го досегашниот деловник до сега таа комисија ја имала задачата и делокругот како што предложи Фаик Абди.

Дали Комисијата имала некоја посебна причина што таа малку го стеснила? Г-дин Крстевски, дали го прифаќате овој предлог? (да)

Со оглед дека претседателот на Комисијата го прифаќа тој предлог, можеме да сметаме дека е составен дел на Предлогот, нема да гласаме за него, туку е во основниот предлог.

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и гласањето за одделни предлози.

Предлогот на одлуката во целина го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за Предлогот на одлуката гласаа сите присутни пратеници.

Според овој резултат од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуакта за образување на постојани работни тела на Собраниего на СРМ.

Предлагам да се договориме дали ќе работиме непреки-натао со една неизвесност колку тоа ќе трае или да направиме една пауза за ручек, за да можеме да продолжиме.

(пауза од 14,55 до 16,10 часот)

Да продолжиме со работа.

Преминуваме на 5-та точка - Информација за актуелните состојби во Меморијалниот музеј на Првото заседание на АСНОМ во Манастирот "Прохор Пчински".

Дали претставникот на Извршниот совет сака уште нешто да додаде?

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Климовски Ве извести досегашните активности што ги презеде надлежниот орган на управата и Извршниот совет и за обраќањата кои ги оствaривме во изминатите неколку дена. Врз основа на таа комуникација што ја воспоставивме во изминаттите денови,можам да ве известам за следното:

Денес меѓу 10 и 11 часот насилно е влезено во салата на Меморијалниот музеј и изнесен е дел од столиците, внесени се  маси.

Во меѓувреме стапивме уште еднаш во контакт со надлежнтие државни органи на Република Србија и како резултат на комуникациите што ги остваруваше и г-дин претседател на Собранието Андов и Извршниот совет и надлежниот ресорен орган воспоставивме дополнителна комуникација со претседателот на Комисиајта за односи со верските заедници на Република Србија Драгојловиќ.  Бев замолен од неговиот заменик да се јавам по 40 минути да ме извести за исходот, веројатно од разговорите што ги водел со Светиот синот на Српската православна црква за нивните натамошни намери. Од известувањето што го добив пред еден час, добив уверување дека во Манастирот нема да се прават, односно во меморијаланта сала на Музејот АСНОМ, нема да се преземаат никакви натамошни активности, односно дека Музејот ќе биде доведен во првобитна состојба.

Оваа Информација ја проверивме и преку надлежните органи и ја потврдија истата состојба на работите.

Ние сме во постојана комуникација со нашите претставници од Музејот и органите во Манастирот Прохор Пчински односно во нашиот Меморијален музај и очекуваме до крај да се почитува интегритетот на Манастирот. Ако во меѓувреме добиеме други дополнителни информации за тоа, ќе ве известиме.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, што се однесува до Манастирот Прохор Пчински, јас во стариот состав поставив делегатско прашање. Меѓутоа, помина толку долго време додека ми се одговори, односно да не настанеше можеби тој немил случај на 2 Август минатата година  кога беше невино претепан македонскиот народ, ми се чини за жал не ќе добиев ни одговор, кој исто така не беше целосен. Во моето прашање исто така беше содржано прашањето кој бил на власт во тоа време кога е отстапен Манастирот со конаците на Прохор Пчински на Република Србија. Се расправаше со стариот состав на Собранието, но за среќа тука е истиот состав на Извршниот своет на Собранието на СРМ. Кога се расправаше за тие проблеми ексцесна состојба јас како делегат во Соборот на здружениот труд, а бев во Општествено-политичкиот одбор на Соборот на здружениот труд, не ми беше овозможено да ги изнесам моите видување бидејќи јас бев чисто очевидец на настаните кои се случија на 2 Август минатата година во Прохор Пнински. Не ми беше овозможено од г-динот Драган Николовски,  Ганди наречен со едно партизанско име како што обично носат по некој и кога се донесуваат тие заклучоци  исто така јас инсистирав да влезе во заклучоците разграничувањето меѓу граничните спорови меѓу

СР Македонија и СР Србија. Но за жал од кои причини јас бев нормално надвасан не влезе во заклучоците, во тој документ што беше доставен на Собранието на СФРЈ и Собранието на СР Србија, причините не ми се познати, а исто така побарав збор од оваа говорница во однос на безбедносната состојба во Македонија, тогаш исто така не ми беше овозможено да зборувам за Прохор Пчински од г-дин во минатиот состав на Соборот на здружениот труд Иван Аврамовски.

Да не должам, понатаму очигледно не постои добро разбирање односно не постои добар диалог меѓу Република Србија за овој спор на еден културен и цивилизациски начин да се разреши, па би предложил ако може од овој Парламент да произлезе односно да поднесеме едно барање до Собранието  на СФРЈ овој граничен спор да се разреши. Доколку Собранието на СФРЈ не го разреши овој спор, овој Парламент на наредните седници да поднесе барање до Меѓународниот суд во Хаг. Можеби ќе биде смешно, но судбина била на македонецот така да оди да ги бара оние свои права кои на некој начин очигледно кој ги подарил на СР Србија тие делови не ми е јасно, а за мене исто така бидејќи не ми се даде целосен одговор, ако би можело барем на Македонската јавност г-динот Лазар Колишевски да изнесе во една емисија, бидејќи тој бил претседател на Владата, своевремено, кога се отстапени овие простории и оваа територија на СР Македонија, ако може пошироко да ја запознае барем македонската јавност и македонскиот народ, бидејќи навистина постои огромно интересирање на овој немил настан на кој сме сведоци сега. Можеби на некој начин оваа е пак поигрување со судбината на Македонскиот народ. Чинам дека се поиграуваат некако и тоа

слободно можам да кажам, Владата на СР Србија како со малолетни деца да се однесува  во оној последен момент, ги откажавме, ги договоривме, не ги договоривме, може, не може итн., што навистина е недолично засите овие работи.

На крај да заклучам уште еднаш потенцирам ако може да произелзе едно барање под најитно на наредната седница на Собранието на СФРЈ да се расправа во врска со овој настан односно овој граничен спор меѓу двете републики. Уште еднаш пак ќе потенцирам, не ми е јасно зошто тогаш беше можност бидејќи беа настаните, овој Извшрен совет не внесе да се расправа меѓу граничниот спор. Навистина не ми е јасно.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Јас не знам кои се причините зошто г-дин Јовчевски не е информриан за сите активности што ги преземало Собранието. Јас бев како еден од потпретседателите во Општествено-политичкиот собор. Спроед поранешните уставни решенија тој беше надлежен за тие прашања. Можам Собранието да го информирам и за следното.

Воројатно кон такво сознание Јовчевски доаѓа за жал од една емисија на телевизија Скопје која навистива до крај гледачите за фактичката состојба со активностите што ги презема СР Македонија во територијалното разграничување со Република Србија.  Како последица и иницијатива на прашањето на г-дин Јовчевски на другите пратеници, односно поранешни делегати, а и пошироката македонска јавност, се покрена прашањето за територијалното разграничување меѓу Република Србија и Македонија, во чиј рамки спаѓа и Мансатирот Прохор Пчински. Една и пол

година стручен тим на Извршниот совет со експерти работеше на овој проблеми проучи сите историски, правни и други документи од значење за територијалното разграничување меѓу СР Македонија и СР Србија. Тие сознанија беа на научно-стручна верификација на највисоките научни институции во Републиката и врз основа на нивните сознанија и изјавите на сите живи учесници во тоа време во политичкиот и јавен живот, за што постои архивска граѓа и документација и целата е депонирана во Архивот на Македонија, изработен е опсежен материјал за некои аспекти на територијалното разграничување меѓу СР Србија и СР Македонија. Врз основа на тој материјал се водеше расправа во Општествено-политичкиот собор и како надлежен тој заклучи следното:

Прво, дека пости правна, економска и политичка ос-нованост дека границата меѓу СР СРбија и СР Македонија не е соодветно уредена, односно дека еднострано е уредена во одредени делови не само за делот на Манастриот Прохор Пчински.

Втор заклучок беше дека треба Извршниот совет да се обрати до Извршниот совет на Република Србија, како што е впрочем уставна постапка, да побара, да ја приложи нашата документацијг и да побара да се формира заедничха стручна група која би требало врз основа  на податоците и аргументите, со кои располага Република Србија, да се соочат овие две аргументации и врз основа на тоа да  се утврди фактичката состојба.

Трето, и понатаму да продолжат во Извршниот совет стручни групи и научните и други институции да прибираат научна, стручна и друга граѓа и овој проблем да се проучува.

Врз основа на Заклучокот на Собранието, претседателот на Извршниот совет Глигорие Гогоски се обрати, ја упати целокупната документација до Извршниот совет на СР Србија и побара формирање на заедничка работна група. Бидејќи не добивме известување скоро за еден и пол месец, пред некој ден испративме повторно ургенција.

Според тоа, може да се смета дека СР Македонија повела уставна постапка според постојните уставни и законски основи да го разреши ова прашање. Процедурата е прво на ниво на влади, потоа на ниво на парламенти, потоа арбит е Собранието на СФРЈ, а се разбира крајна инстанца ако една држава не биде суверена, задоволна, веројатно ќе побара и меѓународна арбитража, така што по ова прашање сметам дека постапката веќе е во тек и очекувам дека новата влада ќе продолжи кон разрешувањето на ова прашање согласно Уставот.

Во таа документација која може да се умножи и да се достави до сите пратеници за да бидат во тек, таа е депонирана во Собранието, таа документација ги содржи сите податоци кои личности биле во тоа време, на која функција, кои активности ги преземале односно не преземале и сите други релевантни податоци за овој случај.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Само едно прашање, господа и дами, дали постојат некои документи зошто се избра Прохор Пчински како место за одржување на заседанието на АСНОМО. Тоа е прашањето, а сакам да кажам дека во тоа време постоеа повеќе жаришта на слободна

територија, односно Западна Македонија беше во тоа време цела слободна. Според мене, така го замислувам, можеше на некое место таму да се одржи тоа заседание. Ако постојат документи, ќе ве молам пред овој Парламент да се излезе со такви факти. Ми се чини дека тоа се факти. Се крие нешто зошто се одржа таму. Тоа многу ми се меша во паметот. Треба да постои нешто. Зошто токму таму се одржа,а сега ние имаме главоболка. Јас така размислував овие денови и ми се врти во мислата, доаѓаме таму на границата да даваме сила, да го бараме тој манастир и сега да се расправаме.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Ценето Претседателство, ценети гости, дами и господа и ценети делегати, чинам дека би било се вред процедурата да тече врз база на законските акти и уставноста онака како што не информриа ценетиот другар Тито Беличанец. Но мислам дека денес пред нас нарочно слушајќи ги последните вести пред да дојдеме тука без друго е потребно во име на сите нас парламентарци т.е во име на ова Собрание да се испрати најостар протест до Собранието на СР Србија и до највисоките органи на СФРЈ. Во сегашниот миг според мои сознанија со сета оваа активност или поставка на одделни граѓани, свештени лица и органите од СР Србија свесен сум дека оваа постапка не е сосема случајна. Тука се работи за подлабоки меѓудржавни односи за односи на Република Србија кон Републиха Македонија, но за тоа потоа.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој бара збор?

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:
Да не се остави впечаток дека Информацијата не е потполна, податоците за кои пратеникот побара се содржани во оваа информација и недвојбено е дека во периодот од 1944 година до прогласувањто на АСНОМ од 1945 година одредени територии денеска кои административно се водат под СР Србија биле во рамките на јуриздикцијата на македонската федерална тогашна држава. За тоа има податоци и документација која е приложена со овој материјал.

РИСТО ЈОВАНОВ:
Видете пред да предложам морам да кажам дека сеуште ме болат пендреците кои ги добив на 2-ри август минатата година во Прохор Пчински и оние псости од српските жандари да си одите долу во Македонија, ова не е ваше, па имам еден предлог да не испаѓаме сите и предлагаме 300 варијанти, овде е Извршниот совет, многу пати читавме дека разговарале со колегите од Србија, илјада и една варијанта, но кога човек ќе биде тепан најдобро може да каже. Морам да кажам према мојот добар пријател од СКМ-ПДП претседателот Петар Гошев, толку ме псуеа и велеа одете таму во Словенија да полагате докторски дисертации. Точно алудираше на него а ние велевме нема да одиме во Словенија, а ако треба да одиме ќе одиме во еден поцивилизиран свет, таму нема да не тепаат како што не тепате вие.Затоа само сакам да предложам да се оформи една парламентарна комисија која ќе ја утврди одговорноста на тие што го продале Прохор Пчински на Србите, а вака само да не испаѓаме со триста

варијанти ако треба и ние овде да им судиме, не мислам онака судење туку да кажеме чија е одговорноста. Ете веќе неколку години само зборуваме за Вевчани дури ни се смеат луѓето зарем овие од Телеви-зија Скопје немаат поважни вести да соопштат, туку само Вевчани, а минатата година Студенчица, а еве со години се провлекува предло-гот, па затоа овој предлог да се земе на утврдување и разгледување да оформиме една комисија па да видиме што може да се испита да не одиме се понатаму и понатаму ова што се повторува со години додека не се реши.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Бидејќи е ова народен парламент и секој изговорен збор има своја тежина,прво сакам на претходниот пратеник да укажам дека СР Македонија не смета дека таа територија е дадена затоа што не постои ни еден правно-политички валиден документ, а може да се покрене прашањето на одговорноста за тоа зошто тоа прашање не било согласно важечкиот устав тогаш на времето покренато и разрешено.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Видете веќе овде ги заоструваме односите со господинот Беличанец, не го продадовме не го дадовме, но многу е тешко да се почуствувате таму кога ќе ве тепаат и кога ќе ве бркаат од своја територија. Дали е даден или е продаден тогаш е друго да ве избркаат од оној камен со кој е одбележано чија е торијторијата. Кога ќе ја добиеме назад јавете се повторно и кажете ни дали е даден или не е даден, а кога ќе, ве бркаат 10 минути да одете пеш, поинаку ќе се чуствувате.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Потсетувам како дојде до оваа точка на дневен ред. Тоа е информација за аткуелните состојби односно сегашните состојби за тоа добивме информација дека тие актуелни состојби се такви, тоа е проверена информација така ни кажа господинот Беличанец, какви се сега значи договорено е во Србија, така сме известени сега дека нема никакви влегувања од непоканети лица во музејските простории дека нема поместување на експонатите и постапката што е таму, нема вечера таму. Јас така сватив, така сме известени.

Известени сме дека пред оваа одлука некои лица влегле во музејските простории, преместиле неколку клупи и наместо нив внеле неколку маси за вечера. Затоа треба ние денеска разгледувајќи ја актуелната состојба и ако се обратиме на јавноста во Републиката или надвор да се задржиме на задачата која денеска ја поставивме. Јас прифаќам да формулираме и друга задача, за која надлежните органи би ни подготвиле материјали, документација, информации и се што ии треба за решавање и да седнеме за тоа да разговараме.

Не гледам како можеме на друг начин да излеземе од ситуацијата што денеска како итна така ја оценивме дека е итна, ја внесовме на разгледување на денешниот дневен ред.

Според тоа, јас би го замолил Извршниот совет да ни предложи некои предлог-заклучоци, некое обраќање да видиме до каде е со оглед на ситуацијата каква е.

Ние треба да бидеме сериозно собрание, не би требало нашата лутина и гнев кој нема актуелна причина во овој момент, оти многу лесно ќе ни кажат вие се налутивте, направивте таков апел, но таму нема ништо,  нема вечера. Затоа ние мораме да знаеме кога и што

заклучуваме, кое прашање на кој начин го покренуваме врз основа на тоа со кои документи, со кои претходни намери. Оттаку, ако се согласувате, да направиме вака. Да минеме на наредната точка од дневниот ред а Извршниот ссвет да ни предложи еден предлог-обраќање до јавноста да укажеме колку е невкусно и лошо за односите меѓу два соседни народи и две соседни републики што ова прашање не се регулирало на време, што не се држи до прописите кои се сега на сила, што неовластено се влегува во тие простории, создадена е една атмосфера, една нервоза иако сега нема да има вечера сепак јавноста во СРМ е доста иритирана, доста погодена и тука да дадеме точна мерка на нашето реагирање, да се знае точно за што реагираме, затоа што во последен момент се остави ова да се решава затоа што немаше одзив на нашите обраќања инаку се разбира ние со задоволство ја примаме веста дека таму нема да има никакви поместувања.Ние сакаме да нема поместувања, да нема влегување да нема вечери.

Според тоа, не треба сите да кажеме наши незадоволства по овие прашања да ги искажуваме во секој момент, туку ако имаме точен повод и по тој повод да си го одмериме нашиот став, а ако сакаме да ставиме на дневен ред да разгледаме пошироко некое прашање иако не убедува господинот Беличанец дека во претходниот состав Собранието ја имало на дневен ред таа проблематика, мислам дека треба ние да се договориме таа проблематика повторно да ја повториме, но со претходна подготовка, сега имаме и работни тела, па на тие тела добро да се продискутира се, па да знаеме кои мерки непосредно да ги предложиме.
Дали можеме да се договориме така, на прашањето пак ќе се вратиме туку Извршниот совет да предложи едно обраќање.

САВО КЛИМОВСКИ:

Сакам да ве известам од мојот помошник кој е на лице место соопштено ми е дека во 15,00 часот состојбата е вратена во првобитната состојба каква што беше односно извадени се масите самиот свештеник тоа го направил. Според тоа ситуацијата е релативно смирена и покрај овој чин што беше направен како информација.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали можеме целата таа работа да ја оставиме Извшрниот совет да подготви еден заклучок со кој ќе се обратиме до јавноста, а сега да минеме на наредната точка.

Дали можеме така.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Јас сум убеден дека случано дојде до неставање на изјаснување на предлогот што го дадов на почетокот на седницата, меѓутоа сметам дека е неопростиво овој Парламент за сите досегашни активности кои предизвикаа оправдан револт на целокупната македонска јавност да не му се обрати на соодветното претставничко тело на СР Србија. Спрема тоа сметам дека неоправдано неформиравме една работна група која требаше да подготви еден краток концизен текст со кои ќе се обратиме до Собранието на СРбија и ќе укажеме на негативните последици кои произлегуваат од вакви, во најмала рака речено нецивилизирани активности.

Спрема тоа, независно од предлогот на господиот претседател сметам дека Парламентот мора денеска да излезе со едно такво обраќање и не смее да ја заврши денешната седница без да се обрати до Парламентот на СР Србија и да укаже на штетните последици од ваквите активности

независно од тоа што сме благодарни и што сепак преовладува разумот и нема да дојде до невиденото скрнавење на тоа најголемо светилиште на македонскиот народ.

(Дискусијата е проследена со аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Колку што можев господинот Ханџиски да го разберам тој предлага нашето Собрание денеска да се обрати, па тоа го предлагам и јас, јас предлагам тоа да го стори Извршниот совет што е и нормална псстапка кога целата постапка до сега ја водел и нема потреба да му изјавуваме недоверба на Извршниот совет и да правиме пратеничка група. Ако имате посебна причина кажете,меѓутоа, тие го работеа и ги држат сите контакти до сега и еве и сега и нема смисла да не им пуштиме ним да дадат предлог, ако се согласувате, каков предлог треба да биде ќе разговараме кога ќе ни го дадат, тогаш ќе разговараме за текстот. Тоа е она што го предлагам а не предлагам да не изјави, туку токму да изјави, а притоа да ја добиеме таа расправа и да донесеме одлука за тоа во една постапка како што треба, како е нормално. Изгледа се согласуваме со господин Ханџиски.

Сега треба да минеме на следната точка, а во меѓувреме да се подготви тој заклучок и да се вратиме на расправа по тој заклучок тогаш, затоа што треба време тој заклучок да се направи и ако расправаме по тоа прашање да расправаме тогаш а не сега. Ако имате против тој заклучок да ви дадам збор, ако некој има против овој заклучок да не донесуваме никаква изјава тогаш да ви дадам збор, а ако мислите дека сега вие треба да предлагате заклучок јас мислам дека не е добро сите можат да предложат по еден заклучок, па што ќе направиме. Дајте да му дадеме шанса на Извшрниот совет па ни помогне побрзо да се изјасниме. Дали се согласувате?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Овде се работи за принципиелна работа. Нашиот пратеник Ристо Јованов даде предлог за формирање пратеничка група која ќе ја испита одговорноста на тие што го продадоа Прохор Пчински на Србите. Затоа предлагам нашиот предлог да се даде на гласање. Тоа е многу лесно. Ние мора да си ја знаеме историјата да не ни се повтори во иднина такво нешто слично.

Барам предлогот да се стави на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ви изнесов што предлагам, а дадов и одреден коментар на предлогот на господин Јованов. Реков дека Собранието расправало, сега сме во нов состав, да ги добиеме сите документи кои ги имаме па ако тогаш не сме задоволни од документите и ако тогаш востановиме дека надлежните органи нам не ни доставуваат автентични документи, туку треба да ги откриваме вистините со пратеничка група, тогаш треба да формираме пратенкчка  група. Инаку незнам зошто со пратенички групи да ги дезавуираме службените органи, тоа не е работа на парламентарната држава. Пратеничка  група се прави во моментот на одредена недоверба на надлежните органи или недоволна снага на тие органи да утврдат кешто. Прат-еничката група треба поцелосно потемелно да ги испита. Овој состав на Собранието не располага со документите што ги имал поранешниот состав на Собранието ни јас ги немам тие документи, незнам зошто да кажам дека во тие документи е нешто прикриено, можеби не е прикриено и затоа треба да постапиме како  се постапува во Парламент. Јас ќе го изнесам на изјаснување и тој став и тој предлог само треба да знаеме и за оваа постапка која фактички ќе исфрли од игра еден орган - Извшрниот совет кој е должен токму тие работи да ги работи.

Добро, во таков случај прво да се изјасниме, јас мислев дека се разбравме ако не сме се разрале повторно ќе го ставиме на непосредно изјаснување предлогот на пратеникот Јованов.

Молам, кој е за тоа да формираме пратеничка група непотпирајќи се на сите овие материјали кои ги имаме до сега или неконсултирајќи ги тие материјали. Молам, кој е за да крене рака? (34 пратеници) Кој е против предлогот? (63 пратеници) Дали има воздржани? (7 пратеници)
Овој предлог не е прифатен.
Но, дали се прифаќа предлогот што го формулирав јас по повод излагањето на господинот Јованов на пратениците да им се достават материјали што до сега ги подготвувале од Извшрниот совет.

Ве молам дали тој прифаќа? (Гласови на одборување).
Ве молам дали е некој против тој предлог?(Не е)

По целосното информирање на пратениците, тогаш ако некој покрене натамошни дејствија ќе видиме во кој правец треба да се ориентираат.

Се задолжува Извршниот совет да ги подготви и собере сите тие материјали да ги испрати до Собранието за да можеме да ги упатиме на пратениците. Дали се прифаќа предлогот што се обидов да го формулирам за сега да минеме на следната точка од дневиот ред, а да го задолжиме Извршниот совет во меѓувреме додека трае расправата по таа точка да подготви текст на обраќање спрема јавноста дали ќе биде изјава заклучок или незнам што нека ни предложи и содржина да ни предложи, во согласност со актуелната ситуација и информацијата што ја има овде и состојбата каква е сега.

Дали може така? (може)

СТОЈАН АНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

**Минуваме на точката 6 - Информација во врска со конституирањето на Собранието на општините во Републиката.**

Информацијата на пратениците им е поделена на почетокот на седницата.

Дали претставникот на Извршниот совет сака нешто да каже?

Има збор господин Маневски, министер за правосудство и управа.

МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани потпретседатели на Собранието, почитувани пратеници, Извршниот совет на Собранието на СРМ односно Владата на вчерашната седница ја усвои Информацијата во врска со конституирањето на собранијата на општините и конститутивните седници која содржи ставови и заклучоци и која информација е подготвена согласно заклучокот на Собранието од седницата одржана на 9 јануари 1991 година, со кој заклучок Извршниот совет е задолжен да ги следи состојбите во врска со конституирање на собранијата на општините и да пружа непосредна стручна помош во врска со преземањето функции, согласно уставните амандмани и согласно донесените прописи потоа

Да ве информирам дека Извршниот совет во овој временски период презеде мошне интензивни активности во следењето на состојбите и донесувањето на соодветни акти, како што е одлуката за начинот на преземање на функции на општинските органи на управата и републичките органи на управата, потоа насоки, како и соодветни инструктивни и непосредни средби што се одржани со сите општини, од страна на републичките органи на управата со соодветните органи на управата на општините, договорни средби, инструктивни средби

и преземање на работници во вршење функции и други задачи што произлегуваат од прописите. Мислам дека во таа смисла, со оглед на сето ова што до сега е направено за овие две недели, очигледно е дека се наоѓаме во овој периоден период кој што подразбира и натамошни зголемени ангажирања во заокружувањето и конституирањето на системот на власта, се разбира од Собранието на СРМ до конституирањето,колку е можно побргу и на собранијата на општините.Пред конститутивната седница на Собранието на СРМ се конституирани само две собранија и тоа на општините Валандово и Титов Велес. После 8 јануари, до вчера се конституирани повеќето собранија на општините. Во текот на идната недела се очекува тој процес на конституирање на собранијата на општините да биде завршен.Кои се основни констатации и основни прашања што се согледуваат во врска со конституирањето на собранијата, следејќи ги состојбите? Тие се наведени во информацијата, меѓутоа јас би навел некои кои што се најосновни и најбитни. Тоа се прашања околу кои и поради кои има реагирање на граѓани и на работници за кои сте сите известени, особено во последниве денови. Како прво, тоа е бавноста на договарањето во некои општини во Републиката, недоследност или нецелосно почитување на тоа што а договорено или нереален однос на одредени партии што имаат мнозинство одборници во Собранието.Особено е тоа по прашањето околу изборот на претседател на Собранието, на потпретседател или на секретар, односно за раководните функции на собранијата на општините. Потоа следат одредени процедурални деловнички прашања, и најчесто околу тоа дали гласањето ќе се врши тајно или јавно, дали ќе се врши со просто или 2/3 мнозинство или околу прашањето

за тоа дали групата на одборници што ќе предлагаат претседател на Собранието ќе бидат составени од 10, 15 или 20 одборници, па со одредени обиди во некои собранија на општини, ако на пример одредена одборничка група брои 14 одборници, да можат да предлагаат 15 одборници да предлагаат претседател на Собранието, кандидат за претседател или некаде оди и дури до 20. Очигледно дека околу некои процедурални прашања се водела доста голема дебата што секако имало и има своевиден одраз во конституирањето на собранијата на општините. Тоа што посебно загрижува е фактот за непочитување на одредени уставни и законски норми при конституирање на некои од собранијата на општините. Во општините, како што е тоа Тетово, Гостивар и некои други, посебно се силни реакциите на исклучивоста, на нетолерантност, па дури и во одредени случаи игнорантски однос со недостаток на слух за реалните состојби, посебно изразени при определувањето на носители на функции, односот кон тој свечен чин на премин од еден во друг систем, како што е конституирањето на новите плурални собранија на општините во сите средини, а посебно во повеќенационалните, во кои треба да се чини се" што не би го продлабочувало јазот на недоверието, туку ќе го унапредува заедничкото живеење и унапредувањето на меѓунационалните односи. Инаку, како може да се очекува и како може да се доживее чинот на едно национално одржување на една конститутивна седница на дел на одборници во Собранието на општина Тетово што се одржа на 23 јануари и може ли тоа да се сведе како по некаде се чинат веќе обиди тоа да се оправдува со присуство на повеќе одборници од една партија.

На тој начин очигледно не се гледа суштината на работите кога се чинат обиди тоа да се правда со мнозинство одборници и да се пренебрегнуваат основните уставни и законски норми. Тоа прашање е најмалку прашање на бројност, најмалку е прашање на бројот или на народноста на делегатите. Тоа е, би рекол, длабоко суштинско прашање.

Извршниот совет во информацијата ги изнесе состојбите во врска со текот на седницата одржана на 23 во Собранието на општината Тетово и Извршниот совет, како што стои во информацијата и заклучоците, смета и констатира дека при конституирање на Собранието на општината Тетово, на седницата одржана на 23 јануари 1991 година не се обезбедени сите нужни услови за неговото конституирање во формална и материјална смисла, бидејќи се повредени одредбите на Уставот на СРМ, амандманите на Уставот на СРМ, Уставниот закон за спроведување на амандманите, Статутот и Деловникот на Собранието.

Поради тоа Извршниот совет на Собранието на СРМ смета дека во најкус можен рок треба да се одржи ново конститутивно собрание на општината Тетово во полн состав со сите избрани одборници и верификација на нивниот избор.

Ова од причини што е неопходно законски во пропишаната постапка, да се верифицира мандатот на одборниците на Собранието на општината Тетово. Само да ги спомнам одредбите од Уставот на СРМ, членот 329, став 4 кој говори дека со верификација на мандатот на новите одборници, односно, како што се наведува поранешните делегати, престанува мандатот на дотогашните одборници, односно делегати или пратеници. Потоа, уставната одредба од амандманот 74 точка 2, став 7 од амандманите на Уставот на СРМ, каде што

се говори дека Собранието на СРМ врши верификација на мандатот на пратениците, а таа одредба аналогно се однесува за верификација на мандатот на одборници на собранието на општините. Конечно, да го спомнам и привремениот деловник за работа на Собранието, тоа е членот 7 каде што изрично се наведува дека со верификација на мандатот на одборниците, одборниците ги добиваат своите права и должности утврдени со Уставот, Законот, Статутот на општинтата Тетово и Деловникот. Според тоа, очигледно е дека се неосновани обидите оваа конститутивна седница да се каже дека е легитимна бидејќи тоа не може со ништо да се брани. Очигледно е дека таа седница е нерегуларна, дека не може да се брани ниту како правник ниту да се брани како човек, бидејќи состојбите што се изнесени и во информацијата и објективно одржувањето на оваа седница е спротивно на Уставот, на законите и актите што тоа го уредуваат.

Извршниот совет смета дека сите преземени дејствија на конститутивната седница на Собранието на општина Тетово треба да се повторат со цел да се обезбеди правилно и доследно спроведување на правата и должностите утврдени со Уставот. За таа цел пот-ребно е да се извршат темелни подготовки што ќе гарантираат успешно свикување и одржуваше на седница на Собранието на општина Тетово, на која ќе се изврши верификација на мандатите.Во врска со определени прашања што беа поставени како пратенички прашања и во врска со оваа точка од дневниот ред, да изнесам само тоа, што посебно сакам да нагласам, нема можност за преземање било какви функции од собранијата на општините, бидејќи согласно уставните амандмани, после одржувањето на консти-тутивната седница на Собранието, после 8 јануари 19 91 година тоа е функција на државата Македонија, тоа е функција на ова Собрание,

тоа е функција на Владата, тоа е функција на надлежните министерства. Според тоа, секој што ќе биде преземен или донесен во оваа смисла спротивен на Уставот и законите не може да произведува никакви правни дејствија.

Молам, почитувани пратеници да се усвои информацијата со предложените заклучоци. Ако има одредени прашаша, подготвен сум да разговараме.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам расправа.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Насер Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Потполно се согласувам со изнесените ставови на министерот, господин Маневски кога зборува за тоа дека исклучувањето односно отсуството на одредени пратеници, во конституирањето на Општинското собрание на Тетово е неприфатлив чин затоа што тоа не е само партиска работа туку има и суштинско значење, а може да има и пошироки импликации. Потполно се согласувам.

Меѓутоа, ме зачудува фактот зошто да немаме ист став, ист аршин кога се работи за другите општини. Зошто немаме ист аршин и исти ставови кога се работи за општина Струга, кога најбројната партија таму со 20 пратеници, кога целосно еден национален колективитет се исклучува од функцијата на општините? Зошто немаме ист став кога се работи за собранието на град Скопје каде истото се повторува и кога јавно новоизбраниот претседател излегува и вели дека имаме став, дека Албанец не може да биде претседател на градот? Зошто немаме ист став кога се работи за Собранието на републиката каде и по партиска линија, како трета партија ни припаѓаше

една од водечките функции и како националност, како Албанци, како припадници на оваа држава ни припаѓаше? Зошто немаме исти ставови, зошто немаме ист пристап кон овие прашања? Ќе ве молам, да бидеме поразумни, потолерантни. Да имаме исти ставови кога се работи за исти прашања.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Неим Селмани.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Од заклучоците на Извршниот совет и тоа што денеска го изнесе министерот за правосудство на Македонија можеме слободно да констатираме дека ни објави вонредна состојба во Западна Македонија. Така, друго толкување немаме.

Само да ве известам за тоа дека за 26, за утре е предви-дена седница на Собранието на општината Гостивар и спрема бројот ПДП има 40 одборници, а другите партии имаат 10. На три наврати се обидувавме да седнеме со нив да разговараме, сметајќи дека треба да живееме и понатаму заедно, да градиме заедничка куќа, заеднички дом, меѓутоа домот и договорот се прави така ако има желба од двете страни, а не само од едната страна, Меѓутоа, до тоа не дојде не по наша вина, туку исхлучиво по вина на ВМРО - ДПМНЕ мислам на одборниците на ВМРО и на СКМ. Тие си бараат некои функции таму, да поделиме власт, а јас не знам за каква власт се работи. Мада таа власт малку ја има, ја нема многу, како што некој мисли дека ја има многу, мада и сега, засега, сите функции, одговорните функции се на другарите Македонци, од македонската националност.

Уште полошо да биде дека, ова се индикации, немаме инфор-мации дека оттука, дека од овој Извршен совет имаме консултанти низ

тие општини таму. Посебно зборувам за Гостивар, кои што веќе за утре имаат закажано, ова неофицијално, добивме информација по телефон, дека има закажано "Митинг на вистината" а тој "Митинг на вистината" мислам дека другарите го знаат многу фино каде е вистината. Над 80% од националноста во Гостивар, мислам најмалку 80% на државните органи ги има 0,2% додека 99,9% се Македонци. Ние и на тоа имаме доверба и не се сомневаме дека не водат лошо, туку напротив добро не водат. Од овие причини предлагам да се користи оваа работа, да се известат другарите во Гостивар утре, мислам дека се знае по која линија, да не се доаѓа бидејќи минатиот пат во текот на октомври или ноември месец имавме исти такви митинзи на вистината каде што имавме и жртви. Меѓутоа тој пат не издржаа и нервите и слично сметајќи дека со времето поминуваат и проблемите. Напротив тие проблеми без компромиси се наголемуваат. Затоа ве молам на тој на-чин и на таа постапка да се известат другарите утре да не излезат оти таа седница е закажана и тука мислам нема отстапување. Таа седница да се заврши онака, на најдобар начин. Верувам дека ќе се заврши како што треба да се заврши.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Душко Горѓевски.

ДУШКО ЃОРЃИЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господо, мислам дека конституирање на овие собранија во голем дел во Македонија, а поготово во Западна Македонија или е на некој начин завршна фаза од одредени активности кои што се одвиваат за цело време на овие простори. Јас во делот кога беше за пратенички прашања покренав една иницијатива , мислам дека не беше случајна. Ако ја погледнеме информацијата што ја имаме од Извршниот совет, ако ги слушнема дискусиите сега мислам уште повеќе добиваат потреба моите предлози што ги дадов.

Не би сакал да се навраќам, меѓутоа, изгледа дека ќе мораме и е крајно време, можеби требаше да почнат демократски процеси, да почнат на нашите простори да се воведуваат повеќепартиски собранија, повеќепартиски парламент, па навистина состојбите да ги видиме, до крај да се разодлучат, да не одиме во некоја нејасна ситуација каква што имавме низа години наназад. Оттаму мислам, ако ја погледаме ситуацијата за цело време што се одвиваше на овие простори, доволно ми е јасно и мора да му биде јасно на секој кој што навистина или е присутен или ги следи преку средствата за информирање сите дејствија што сеслучуваат на овие подрачја. Не би сакал да го задржувам овој Парламент, но на ова прашаше мора да обрне внимание. Мислам дека на овие простори долги години имавме делување од позициите на албанскиот национализам и сепаратизам. Сега веќе имаме уште поизразито делување. Мора да признаеме дека во овој период од годината, односно поактивностите предизборни, изборни, иако многу партии на овие простори излегоа и со различни програми, почнувајќи од СКМ- кој

што пружи една платформа навистина за создавање на простор за заедничко живеење, до она што значи програмата на Реформските сили, програмата на Социјалистичката партија и до програмите на еднонационалните партии кои што ги знаеме какви се. Видовме како поминаа и со какви резултати завршија сите лево ориентирани прогресивни партии. Не сакам да одам од аспект на политичка гледна точка, меѓутоа, морам и ова да го напоменам за да ја видиме ориентацијата која на овие простори се воспоставува.За жал во овој период, покрај слабостите на сите што беа одговорни за политичката ситуација, а поготово на државните органи се случуваше она што се случи во западна Македонија, западниот дел на Македонија, за мене не е Западна Македонија, и дојде до една навистина драстична меѓунационална поделеност, која што кулминира сега со конституирањето на овие собранија. Мислам дека влијанијата од надвор беа доволни да соѕидаат таква недоверба, пред се од она што значи делувањето од алтернативата на Косово, која што цело време беше присутна во Западна Македонија на очиглед на сите нас. Некои кај нас се обидуваше за некои митинзи па кажавме ние ќе ја кажеме вистината, ние тоа го дозволивме. Дозволивме бели коњи, дозволивме еуфорија и следната фаза беше еден огромен револт на македоснците кои живеат на тој простор. Сето тоа допринесе малку да создадеме простори за еден навистина коректен дијалог и договор. Ние нмора за сета оваа работа најсериозно да се преиспитаме кој е патот за излез од оваа ситуација, или ќе одиме до крај со конфликт и ќе создаваме простор навистина да не биде одржива можноста Македонците на овој простор да живеат. Дали тоа е

од корист за албанската народност, мислам дека навистина треба и тие политички организации да се преиспитаат, меѓутоа и сите кои што живеат на овој простор. Очигледно сега оди во натамошна ескалација на овие меѓунационални односи.

Второ, ако појдеме од ова, мислам дека за жал, а тоа се потврди со низа ексцеси кои ги имаме сега на овие простори не живее демократијата другари. Ние тоа во Западна Македонија не го доживеавме. Ние доживеавме ескалација на национализам од сите бои кои што веќе се помалку создава можност за нормална меѓунационална трпеливост, толеранција, дијалог и простор за заедничко живеење. Вие сите сте запознати дека во Западна Македонија се одвива процесот на обединезација . Гледаме дека нашите државни органи не успеаа до денеска да ја сопрат исклучиво водење на евиденција на албански јазик. Присутна е и косовизацијата. Гледано од тој аспект да не се почитуваат ниеден закон, ниеден пропис. За тоа исто така имаме аргументи. Дали тоа води кон заедништво, или кон што води?

На крајот мислам ова што е предложено од Извршниот совет мислам дека е минимум мерки за санација на состојбите таму. Јас сепак останувам на првобитниот предлог. Сметам дека дојдовме до таков степен на меѓунационалните односи, во овој момент да биде најпогодно да не продолжиме со конституирањето на собранијата. Под итно да го донесеме законот за локалната самоуправа, бидејќи направивме огромни пропусти со изменувањето на улогата на општинските собранија. Тие пропусти сега не удираат од глава и тие собранија кои се

конституираат дали на едно национална основа, или било каква донесуваат одлуки кои што можат да бидат со уште поголеми последици на тој простор. Ние видовме во Тетово што се случува, што се спрема во Гостивар, во Дебар слушнавме, слична ситуација е и во другите подрачја на Западна Македонија. Зарем ни треба поголеми докази навистина Собранието во претходниот состав направи големи пропусти на овој дел. Очигледно дека направивме една грешка од која што мораме да се вадиме. Второ, исто така мислам дека треба да покренеме ини-цијатива за измена на Законот за изборите. Трето, сметам дека покрај овие што веќе ги презеле ингиренциите Извршниот совет, односно неговите органи, неминовно е под истите ресори да потпаднат и комитетите за образование, односно образованието, а исто така и малото стопанство.

Сакам да информирам за Тетово, бидејќи сум претседател на Општинскиот комитет и во таа функција бев и на разговорите Ние не постигнавме никаков договор. Се настапи исклучиво со двете партии. Оттаму ние како Општински комитет, кои што добивме само еден одборник за тоа Собрание, зошто ќе поднесеме информација, меѓутоа, поради оваа ситуација, ние како општински комитет односно Претседателство се договоривме да не учествуваме во натамошната ескалација на состојбите на тоа подрачје. Ние имаме своја програма и свој  настап и не би сакале да сме соучесници во она што сметаме дека навистина веќе доаѓа. Мислам дека навистина и ова што е предложено тука , или реаги-рањата од просперитет, другари ако сакаме заеднички да живееме треба заеднички да се договараме. Дали се пет, четири или десет

одборника, тие се тие кои што го преселуваат народот кои што живее на тоа подрачје. И не можеме да ги ислучуваме нивните интереси таму. Ние имаме и денеска реагирања. Навистина ли се спрема митинг во Гостивар кои што итекако сметам дека ќе придонесе за понатамошна ескалација на состојбите и во секој случај мислам дека е огромна одговорноста пред овој Парламент што ќе преземе понатаму и во каква улога ќе се најде, затоа што било какви последици , една жртва да падне и ние мора да чувствуваме одговорност за тоа што може да се случи, а да не дискутирам за ова , во информацијата , мислам дека е извадок од записникот од седницата на Собранието и дека таа е итекако вистинита и тоа е реалноста и го поседувам записникот од седницата на тоа Собрание, каде веќе се покренува иницијатива за разрешување на старешините на органите итн. сето тоа што е во надлежност, а сметам дека извесна слабост е заради недоволното дефинирање на овие проблеми. Мислам дека овие предлози што ги дадов навистина Парламентот треба да се произнесе по нив и доколку се создаде можност и мислам има уставна и законска можност дека во овој момент е единствено решение. Секое друго ќе не носи со поголеми последици.

СТОЈАНОВА

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, Мислам дека информацијта на Извршиот совет не е целосна, а еве зошто. Проблеми околу конституирањето на општинското соб-рание имаше и во општината Свети Николе. И во овој град одбор-ниците од СКМ-Партија за демократска преобразба, ја напуштија седницата на општинското собрание и изборот на општинските функционери се изврши без нивно учество. Поради тоа Ве молам
Кога ќе се изградуваат заклучоци да се предвид ова што јас го кажувам.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, и покрај тоа што материјалот носи наслов информација во врска со конституирањето на Собранието на општините во Републиката, таа сепак на седумипол страници од можни десет говори за состојбите во општината Тетово. Оттука сметам дека е многупоупатно истата да носи наслов Информација во врска со конституирањето на општината Тетово. Во тие двеипол страници каде што се спомнуваат другите општини не се даваат никакви податоци во што се состојат проблемите во конституирањето на собранијата на општините во тие општини, додека за Тетово е пренесен целиот тек на седницата на Собранието. Ако Извршниот совет сака информација за конституирањето на Собранијата на општините во Македонија, таа треба да има и таква содржина. Инаку дозволете ми да оценам дека насловот на информацијата не кореспондира воопшто со содржината. Особено не делот на заклучоците. Заклучоците исклучиво зборуваат за состојбите во општина Тетово. Бидејќи некој од пратениците спомнаа само проблеми во конституирањето на собранијата на општините во Западна Македнија, мислам дека овие општини што на првата и втората страница од материјалот се спомнуваат по местоположжба не спаѓаат во западниот дел од Републиката. Иако е намерата дискусијата да се насочи само за општините Тетово, Гостивар и уште некоја тогаш да се согласиме. Ако расправаме за проблеми за конституирањето на собранијата на општините во Републиката, тогаш треба и да кажеме. Прилеп не е во Западна Македонија, ниту Пробиштип, ниту Виница итн.

Тоа што видовме на телевизија , луѓето излегуваат на улица, протестираат , тие не протестираат на меѓунационална основа, туку се работи за поделба на власта. Би го замолил претходниот дискутант , пратеникот од Тетово од денеска ако може да не ослободи од тој политички блокабулар, национализам, сепаратизам итн. Верувајте не сакам никого да убедувам, но такви работи во средината каде што јас живеам, а живеам во Тетово, нема. Особено не помеѓу албанците. Ако некаков национализам или нешто друго има, јас не знам каде има. Меѓутоа, во таа средина каде што јас се движам, навистина нема. Ве уверувам дека нема. Ниту сепаратизам, ниту национализам, ниту ништо. Да се ослободиме од тие хипотеки, ако сакаме да живееме заедно, а сакаме, јас Ве уверувам дека ние сакаме. Меѓутоа, за сакање се потребни двајца. Ние сакаме некои не сака. Да заклучам предлозите  што Извршниот совет ги дава, односно усвоените заклучоци да се однесуваат за сите општини во Македонија, не само за општината Тетово. Инаку ќе излезе дека ние не дека се бориме против неправилности туку не сакаме да ги признаеме изборните резултати Изборните резултати се тие и такви. Некои сега сака да го пролонгира тој рок на конституирање 5-6 или не знам колку месеци, некои веројатно сака и нови избори и што не друго. Ве молам да бидеме разумни затоа што потребата за дијалог е секогаш присутна , но за дијалог секогаш се потребни барем двајца.

ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, страхувајќи од едни вакви состојби седницата која беше закажана на општинското собрание во Струга за 23 декември, поравме од тогашниот претседател да биде одложена

со оглед дека поканети беа пратени само два дена пред одржување на седницата, а никакви контакти и мегупартиски договарања не беа направени. Во писмото меѓудругото како огранок и во име на одборницците се повикавме дека таа е мешана средина во која има три доминантни партии ПДП има 20 одборници, СК 18, ВМРО 8, и МААК по 3, односно Социјалистичката партија 1 одборник. Сметавме дека би било многу добро кога би седнале и би се договориле околу поделбата на тие функции кои сега веќе не се некоја голема привилегија повеќе се одговорност. Уште се повикавме на препораките на Извршниот совет на СРМ конституирањето на општинските собранија да се одложи како конституирањето на Републичкиот парламент. Тоа веројатно, а и некои други околности повлијаеа кај претседателот таа конститутивна седница да ја одложи сега до пред два дена. Деновите врвеа направивме неколку обиди да контактираме и да се договориме, да најдеме заеднички јазик, поаѓајќи токму од сите овие проблеми кои досега ги спомнавме, а се во интерес на тоа заедништво. До никаков службен контакт не дојде. Нашите обиди со некои одборници и претставници на СК да се договориме се сведоа само на чисто врбовање, да гласате за нас, да гласате за нас.  И покрај сето тоа се одлучивме да одиме на седницата со 20 одборници, го сослушавме извештајот кој иако по наше мислење не беше реален, беше прикажан како идеален дека изборите се течеа во ред, направивме неколку забелешки кои не беа прифатени после тоа глсавме се верифицираа мандатот на одборниците, во третата точка каде што беше предвидена одлуката за привремено организирање на општинското собрание, направивме неколку забелешки и во тек на дискусијата предложивме една пауза од 30 минути до 1 час за да ние поголемите партии сите заедно да направиме

уште еден обид , да најдеме заеднички јазик да ги поделиме тие три раководни функции кои се согласивме уште истиот ден да ги именуваме, се работеше за претседател, потпретседател и секретар. Ништо од ова. Тогаш станаа одборниците и ја напушт седницата, а некако што пишува во информацијата на Извршниот совет дека таа сме ја напуштиле после гласањето, после одбивањето на нашиот предлог да се гласа тајно за претседателот. Значи, слични ситуации, обратни комотации. Ако сакаме да заземеме некои ставови да го поздравам она што го рече Зибери тоа треба да важи за сите. Јас мислам и убеден сум, пак ќе речеме Западна Македонија, консензусот, не соработката, но чисто консензусот е императив и ние како партија ако сега не се ставиме во улога на еден фактор кои ќе ги помири овие малку скарани народи, ние не сме направиле ништо. Затоа ние апелираме и како огранок, јас како пратеник и во име на одборниците на град Струга, таа соработка да постои, таа е неопходност, не само за Тетово. Информацијата од господинот секретар е многу еднострана и неаргументирана. Требаше во најмала мера да се сослуша и другата страна, а после да носите заклучоци.

КОЧОВСКИ:

Господин претседателе, господа пратеници, како што чувме од претходните дискутанти се кажа дека во Тетово нема никаков национализам и сепаратизам.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ

Како што чувме дека нема никаков национализам во Тетово. Јас го тврдам обратното. Во Тетово постои голем национализам и сепаратизам и јас тоа го кажав и утринава. Знаеме дека во селото Шипковица уште админситрацијата се води само на албански јазик и тоа во македонска земја.

Второ, книшките не се земаат, учениците во поедини училитта не ги земаат книшките, како може да нема национализам ио сепаратизам во Тетово? Барате за љубов да има двајца. Сигурно и ние тоа го бараме. Но, за да има љубов треба да се знае дека ова е македонска земја и на вас треба да би е јасно во Тетово претседател треба да биде Македонец за да се смират духовите на тоа население кое со векови се борело за слобода и сега кога треба да живее слободно во својата земја од друга националност да му биде претседател. Ако се распределат тие функции како што било и порано, Извршен совет и претседател потпретседател, ако се создаде една рамнотежа тогаш се надеваме ќе има љубов, а ако не се созда-де рамнотежа нема да има никаква љубов. Во Тетово порано постоеше една рамнотежа. Населението беше 50 /50 и тогаш имаше некоја слога ч некоја љубов помеѓу населението и немаше вакви работи. Откога албанското население Преовлада повеќе од 70%, станаа овие работи. Сега е барањето на албанците по секоја цена претседател да добијат од нивната националност. Тоа ем, треба да си признаете и ако попуштите во тоа ќе има поголема љубов да знаете.

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, јас бидејќи не сум пратеник, знам дека немам право на глас меѓутоа,

како што сум видел повеќе пати претседателите на политичките партии добиваа досега збор, па за тоа му се заблагодарувам на претседателот. Во никој случај не можам со сигурност да тврдам дека конститутивната седница во Тетово била одржана по сите можни законски и уставни прописи. Бидејќи не сум правно лице значи овде не ја исклучувам можноста дека било се во ред, а исто така да нешто не било како што треба. Само за информација објективно овде имам еден извадок од поканата за конститутивната седница која покана е потпишана од досегашниот претседател на Собранието на Општина Тетово
Петко Дабески. Исто така, постои Деловник за работата на конститутивната седница. Значи подготовките кои биле потребни се обавени и не знам дали имало целосна согласност за се што е договорено знам дека три - четири пати оваа седница била одложена и најпосле претседателот на Собранието на Тетово рече дека конечно веќе седницата е закажана за 23, кој сака може да дојде, кој не сака не мора. Вака беше речено, овие зборови се на досегашниот претседател на Собранието на општина Тетово Петко Дабески со кого јас лично сум раузговарал во присуство и на секретарот.Второ, иако таа седница била закажана од неговата страна, досегашниот претседател не учествувал во работата на конститутивната седница на тоа собрание. Ова е еден факт кој зборува дека овде нешто не било во ред. Исто така, секретарката на Собранието едно време била тука, а потоа излегла итн. Јас се прашувам дали има некоја законска сила која ќе ги задолжи пратениците да
присуствуваат на било која седница која ќе биде закажана и за која тие ќе дадат збор дека ќе бидат присутни. До кога може да се одлага конституирањето на било која општина. Исто така, овде

беше речено од другите дискутанти дека вакви неправилности имало и во други општини како што се Свети Николе, Струга, Градското собрание на Скопје и други општини во Скопје, Прилеп, Пробиштип Виница итн. Претседателите на политичките партии овде се присутни и нека кажат ако јас не сум побарувал да се договараме. Во никој случај не сме барале општините да бидат една национални. Ние сме против тоа, меѓутоа, од другите политички партии и на такви општи-ни кои се еднонационални кои вооошто не покажале никаков обзир спрема другите политички партии, во Скопје и во другите општини каде што албанци и други има во изобилство. Што се однесува до оваа состојба јас лично предлагам да се преиспитува ако има потреба конституирањето на сите општини во кои се исклучени целосно поедини политички партии, кој секако имаат голем дел, учествуваат во тие општини. За Тетово само да ви кажам пратениците од партијата за ПДП имаат просек од 3.200 гласови за секој од нив, додека пратениците од другите партии имаат околу 1300. Слична состојба е и со пратениците. Овде на првиот дел од седницата не присуствував само слушав пренос преку телевизија и радио беа спомнати митинзите, таканаречени на вистината, за мене под наводници на кои митинзи цело време се викаше "надвор шиптарите", "рани куче да те јаде" исто така се повикуваше и на крвопролевање. На пример во СТруга 'излегувајте Албанци, каде сте". На ниеден наш собир што го имавме не сме барале никој да биде исклучен од Македонија туку сме барале дијалог, рамноправност и заедничко живеење, па на три пати цели предава сме посветиле на заедничкото живеење што мислам дека ниедна друга политичка партија тоа го нема обавено. Другарот Маневски рече дека кога станува збор за конституирањето на овие општини треба да се дискутира од правна страна и од човечка

страна, односно рече како правник и како човек. Дали како правници и луѓе само некои треба да постапуваат и да се однесуваат. Овде исто така, стана збор и за состојбата со македонците во Западна Македонија. Јас ви гарантирам како прв човек на оваа партија, дека никој на нашите митинзи не барал никого да го исклучи од Македонија, воопшто не сме спомнувале Западна, источна, јужна Македонија. Оваа Македонија е на сите. Дали за тоа некој ќе се сложи или не, тоа е негово право. За мене лично и за повеќето од луѓето од мојата партија во Македонија има место за сите што живеат и како луѓе само да живеат. Јас лично не би бил среќен да живеам со некој сосед кого ќе го гледам нерамноправен со мене. Само еден податок. Овде имаше дека некои македонци се иселуваат од поедини општини од Западна Македонија. Јас ви тврдам дека еден адвокат од Гостивар пред неколку време ми рече дека само во текот на минатата година 50 албански семејства се иселени во Турција. Оваа вистина никој не сака да ја каже. Исто така, се зборува за некоја албанизација и косовизација на Македонија. во никој случај барањата за рамноправност не значи албанизација ниту косовизација. Косовизација на Западна Македонија бараат тие кои бараат глави да се исечат, да се отстрануваат да се убиваат луѓе, да не им биде дадено право на државност, државјанство итн. додека беа митинзите ние како партија го повикувавме албанскиот народ и другите граѓани на Македонија да не случајно некој ги испровоцира, бидејки тоа не би било во корист на никого во Македонија. Тоа е повеке од точно. Повеќе пати на пазарни денови сме апелирале до луѓето да не доаѓаат во град заради тоа што можат некои да ги испровоцираат и да предизвикаат несакани состојби. Ние одсекогаш сме барале дијалог, заедништво, но само рамноправно не може воопшто.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, се повлекуваш.

Имаш збор Душко Ѓорѓески.

ДУШКО ЃОРЃЕСКИ:

Господин претседателе, другарки и другари, дами и господа.

Уште во излагањето предложив три заклучоци со дополнување со тоа што мислам дека едниот е веќе прифатен и од вас.

Ја поддржувам Информацијата на Извршниот совет и тие заклучоци и сметам дека во овој момент и во оваа ситуација навистина треба да посветиме внимание на тоа дали сме во состојба и дали односите на овој терен се такви да можеме да продолжиме со конституирање на Собранието. Мислам дека сме пред сериозна одговорност и сметам дека поради недореченостите и законските и конфликтната ситуација и можните импликации "сметам дека во овој момент, навистина, додека не донесеме дециден закон за локалната самоуправа не треба да продолжиме со конституирање на Собранието.

Прочитавте денеска во весници дека во Тетово на фотелјата седат тројца претседатели на Собранието. Мислам дека навистина овој Парламент не може така да помине несериозно преку ова укажување.

Сметам дека ова прашање треба да се разгледа од сите аспекти и ако има основа мислам навистина да дадеме простор овие работи да се усогласат и да појдеме во помирни води. Сега водите не се мирни. И, тоа што го предложив од надлежност на Извршниот совет односно неговите органи, тоа е за образованието, за малото сто-панство, исто така да влезат во директна надлежност на овие органи.

Овие предлози беа дадени и во дискусијата и молам да се ставаат на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го консултираме Извршниот совет. Ние можеме, патем, без оглед како ја оценуваме ситуацијата сами да ги кршиме законите. Да видиме ако треба некој закон да се промени, во таков случај и кој е тој закон. Инаку, јас се согалсувам со ова дека треба и така да работиме, а мислам дека и така работиме, меѓутоа мора да имаме некоја основа во правниот систем.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Не сакав да се јавам, меѓутоа изгледа овој господин ме поттикна да кажам некои зборови и пред овој Парламент.

Изненаден сум од предлогот на господинот Душко Горѓески за излагањето околу одлагањето на конституирањето на општинските собранија во Западна Македонија, со што дефакто се негираат резултатите на демократските избори. Тоа е одраз на се уште присутната комунистичка свест според која конститутиент на власта не е народот туку други сили.

Од друга страна, принуден сум од излагањето на господинот, дека тој како долгогодишен претседател на Општинскиот комитет на Тетово непосредно сноси одговорност за нарушување на националните односи во таа средина, Меѓу другите докази се и праве&ата извештаи на органите за внатрешни работи за некои настани во општините кои Општинскиот комитет ги оквалификувал како инсинуации и непријателски, а не како што ги определил соодветниот орган што бил присутен и ги снимил манифестациите. А, да не зборувам за секакви оптужувања на лицата од албанска националност и партиите во кои членуваат повеќе Албанци. Значи, неумесно оптужувања од Комитетот и од господинот.

За ова сметам дека тој нема морален кредибилитет за да предлага вонсистемска состојба во тие средини.

Во врска со состојбата во Западна Македонија и конституирањето на општинските собранија, предлагам претседателот на Собранието на СРМ на чело со една собраниска работна група, во текот на идната недела да ги посети сите општински центри и да обави разговор со партиските организации и со избраните одборници во тие општини, со цел за информирање за состојбите и за обезбедување услови за започнување со работа на повеќепартиските собранија.

СТОЈАН АНДОВ:

Само една напомена, како претседател на Собранието сум еден од тие што претставуваат најважен фактор кој мора да гаран-тира на секој пратеник да предлага се што мисли дека треба да предлага. Кредибилитетот му е даден од народот што го гласал. Никој не може да му го оспорува додека законот не го оспори.

Има збор господин Ѓорѓески.

ДУШКО ЃОРЃЕСКИ:

Мислам дека е излишно сега да расправаме за овие работи што се или надминати или треба да се надминати...

СТОЈАН АНДОВ:

Ако сакаш да зборуваш или се јави и овде да зборуваш или се повлечи.

Благодарам, се повлекуваш.

Да поминеме кон заклучувањето. Јас предложив неколку заклучоци.

Прво, да се усвои информацијата на Извршниот совет.Второ, да се усвојат заклучоците што ги предлага Извршниот совет. Дел од нив се однесуваат за состојбите во Тетово. И тие да се усвојат.Трето, да го задолжиме Извршниот совет да ја забрза работата на прописите за уредување на материјата на локалната самоуправа, што поскоро да биде, дали ќе биде еден закон, дали повеќе прописи, се што треба да се подготви.

Да заклучиме, сите други предлози што овде беа дадени во врска со побрзото решавање на некои доста вжештени проблеми на меѓунационалните односи и разјаснувавето на тие односи, на некои аспекти од таа област, постепено, во подготовката на програмата за работа на Собранието во оваа година, да ги ставиме во таа програма и во согласност со неа што ќе ја усвоиме да можат да бидат ставани на дневен ред.

Дали се согласувате со таквите заклучоци? (Се согласуваме)Молам, кој е за ваквото заклучување, нека крене рака? (Мнозинството делегати креваат рака).Дали е некој против? (10 пратеници се против).Дали има воздржани? (Нема воздржани).

Констатирам дека со мнозинство на гласови, со 10 гласа против и без воздржани предлозите за заклучување што ги изнесов овде се усвоени.

Дами и господа, сакам да ве консултирам. На дневен ред се многу сериозни прашања, прашања со кои во расправата наша и заклучувањето ние се претставуваме пред јавноста. Очигледно сме и доста заморени и паѓа концентрацијата. Попуштаат кочниците, па се кажува нешто што веројатно кога сме одморени не би го изговориле така брзо овде.

Затоа сакам да ве консултирам, дали да прекинеме со работа сега или да дадеме пауза од еден час, па после да продолжиме. Имаме доста сериозни работи. Имаме задача да усвоиме соопштение во врска со настаните околу Манастирот Прохор Пчински. Имаме обврска и спрема Сојузното собрание бидејќи треба со телекс во текот на утрешниот ден да ги испратиме нашите ставови како би можеле таму да работат. Така што, утре би морале да завршиме.

Убеден сум дека сега не можеме да завршиме и да правиме пауза, т.е. ќе завршиме само под услов секој да не добие збор или да не ги претресеме добро работите. Тоа е услов кој е неприфатлив за работа на Собранието. Тоа значи рестрикција на права на некои пратеници.

ЉУБОМИР ИВАНОВ:

Предлагам овие работи што се за Сојузното собрание да ги претресеме за 3-4 минути а потоа да одиме во соопштените за наредната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Не верувам дека било што можеме да поминеме за 3-4 минути. Веќе доволно се познаваме и знаеме добро дека така уште не знаеме, не сме се усовршиле така да работиме

Предлагам да продолжиме утре, бидејќи сте сите тука, во 10 часот.

Дали се согласувате? (Се согласуваме).

Констатирам дека прекинуваме со работа, а ќе продолжиме утре на 26 јануари 1991 година во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,35 часот).

**ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОДРЖАНА НА 26 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 10,00 часот.

На седницата претседава Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолчшме со работа. Ве известувам дека пратениците Александар Кестаковски, Благоја Ханџиски, Гоце .Андоновски,Санде Давчев и Месим Положани најавија оправдано отсуство од седницата.

Ние би требало сега да се вратиме на заклучување по петата точка од дневниот ред. Заклучување за утврдување на еден текст, јавен текст, обраќање, кој овде би го утврдиле, а во врска со информацијата по повод намерата на црковните власти на манастирот Свети Прохор Пчински, салата на Меморијалниот музеј на Првото заседание на АСНОМ да се користи како трпезарија, за време на празникот Св.Сава кој ќе се чествува на 27 јануари 1991 година.

Она укажување кое го имавме дека набрзина не можеме да утврдиме текстови и заклучувања, се покажа оправдано и еве Извршниот совет ни подготви неколку варијанти, последнава е нацрт на обраќање, пишува нов текст.

Би сакал да знам дали ви е поделен текстот и дали го имате прочитано... (поделен).

Да почнеме со расправа.
Дали некој бара збор.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ (ВМРО-ДПМНЕ)

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници. Во вториот пасус реченицата: Доколу повеќе што безбедносното одржување на Меморијалниот музеј е во надлежност на Република Србија, како дел од културно историскиот музеј Прохор Пчински од прв ред.".

Би поставил прашање. Од кога е во надлежност,односно ако може оваа реченица да отпадне, бидејќи со ова нешто самите потврдуваме на некој начин она што се случил го потврдуваме.

АНАСТАСОВСКИ : (ВМРО-ДПМНЕ)

Ми се чини дека малку подлабоки се корењата на програмата, односно одговорот не е целосен. Кога зборуваме за еден манастир за една сала одречуваме се што е друго наше и се додека така го поставуваме прашањето секогаш ќе наидуваме на отпор. Ме чуди, живееме во една држава не поделена, како можеше досега тоа прашање да не се реши. Сметам дека овде треба да се додаде дека не е во прашање една сала, еден манастир,во преговорите и во писмото да се постави малку простор, бидејки е во прашање една помала територија од место,чисто македонско. Ако така го прифатат Србите, тогаш прашањето лесно ке се реши. Ако се бориме само за една сала денеска ќе кажат поповите, утре ке кажат владиката и повторно ке наидеме на отпори.

ЕШРЕФ АЛИУ: (ПДПМ)

Почитувано претседетлатво, почитувани гости и пратеници,едно скромно видување на прашањето кое го постави делегатот од ВМРО. Од тој контекст мислам дека може да се одбегне тоа со една формулација вака: Одговор не е добиен ни во писмена, ниту во

која да е друга форма,одговор и став по ова прашање, т.е. обезбедувањето и одржувањето на Меморијалниот музеј, па да отпадне ова "дотолку повеќе што и е во надлежност на Република Србија, како дел од културно историскиот споменик Прохор Пчински од прв ред.". Ми се чини редот на зборовите синтаксички можеби во македонскиот јазик треба да се поместат тоа "од прв ред" треба да оди малку понапред.

СТОЈАН АНДОВ:

Овој текст ние се договоривме да го донесеме и објавиме и упатиме, само по повод на информацијата, овде што беше ставена на дневен ред. Само по тој повод. Во него да не ги начнуваме сите оние прашања за кои рековме дека ќе бидат зафатени во материјалот кој ќе биде доставен од Извршниот совет до сите пратеници и тогаш ке одлучиме во која форма на кој начин и кога ќе расправаме за тие прашања. Според тоа, ние веќе се договоривме овде да направиме само едно наше становиште во врска и по она сега што се случуваше, овие денови што се случуваше. Во врска со намерата доа се чествува 27 јануари празникот Св. Сава во манастирот. Само во таа конотација, само во таа поврзаност. Затоа и имавме ние основа да го расправаме тоа. Тоа треба да го имаме предвид ,

Оваа реченица што се предложи да се брише: "дотолку повеќе што безбедносното одржување на Меморијалниот музеј е во надлежност на Република Србија, како дел од културно историскиот споменик Прохор Пчински од прв ред" ,можеби не треба да стои за да не прејудицираме некој наш став ова дотолку повеќе што безбедносното одржување на меморијалниот музеј го обезбедува Република Србија како дел од историскиот споменик Прохор Пчински од прв ред, ние со тоа не сме признале било што но кажуваме дека го обезбедува,

Ако наполно го бришеме ја симнуваме сета одговорност за тоа кој влегува, како влегува таму. Затоа таа реченица не треба да се брише, за да се направи така за да остане одговорноста на тоЈ инаку е потполно бесмислено да им се обраќаме на органите на Србија да не дозволат влегување таму, ако ние не признаваме дека тие секако го обезбедуваат тоа чување. Затоа господинот Јовчески го прашувам дали прифаќа вака.

ЈОВЧЕСКИ ЦВЕТАН:

Се согласувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи оваа реченица ќе гласи: "Дотолку повеќе што безбедносното одржување на Меморијалниот музеј го обезбедува Република СрбиЈа...."

ЈАКИМОСКИ (ВМРО -ДПМНЕ)
Мислам дека треба да се согласиме околу забелешката за синтаксата. Мислам треба да стои културно-историскиот споменик од прв ред Манастирот Прохор Пчински. Мислам дека е непотребно овој текст да биде толку голем би можеле со едно едноставно и просто соопштение да одиме, со еден протест. Би бил и повод последното скрнавење на Манастирот.

ШАБАН ПРЕВАЛА: [ПДП М)

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас само сакам да упростам. Реченицата би гласела вака: "Ова дотолку повеќе што Меморијалниот музеј како дел од културно историскиот споменик на Прохор Пчински го обезбедува Република Србија". Значи ова дотолку повеќе што Меморијалниот музеј како составен дел на културно историскиот споменик Прохор Пчински го обезбедува Република Србија.

Се јавив затоа што веројатно граѓаните пред телевизорите очекуваат некои реакции овде што се случува на овие дис-кусии што доаѓаат. Инаку, се повеќе доаѓам до некое убедување дека којзнае дали воопшто треба да се разговара кога има толку голема публика, а толку малку актери и кога актерите се од при-лика познати. Сепак да пробам уште еднаш да изнесам некои свои ставови. Пред наши очи се води позициона борба. Факторот врееме е против македонските интереси, се" е деклративно, фино цивилизациски срочено, а последиците се очигледни, се повеќе џамии, се повеќе концентрација на немакедонско население во одредени региони на Македонија, а ние зборуваме дека треба некој манастир да вратиме, се лутиме на Мицотакис и на Попов, а губиме тука внатре во Македонија кога мислиме дека сме јаки и имаме своја држава и државност. Од тие причините и минатите дискусии и денеска ми беа што некако чувствувам дека овој параламент нема да биде способен да ги решава проблемите во Македонија. Гледам и од лево и од десно паралелно реагираше на ист начин и не ме зачудува. Имате право да се смеете затоа што навистина е смешно за вас, но неопрезно затоа што се смеете, затоа што сепак тоа е една провокација која што може да натера на размислување За мене проблемот не е во тоа сега во Тетово што се случува бидејќи морам да признаам една вистина дека вашите аргументи господо од ПДП се појаки денеска овде во парламентот и воопшто човек што има цивилизациски сфаќања, не може ништо да ви прорече. Вие добивте на избори и според тој изборен закон и спрема она што е напишано како правило на однесување сте сто посто во право. Вие сте денеска во право. Меѓутоа, оние што овозможија да постои партија на малцинство и внатре во една суверена држава да

се изборува за власт и да ги форсира одредени процеси на снемување така да кажам на македонскиот елемент во цели региони, тие се криви. Некои од нив можеби се тука, некои во претходниот мандат и минатиот. Јас предлагам да се формира работна група, која што ќе ги оцени стратешките интереси на Македонија, работна група која ке оцени што е она потребно да се спречат процесите на така катастрофална структура национално земено, која што практично во многу блиска иднина при било каков референдум практично се донесе до отцепување на дел од Македонија. Да се анализира и да се преиспита она што викаме дека во плурализмот донесе демократија меѓутоа, и големи искушенија за Македонија поддржа, затоа што не бевме внимателни и да видиме, да се преиспита регистрацијата на сите политички партии и да погледнеме малку поотворено на прав начин на проблемите. Се додека постојат политички партии на албанското малцинство во Македонија нема да има мир и нема да има решение. Тоа е и од ваш интерес затоа што само така на тој начин ќе можете да сфатите дека сте добро примени во една држава каде што морате да бидете лојални граѓани, а истовремено да најдете сили и самите, пред се самите да дадете одговор на некои проблеми кои што штетат на заеднччкото живеење.

И уште нешто би предложил, со амандмани по кратка постапка да се промени терминологијата конечно во интерес на едни нови позитивни процеси да се  воведе поимот за малцинство. Затоа што сметам дека од формалните можности што ги дава Законот од она што досега како ги дефинирал односите произлегуваат тие дефектизми, па се злоупотребува оваа Македонија од оние на кои што им дава некоја можност за престојување трајно на оние кои што по некои критериуми цивилизациски ќе го имаат, односно да

дефинираме кои се привремено механички прилив и да знаеме како да ја планираме оваа наша македонска држава.

Значи да заклучам јас сум за тоа уште данеска да се оформи една парламентарна група која што ќе ги испита од аспект правото, значи правните ефекти, а и оние други стратегиски интереси на Македонија и ќе посочи можни решенија на проблемот. Инаку, проблемот за книшките да кажам вака маргинално и не е проблем, тоа што некој не сака да ги зема книшките зошто да е проблем? Нека не ги зема, а кога ќе им требаат книшки, бидејки книшките не ќе можат да се чуваат неограничено време, па ќе платат такви кога ќе треба наново на македонски јазик да им се пишуваат од дневниците.

Не сакам да оставам впечаток на дежурен репличар на господин Голубовски. Само еве, некако не убедува дека е тој некој вид термостат штом почнеме малку со ладни глави да разговараме вака поладнокрвно тој веднаш тука се ангажира и ја крева тензија. Господине Голубовски огромна е нашата партија и сортата на која припаѓам во Струга. Две третини покриваме од тој град, а немаме ниту претседател, ниту потпретседател, ниту секретар.

ФАИК АБДИ:

Морам да признак дека сум во многу тешка и незгодна ситуација слушајќи ги овие дискусии на пратениците од ПДП и ВМРО. Не можам да ја замислам оваа Македонија во која се родени моите пра пра дедовци, во која и јас сум носел пионерска марама, сум бил вклучен во пионерскиот дом Карпош, дури сум бил раководител во младината, во ЦК и незнам каде уште не и тоа без никаков национален клуч. Секако според заслуга. Покасно се измисли тој национален клуч. Претседателто мора да биде Македонец, потпретседател, албанец, турчин или незнам кој. Но што е тоа е. Тие се но квалитетни се за одредено време, за одредена проблематиак итн. Но, морам да кажам, неможам да бидам мирен во душата - малцинствата не смеат да се организираат, не би требало да се организираат во партии, алудира на албанска народност- Тоа сигурно и за Ромите се однесува,и за некои други. Па, да одиме во ВМРО, каде да одам. Или да одам без своја желба во некоја друга партија итн.Имаме своја програма која што е дадена пред власта, власта ја верифицира таа програма, удри печат, со документ итн. ние се бориме за еманципациај односно се бориме за еден подобар живот, сакаме да се бориме да се избориме за еден подобар живот, подобра позиција итн. Не се осеќам ни малку помалку македонец од вас господа македонци. Ама ни малку, воопшто ни трунка. Можеби во многу нешта од многу македонци сум подобар. Опростете, но така е. Како што не можам дека не вредите вие.

Политичките партии си имавме по едносаатна програма на телевизија. Јас најмалку 20 минути посветив на програмата на Анте Марковиќ, на реформата, економијата на Југославија, Македонија.

Еден добар дел од времето потрошивме на овие меѓунационални односи. Знаевме, а и сите знаевте, сами ќе признаете дека ќе дојде до ова денеска што ви се предлага. Јас незнам точно колкава е бројката на пример во Тетово, дали 70:30 или што е. Сигурно не сме во Родезија, мора белците да бидат итн. Немојте така. Се додека немаме толеранција, демократска толеранциај и дијалог меѓу нас, почитување едни према други ние ќе ги осакатиме генерациите, ќе ги труеме со нешто отров ќе им дадеме. Комшии двајца  израснати заедно да се гледаат... Јас имав еден комшија, детето играше кај мене и мајка му вика слушај немој да одиш таму да играш, со мојот покоен син, тие се цигани. Тоа вика мама рече да не играм со тебе, ти си циган. Другарка ми го зима за уши оди со мајкати да играш таму. Тоа дете останало така, да нема колеги, да нема другарчиња. Зависи како ги воспитуваме ние децата. Ве молам мислете на генерациите, мислете на иднината. Сега да бидам малку подиректен на овие релации во кои разговараме сега околу општините и конституирањето на општините.Мислите нема проблеми во другите општини? Имаме големи проблеми. Ние пет-шест пати се состануваме од Скопје сите политички партии да го конституираме Собранието. ВМРО-ДПМНЕ, чест, однесе победа на изборите, но нас не ни е криво. И тоа разлика само 2 гласа, 36:34. Сите други 34 а они 36. Преговараме, договараме што, како, ваму таму ма никако. Денеска постигнуваме некој договор, на другата средба отпаѓа. Го конституиравме Собранието, се разбира претседател, се избраа луѓето со 36 гласа за со сите други или апстинираа или гласаа против, немаме ништо против. Мнозинство се. Како што разбрав новоизбраниот претседател рече од сега понатаму ќе ги повикуваме сите пратеници избрани на подрачјето на градот Скопје да присуствуваат на нашите седници, но само од нашата партија. Мислам дека така го чув. Се извинувам ако погрешно го разбрав човекот. Тоа не е во ред.

Вчера беше 24 и требаше да се конституира собранието на општина Чаир. ВМРО-ДПМНЕ има 25 одборници. Се друго има 15. Најнормално ние седиме со нив да разговараме, четири пати мислам, никако за никаква поделба на функциите не сакаат да слушаат луѓето. Не сакаат. Да ви кажам право ПЦЕР има 6 одборника таму, благодарејќи на неправилната реорганизација на даваше на одборници. Се сакало што помалку да има одборници. Меѓутоа, нормално што е тоа е. Не можеме да измениме, тоа е закон. Велиме, втора партија сме по ред, социјалистите се 5, тоа се 11, од реформските сили и СКМ по еден. Тоа се вкупно 13 и двајца од ПДП. Да предложиме потпретседател од ПЦЕР, да биде еднаш во историјата на оваа земја, на оваа заедничка заедница да има потпретседател, па нема да ја грабне власта и да ја однесе незнам каде. Ќе се чуе во цел свет дека и Ром може да биде потпретседател, се разбира, главниот збор ќе го носи мнозинството што е таму. Што лошо ќе направи? Ние вчера останавме вџашени. Бевме во салата, претставниците на старото собрание сите чекаме, од ВМРО никој 35 минути ги чекавме. Веројатно, како што разбравме после биле на некој состанок тука во близина, во некоја друга сала и една млада госпоѓица дојде и кажа заради договарање со партиите да се одложи за. • .

Сакам да кажам дека не е проблемот само во Западна Македонија. Проблемот е во цела Македонија. Но ние благодарејќи му на поранешниот Општествено-политички собор и, така да кажам, старите раководители изгласавме еден мнозински систем. Баравме ние пропорционален, мнозинството и сега се користат луѓето со тоа велат извинете мнозински систем, ние даваме сега итн. Дали има излез од оваа ситуација? Мислам дека мора да се најде излезот и тоа не би прифатил она што го говори господинот Голубовски. Во никој случај. Пренагласено се зборува од пратениците на ВМРО односно одборниците на ВМРО дека

многу за Македониа,само они мислат за Македонија. Сите ние мислиме за Македонија. Во никој случај нема да бидам мирен и ако од ПДП така истапуваат. Што ако е ПДП. Опростете што гласот го подигам. Мора да бидеме толерантни. Мора да се разбереме. Мора, пред се луѓе да бидеме. Да бидеме чесни и поштени. Зар смееме да дозволиме утре децата да ни се тепаат на улици, зарем не знаеме што станува со Ирак. Па ние стануваме вчера испраќаме деца од >Шуто Оризари најмалку 15-20 и тоа само они одат од Скопје во војска. Ромчиња војска и тоа во Славонија.Дали заради ситуацијата, што е како е незнам, не ми е познато меѓутса не сомневам нашите деца таму се. Ве молам, дајте таа толеранција, тоа братство и тоа почитување еден кон друг. Не е ова за смеење, оваа ситуација е за плачење. Ако дојде најжешкото, тогаш ќе дојде до плачење. Прашајте ги мајките, прашајте ги вашите постари дома, а и ние сме тука во години, има неколку од нас, ја памтиме војната. Немојте така. Немојте да бидете толку сурови, бидете толерантни. Што нас ни пречи ваков состав на овие позади мене што се, пред нас претседател, поптпретседатели четворица,албанец има таму. ВПрочем, од најмалата партија што има најмлаку претставници овде 5 имаме потпретседател. Што е, ќе направи ли нешто лошо он, или од ПДП ќе направи лошо. Мора, тука сме заеднички. Не може. Па, тоа нека биде поука и за општините. Ве молам дајте да направиме одредена толеранција нека биде задоволена правдата во оној дел, колку што се присутни како одборници итн., нека бидат тука. Не смее да се случи нешто лошо. Ние зборуваме скоро цел ден за нашите односи према Југославија, односно што ќе биде на 28, меѓутоа ние меѓу нас тука во Македонија се подјадуваме и не гледаме каква вода не носи Сигурно  кога ќе добиеме одговор на прашањето каква е Македонија од економски аспект тогаш секако ќе се позамислиме дали треба таму да ги насочиме сите , да се впрегнеме убаво или овде да се препуцаваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам, има збор Ковачевски

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници. Струга беше споменувана и општинското собрание треба нешто да се каже. Сигурно на сите ви е познато дека Струга е општина која што долго време се карактеризираше со една хармонија во меѓунационал-ните односи. Меѓутоа, мора да се признае и тоа дека таа хармонија во последно време е доста нарушена и тоа потекнува пред се од предизборниот период, од времето на оној невиден десант на авиони каде што беше една демонстрација на сила во име на Партијата за демократски просперитет. Намерно велам Партијата за демократски просперитет а не го споменувам албанското население, бидејќи сметам и понатаму сум убеден како човек кој што долго време живее во тој дел на Македонија, кој што се карактеризира со повеќенационалности дека Албанците не го споделуваат во се и сешто она што раководството и ограноците на просперитет во општините го приредуваат.

Конкретно, нешто околу Собранието. Собранието мирно почна. Верификационата комисија составена од повеќе партии, вклучувајќи ја и Партијата за демократски просперитет уредно беше прифатен извештајот на Верификационата комисија и верифициран мандатот. Ете битната разлика помеѓу Собранието во Тетово и Собранието во Струга.

Точно е напишано во Извештајот дека повод за напуштањето на седницата беше незадоволството од исходот на гласањето кога еден од одборниците предложи гласањето да биде тајно за претседател и малку конфузија се создаде во општинското собрание што се предлагаше за потпретседател и секретар да биде јавно гласањето, од истиот предлагач. 20, сите од просперитет беа за тајно гласање само за претседателот, а 29, останатите беа за јавно гласање. И следуваше

станување на одборниците без да некој образложи, иако досегашнист претседател на оптшинското собрание Струга, по договор на партиите беше претседавач до изборот на претседател повикуваше некој да го образложи напуштањето на седницата. Никој тоа не го стори, а точно е она што во претходните дискусии на одборниците имаше забелешки на тоа дека непотполно се извршени консултациите за поделба на фун-кциите. Меѓутоа, непосреден повод за напуштањето беше исходот и незадоволството од гласањето тајно или јавно. Јас не учествував и незнам како течеле разговорите помеѓу партиите, но истакнато беше од претседателот на Собранието на општина Струга, поранешниот дека на договорниот состанок се повикани претставниците на сите партии кои што имаат свои одборници. Меѓутоа, сигурно се правени контакти меѓупартиски за кои меѓупартиски контакти Партијата за демократски просперитет не покажале никаква иницијатива. Тоа беше кажано на општиснкото собрание во Струга. Потенцирам дека има битна разлика помеѓу оан што се случувало во Тетово, неверифицирани мандати и она што се случуваше во Струга.Сигурно дека, и сакам да го искажам, одборниците кои што останаа да продолжат со работата согласно Законот и форумот кој што го има жалеа за тоа што дојде до напуштањето на седницата. Јас мислам дека има снаги меѓупартиските недоразбирања во Струга да се надминат, но сакам и тука да кажам после напуштањето, кое што не требаше да настапи, и дека тоа не беше причина за напуштање на седницата, мислам дека треба огранокот во Струга, можеби и пошироко на Партијата за демократски просперитет да го преиспита својот став зошто , заради тоа што наивно е да се помисли дека едно гласање за тајно и јавно може да биде повод за напуштање. Јас мислам дека тука треба да се истакне тоа што некои луѓе од просперитет не се спремни до крај да го почитуваат суверенитетот на македонскиот народ.

Конкретно во Струга мислам дека и тоа се случува, конкре-тен доказ што се случи претходно, пред Собранието ете Собранието, да речеме било некој иритирачки гласањето фактор. Прославата на пуштањето во работа новото училиште во с. Заграчани - Струшко, тоа е едно село со албанска народност, меѓутоа некој забележал, некој не во печатот, таа прослава, она што никогаш не се случило во Струга, па мислам и во Југославија ниеден Македонец не е поканет на таа прослава а дошле гости од цела Западна Македонија, од ограноците на просперитет, од Косово гости каде што се извикувале неконтролирано пароли за Косово, за Велика Албанија, со некои албански државни знаци итн., кои што иритираат. Ете кој се причините и што е генератор на една недоверба која што се создава на овие простори, за кои што треба вистински да се седне, да се разговара стрпливо, повеќе време ако треба, не ден два, не еден состанок, туку повеќе состаноци овие раководства да се преиспитаат, бидејќи сметам дека владее некоај непотреба и претерана еуфорија.Тука сакам да кажам и нешто околу тоа што пратеникот Зибери, ми се чини кажа ако добро го разбрав рече како може во Струга да се одлучува без еден, како се изрази тој нациоанлен колективитет.Другар Зибери дали сметате вие дефинитивно дека Македонците муслимани поминале во албанската народност. Затоа што во 20-те одборници во струшкото собрание од партијата за демократски просперитет има 5 Македонци муслимани, кои што овде само се ословуваат со муслимани. Ете и оан што јас неможам да верувам во добрата намера на говорниците од просперитет тука дека сме за демократија, дека сме за плурализам, за меѓунационална трпеливост итн. Тогаш што е со намерите на денационализаторската улога меѓу Македонците муслимани кои што ние во нашата струшка општина одблиску го доживувавме. Јас мислам

дека нема потреба многу на широко да зборуваме, тоа се факти и тоа е она што ствара уште една голема недоверба за која што треба и понатаму да се разговара.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Мислам дека бев јасен и не спомнав ни Македонци-муслимани ниту некоја друга националност. Јас всушност реков за Албанците како може да се одлучува, ако веќе се одлучува. Рековме дека во Тетово не смее така да се работи, а ред е истото да важи и за Струга и за било каде. Не сакам да ми се префрлуваат такви работи за кои не ни помислив, а камо ли да речев.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Ми се чини дека премногу зборуваме за партии отколку за заеднички цели и задачи на иднината на Македонија. И сепак водата ја терае на некој друг пат место да мислиме за тоа што ни е задача и што ни претстои за во иднина.
Јас немам намера да зборувам за односите кои се сосздаде-ни со конституирањето на општинските собранија, ниту сум бил присутен, освен тоа што го имам прочитано. Меѓутоа сакам да кажам и да ве убедам дека овде станува збор за тоа како ја сваќаме демократијата. Што и кој како ја подразбира демократијата иако се знае дека тоа е спроведување на власта на народот. Меѓутоа ако продолжуваме со поедини одговори и прашања, јас мислам вака, тој мисли вака и да даваме тези, антитези, по онаа Хегелова филозофија, тогаш секако дека нема да најдеме заеднички мисли, нема да конвергираме туку напротив ќе создаваме антагонизми, ќе создаваме подлабок јаз и оддалечување на едни со други со што не добиваме ништо, туку се повеќе губиме и тоа заедно губиме. Меѓутоа едно е значајно.

Демократијата е заедничка и сите ја сакаат, а се додека мислиме вака, за мене сакам демократија, за тебе не ќе имаме ваква нетрпеливост меѓу едни и други. Во никој случај не сакам да го употребувам зборот едни и други, бкдејќи ние сме едно, во една

република во една држава и сакаме таа да просперира и да ја гледаме како градина која цвета со многу партии, со многу желби, со многу интереси. Меѓутоа, евидентен е фактот дека во Западниот дел на Македонија се работи за демократија и акробатија. Не сакам да го употребувам зборот дека се работи за квази демократија, не сакам ни да помислам дека ќе дојдеме до тоа.- Меѓутоа иритираат поедини настапи на пратениците со своите мисли дека Албанците немаат право да учат на албански јазик, дека во оваа македонска земја не може да се учи на албански јазик. 45 години се учи и пишува на албански јазик, се комуницира на албански јазик, секој ден слушаме на радио и ТВ, колку се тие доволни на албански јазик и афто-матски ако со оваа мисла настапуваме пред овој Парламент, што станува долу со народот, со граѓаните кои навистина очекуваат од нас да ја поправиме работата, а не да го рушиме тоа што веќе го имавме изградено.Во македонска земја не може да се учи на албански јазик. Тоа го сметам за една реакциона и опасна теза. Ние се залагаме за заедништво, а ова не знам каде не води. Дали со оваа теза може да се гради заедништво, со негирање на другиот. Мислам дека има еден принцип според кој се вели таму каде сме ние има место и за друг. Ако овој принцип го почитуваме, тогаш ќе има место за сите овде. Ако се ракозодиме  по принципот,таму каде сме ние нема место за друг, тогаш натаму ќе имаме антагонизам, продлабочување на јазот, разликите и т.н. Јас не можам да бидам поголем Македонец, меѓутоа исто така не сакам да бидам и тој голем Албанец. Сакам да бидам и тоа и тоа и сите да бидеме така, бидејќи само така ќе одиме напред во она што го замислуваме и сакаме.

Ако се мисли дека се врши албанизација во Западниот дел на Македонија, зошто професионално таму Албанците се бројчано повеќе,

тогаш е нормално да се каже дека се врши албанизација. Меѓутоа ако се мисли дека се врши албанизација за да се негира другиот, тој со разни репресивни мерки да се оддалечи од тука, тогаш треба сите да се замислиме и ако има такви случаеви, молам, тогаш да расправа-ме дека таму се врши албанизација. Објективно и историски и прос-торно Албанците се таму концентрирани и не можеме да ги негираме. Според тоа далеку е од употребата во вистинската смисла на зборот дека се врши албанизација, а најмалку да зборувам за косовизација иако јас ги респектирам ставовите, може би има такви случаеви и поедини состојби, да не ги идентификуваме односно да не генерализираме до тој степен дека таму навистина се врши косовизација што далеку ние воопшто како партија и народност не го сакаме. Меѓутоа, навистина овие сваќања не водат кон заедништво.

Имам впечаток, бидејќи постојано сум бил на терен дека народот не мисли вака како што ние овде мислиме, како што мислат поедини луѓе. Воопшто меѓу граѓаните не постои став дека до тој степен се нарушени меѓунационалните односи што немаме услови за заедништво и за егзистенција. Не сакам да кажувам примери, ги има и од страна на Албанците и од страна на Македонците каде штс сум имал контакти бидејќи таква ми била работата, ме молат, го пренесувам нивното мислење, да ја средите работата, да имаме работа, плата, да имаме леб, а помалку да се караме меѓусебе дека тие односи се нарушени.

Имам впечаток, а тој впечаток е и кај другите дека многу повеќе придонеле за овие нарушувања на односите, ако ги има до тој степен во некои средини, дека тоа потекнува од поедини раководители кои и понатаму инсистираат или сакаат да го задржуваат она што го имале до сега. Меѓутоа плурализмот е нешто поинаку, нуди

нешто друго и според тоа треба да се навикнеме и на такво однесување.Јас не би бил за тезата дека"сте во право што победивте на избори, а криви се тие што дозволиле да се регистрирате". Иако тоа го негирам, сепак сакам да истакнам дека во Македонија најмалку постои демократска заедница на Турци. Постои, ми се чини демократска заедница на Власи. Го имаме тука претседателот на Партијата за целосна еманципација на Ромите. Зошто не се бара кај овие,туку само се бара кај Партијата на малцинствата на Албанците, иако реков дека не го признавам тој аргумент и за тоа многу добро кажа претходниот дискутант. Јас би сакал со тој термин многу да не оперираме. Навистина тоа не води во крајни изострени односи. Ке наведам само примери колку во цивилизираните земји, во западниот свет постојат такви партии кои исто така ги признаваат малцинствата.
Во Шпанија постојат 20 партии на малцински групи, како што се Умерена баскиска партија; Радикална баскиска партија за независност и т.н. Овие партии имаат свои претставници и во Власта и во Парламентот. Во Франција исто така постојат малцински партии, во Велика Британија исто така. Во Италија постои Француско-германско малцинство. Има свои партии и во Сицилија и Сардинија. Има партии кои сезалагаа за независност на условите и т.н.Мислата дека Македонија се злоупотребува од Албанците, но никој случај не ја прифаќам. Не верувам дека се согласуваат ниту овие пратеници овде, ниту целиот албански народ што живее на овие простори. Меѓутоа верувам дека некој друг им одкажал љубов на Албанците, па дискутираме на оваа релација. Иако ние сме тие кои треба да хармонизираме и да создаваме клима и платформа дека Македонија треба да биде заедничка, дека прифаќавме декларација и т.н., треба на поинаков начин да дискутираме и на поинаков начин

не само кај нас туку и пошироко. Имам впечаток дека во овие општини каде што постојат проблеми со конституирашето со општинските собранија дека многу малку биле присутни партиите како такви, раководствата на партиите. Повеќе беа тие свртени кон Скопје, кон Парламентот, кон републичките органи отколку во собранијата долу. И заради тоа верувам дека треба да се прифати како една критика или самокритика дека, ако би биле таму поприсутни верувам нема да дојдеше до ова да имаме повторни избори или други проблеми.

ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:

Оваа расправа ја почнавме поради информацијата за состојбата околу конституирањето на општинските собранија во западните делови на Македонија.

Ова што таму се јавија проблеми укажува дека нешто во Западна Македонија не е добро. Сигурно дека тоа не е создадено вчера. Тоа е долг период минимизирано, а се случува нешто крупно што сега се јавува во уште потешка форма за решавање. Рековме дека прашањата ќе ги решаваме на демократски и цивилизиран начин. Меѓутоа, притоа не треба да остануваме секогаш само на своето, туку треба да го почитуваме она што е цивиолизациско и она што во фа-зата на предизборните кампањи беше доста објаснувано поради тоа што на општествента сцена се јавија повеќе партии, повеќе субјекти со свои мериторни и цивилизациски гледања.

Овде се собираме со клучното прашање. Има ли албански народ во Македонија. Тоа е народност, националност или малцинство. Ова мора да се дефинира врз научно фунциран и цивилизациски начин и од мериторни субјекти што се овластени и оспособени да можат да даваат вакви дефиниции. Не можеме овде да водиме пазар кој е народ, кој е народност.

Исто така бараме со термин консензус меѓу народи. Консензус меѓу кои народи треба да кажеме. Ние донесовме декалрација за сувереноста на македонската држава и македонскиот народ. Јас не видов во таа декларација да постои друг народ и тоа е завршена работа. Ние таа декларација ја донесовме.Зборуваме дека има скарани народи. Пак баратаме со терминот народи. Зборуваме дека нема национализам, а се се вртиме пак околу национализмот и таа е онаа темпираната бомба што може да ја руши повеќепартиската парламентарна демократија. И овде и во целиот југословенски простор.

Понатаму, исто така зборуваме за западните делови дека имаме место за живеење. Ви тврдам, навистина се уште емпириски, нема место за живеење во Западна Македонија и тоа прашање стои како историска одговорност на овој Парламент, да создаде простор за живеење во Западна Македонија, пак велам на цивилизациски и научно-фундиран начин. Ако ова прашање овој Парламент не го решил тој ја промашил својата првенствена историска улога заради која што сега е многу актуелен и од него се очекува.Велам дека нема простор за живеење во пределите на Западна Македонија. Па нели е агресивно, со висок наталитет да се вознемирува еден присутен народ на тој предел. Тоа е една агресија цивилизациски неприфатлива нити за народот што тука живее нити за другиот народ од каде што тоа потекнува.

Понатаму нели е исто така агресивно и што тоа значи во името на политичките права и слободи македонските муслимани да членуваат во Партијата за демократски просперитет. Па што се Македонците -муслимани. Македонци ли се или Албанци. Албанците нека си членуваат во постојната партија која е регистрирана со постојните

законски прописи,меѓутоа што бараат Македонците-муслимани таму. Во име на слободите и правата. Па во име на слободите и правата нацијата мислам не може да се менува. Така да мислам дека прифатлив е предлогот да се донесе еден научно фундиран закон за локална самоуправа како новина, сега што е.Сигурно на ист и сличен начин како што ја донесувавме декларацијата, мораме да ги користиме стручните и научните сили, толку колку што располагаме во Републиката. Без нив можеме да пра-виме топови од хартија, како што сме правеле долг период и прашањата да егзистираат и натаму.

Исто така дека ќе биде потребно за решавање на нагомиланите прашања и проблеми во овие делови на Македонија, бидејќи гледам дека во другите делови повеќе се актуелни некои други прашања,мора исто така на мериторен начин, пак користејќи ги стручните
сили на Републиката, пак во функција на промените кој што настануваат и во општествениот и во политичкиот систем, кога го развиваме плурализмот на општествената сопственост, да направиме една програма за  решавање на прашањата и проблемите на луѓето што живеат на пределите на Западна Македонија.

На крајот сакам да го потврдам излагањето на колегата Ковачевсхи околу настанот во Струга, како излегоа тие 20 души од ПДП.Мислам дека да се изнајде,заради тоа што еден предлог не се прифа-тил тајно или јавно е нецивилизациски начин. Треба нешто подебело да се бара за да се излезе вака агресивно.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прво би сакал да ве замолам да имаме чувство за времето и да го почитуваме дневниот ред. Верувајте ќе попајѓаме вака ако продолжиме, На дневен ред денес односно пред малку имавме информација на Извршниот совет во врска со конституирањето на Собранијата на општините. Сета таа работа ја исфрливме, ја довдовме во колосек на решавање на мегунацилналните односи. Ако мисли некој дека решавањето на емѓунационалните односи може само со кажување овде може и прикаски да се донесе решение, јас така не мислам.- Тоа е многу тешко прашње, исто колку што ќе биде тешко решавањето на економскиот дел на работите во Македонија. Затоа ве повикувам веднаш да престанеме со оваа тема. Оваа е многу тешка тема и мене ќе ми се слошеше уште малку толку силен арсенал на тешки зборови слушнав - јас не сум навикнат на таква работа. Јас сакам да се расправам за меѓунационлните односи, ама да имаме дневен ред и за тоа да се подготвуваме и тоа да биде да дсликува на пратеници избрани од страна на Македонскиот народ, односно граганите на Мкаедонија а не да се зборува дека нешто не е ваму вред, дека ваку е вред, но малку таму не е вред, а никакво решение да не се нуди. Очигледно, не е на дневен ред, не може да се нуди решение. Ве молам, дека е вистина дека се нарушени меунационалните односи, сигурно е вистина. Меѓутоа, јас ве молам во една друга прилика треба да се расправа за овие прашања и да се расправа и да се подготвиме за овие работи и н високо цивилизиран човечки достоенствин начин да се разго-вара за оваа работа.

Кога сум веќе овде, јас никако не мислам дека некој може да сонува да го парчи суверенитето на Македонија,да го дели на 100 мина и да ја прави Македонија де Западна, де ваква, де онаква. Уште малку ако продолжиме 4 македонии ке испаднат - Егејска, Пиринска, Вардарска и на пат сме Западана Македонија како четврта Македонија да направиме. Блазеси ни на сите и блазеси им на сите оние кои не" бираат, ќе завршиме голема работа!.

Во врска со Информацијата на Извршниот совет, точно е дека Информацијата не е потполна. Проблеми во врска со конституиорањето на собранијата на општинтие имаше на секаде. Едно е вистина, таму каде што одредена партија доби мнозинство, просто, односно квалификувано, го конституира Собранието и не ги прашаа многу другите партии дали да биде овој или оној претседател. Тоа беше случај и во Прилеп. Ние се обидовме на пример да биде тајно гласањето, но беа повеќе и така заврши работата. Зошто се псотавува прашашето не се земени проблемите од другите општини туку од Тетово или Гостивар. Веднаш одговорот може да се бара токму во нарушените меѓунационални односи. Не мислам дека Извршниот совет тенденциозно го има направено ова, туку сметам дека токму заради нарушените меѓунациоиални односи има сторено напори ако нешто може да се спречи да не дојде до ескалација и влошвуање на тие меѓунационални односи, во овој период да се спречи, а господата партиски лидери под итно веднаш треба да седнат и на овој проблем да му посветат малку поголемо внимание да не дојде до митинзи на вистини , митинзи на не вистини и повеќе на улица да не ги решаваме работите. Еве, не избра народот, баравме повеќепартиски систем,

баравме парламентарен систем, демократским, ги имаме, еве
не избраа. И натаму ли ќе ги учиме луѓето дека на улица
се решаваат работите. Не смееме тоа да го направиме, бидејќи тоа ке биде најголемата страмота за сите нас. Тогаш ако на улица се решаваат работите веднаш треба ние да си одиме. Ако мисли некој дека нам бланко ни имаат дадено доверба граѓаните, се лаже и тоа нема да биде така.Во контекст на ова сакам да предложам нешто. По можност, бидејќи ке има проблеми и во спроведувањето на она што значи локална самоуправа, без закон, ова е вакуум време што го дозволивме до донесувањето на Законот, малку ке се лутат бидејќи нема конкретни работи, предлагам под најкуса постапка да се донесе Законот за локална самоуправа, а во ова меѓувреме повторно апелирам на лидерите на партиите, на раководствата да ја симнат тензијата, да ја симнат топката на ниво на кое може да се разговара и со ништо да не се придонесе да се вло-шуваат меѓунационаните односи,ама токму со ништо, заради тоа што ќе бидат одговорни раководствата на партитите. Народот не може да биде одговорен. Да не го доведеме до таа работа ннродот. Сметам дека треба да вложиме повеќе напори. Ова се големи тешкотии и проблеми, се судираме со средновековии проблеми. Ова Европа го имала се знае кога, но зависи од нас колку повеќе напори ќе вложиме, колку посуштински ќе проијдеме со решавањето на сите проблеми кои ке бидат пред овој Парламент, толку побрзо ќе ги надминеме, иако се тие средновековни проблеми.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во целина ја поддржувам дискусијата на претходниот дискутант. Сметам дека треба да ја вратиме дискусиајта во рамките на точката од дневниот ред.

Најнапред би сакал да кажам дека забелешката на еден пратеник на ПДП беше вред. Информацијата која ни е понудена треба да носи наслов за состојбите при конституирањето на општинското собрание на општина Тетово, а да го задолжиме Извршниот своет да изготви една покомплетна информација за конституирањето на општинските собранија во целина за сите општини во Македонија.При тоа сакам да напоменам едно нешто кое би требало да го имаме предвид и да го добиеме како информација од Извршниот совет, што се однесува сега за конституирањето на општинските собранија, до каде е извршен пописот на опремата, средствата , инвентарот и работниците во органите на управата кои преоѓаат на надлежност во Републиката, во општините, заради тоа што има појави при вршењето на попис одредена опрема и инвентар средства едноставно да ги снемува , односно појави на чиста кражба.

Токму заради тоа сакам да го задолжиме Извршниот совет преку своите инспекциски служби и републичките органи на управата при пописот на опремата, инвентарот и средствата и работниците и целата постапка да заврши што побргу во општините за да се знае со што идната влада односно министерствата ќе располагаат како опрема, средства, инвентар и работници кои ќе ги става на располагање или не во наредниот период откако ке ја избереме владата и министерствата.

И дискуситие на оваа седница покажаа дека всушност се бавиме со последиците, а не со причините за една ваква состојба каква што ни е , а нормално е дека сите точки од дневниот

ред ќе ни се оптоваруват  со националното прашње и меѓунаци-оналните односи и затоа покренувам иницијатива - и во Декларацијата која на првата седница ја предложив на конститутивната седница на Собранието на СРМ предложи да отвориме расправа малку потемелна, студиозна, стручна, подготвена од надлежните институции и органи, расрпава за национаоното прашање и меѓунационалните односи и уредувањето на Македонија како национална држава на македонскиот народ. Во рамите на таа расправа  ќе си ги кажеме сите маки, опции и различни видувања во поглед на националното прашње и меѓунационалните односи.

Што се однесува до нарушените односи во одделни општини при конституирањето на општинските собранија во Западна Македонија  во одделни општини, нормално е дека ќе има такви појави заради тоа што таму станува збор за меѓунационални односи, се зборува за меѓунационални односи, а во чисти националните опшрини за меѓучовечки односи и борба за власт, што значи во овие другите се работи за мајоризација на припадниците на едно национално малцинство врз она што значи припадник на народот за чија што држава станува збор.

Всушнсот, и денес поставив едно пратеничко прашње и сметам дека и тоа ке помогне во расрпавата во однос на состојбите во Западна Македонија, или Албанизацијата и Косовизацијата на Западна Македонија, а тоа е утврдувањето на државјанството не од некакви чисти шовенистички или националистички позиции туку за да се увиди навистина дали постои вистина во тоа дека од 30% албанско население во Македонија државјанство односно избирачко право има можеби не толку проценти.

Што се однесува до Теотво, сметам дека конститутиванта седница на општинското собрание е интересна не од било што друго туку од фактот што на оваа седница одлуката на овој парламент во претходниот состав едноставно е ставена вон сила, односно донесена е одлука за непризнавање на одлуката за рпеземање на одделните органи на управата од општината во рамките на Републиката.

Токму  заради тоа треба да усвоиме еден принципиелен став, оној кој што нема да ги почитува одлуктие на овој Парламетн, односно го крши Уставот и Законот, мора да одговара а овој Парламент може и мора да презема привремени мерки за заштита на уставноста и законитоста, докллку одделни општини или органи во општини, па макар тоа биле и општински собранија тие закони и уставни одредби не ги почитуваат.

Понатаму би сакал едноставно да реплицирам на едно прашање кое беше покренато.Се постави прашање зошто во одделни ошштини се има еден аршин, а во други општини друг аршин. Јас ќе посочам еден обичен пример кој вулгаризирано би ги претставил некој односи. Би го кажал следниот пример. Секое животно има реално распростанување и корално ако некој го загрозува тоа негова територијално распростаранувае, тој е агресивен, напаѓа и ја одбранува својата територија. Човекот е исто така едно посовремено поцивилизирано животно на кое ако му ја загрозиш националната територија каде што се наоѓа ќе се брани и ќе ја заштитува таа своја нациоанлна територија, нормално со средства и методи кои што одговараат на неговото

ниво и степен на развиток. Заради тоа сметам дека институциите на националната држава имаат право, меѓутоа и обврска да го штитат интересот на народот кој е основен носител на суверенитетот и ако биде нарушен највисокиот орган на власта на националната држава, конкретно Парламентот кај нас во Македонија, е должен да го заштити суверенитетот на припадниците на народот на сите делови од нејзината национална територија, за да овој Парламент го обезбедува и националниот интерес, меѓутоа и националниот карактер на сите делови на својата територија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ако може да се придржуваме на дневниот ред ако што веќе укажаа.

СЕФЕДИН ХАРУНИ

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас нема да должам многу и нема да се задржам на некои дискусии и проблеми што претходните дискутанти ги рекоа. Нема смисла на тоа да се задржувам и да се повторуваат некои работи.

Јас мислам дека народите воопшто треба едно да ги доближува, свеста за стварноста. Кога го потенцирам ова, свеста за стварноста, зборот ми е и во заедништовото, што не е историска случаност, туку е историска нужност. Ако на ова му пријдеме онака свесно, со "ладни глави", наместо судир да владее разум, наместо да се создаваат проблеми да се најде дијалог, да се најде заедничко решение, секако дека од овие дискусии и овие состаноци на овој Парламент, јас мислам дека мнозинството така мисли. Мнозинството во Парлементот се определи

за тоа и јас сум убеден дека овде има сили и ќе се спроти стават на сите оние кои на овој бел ден и на оваа светлина со фенер бараат непријатели на ова заедништво. Јас мислам дека не треба да бидеме толку настојчиви на тоа. Ако се бара за Македонија, таа ние тапија на сите и подеднакво ќе се бориме да ја зачуваме ваква како што е. Историски тоа е нужно.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Мојата дискусија прво, ќе ја започнам со една забелешка на претходните тројца дискутанти - колеги кои иако забележаа дека се отстапува од дневниот ред и тие повеќе зборуваа за меѓунационалните односи, а мислам дека целта на поставувањето на оваа точка на дневен ред е токму преку констатирањетс на причините за настанува на проблемите со конституирањето на новите собранија да се даде прилог и во правец на подобрување на меѓунационалните односи посебно во западниот дел на Македонија.

Сметам да се оцени од целокупната дискусија дека информацијата е непотполна односно дека треба да ги опфати проблемите во општините каде исто така при конституирањето настанаа одредени проблеми.

Исто така, како оценка произлегува дека треба да се забрза постапката за донесување на новиот закон за локалната самоуправа. Проблемот како констатација што е содржан и во Информацијата е од два аспекта.

Првиот аспект е дека причините за настанување на проблемите при конституирањето на новите собранија прво се од непочитување на правилата на парламентарната игра во претходните меѓупартиски договори во фукција на подготвувањето на конститутивните супстанци и тоа како констатација стои.

Втора работа е формално правна како што го искажа министерот за правосудство, а стои и во информацијата, станува збор за непочитување на уставните, законските, статутарните и деловничките одредби што се однесуваат за верификацијата на мандатите на одборниците, кое е услов опдборниците да стекнат права и должности на одборниците и е услов за престанување на функцијата на претходните собранија.

Тоа предизвикува како незаконитост односно непочитување на тие одредби и незаконитост и на самото одржување на конститутивните седници и, како што стои во случајот за некои опотини, посебно Тетово и донесување на одлуките кои се косат со важечките прописи и делот на Законот за државната управа и врз него донесената одлука.

Но, со ова ќе заклучам, ако ги читате овие материјали, заклучоците на Извршниот совет во истите стои на основа на овие консултации стојат и мерки за надминување на причините за настанување на овие проблеми, како во делот на тоа надлежните републички органи да ги преземат мерките за воведување на зако-нитоста спрема овие одлуки донесени, а кои се незаконити односно незаконитостите во делот на конституирањето да значат повторно конституирање на тие собранија и ова што неколку дискутанти го повторуваат, а го има во предлог-заклучоците само треба да произлезе произнесување дали сме или не сме за таа мерка лидерите на политичките партии во подготовката на овие конститутивни седници претхдоно да се договорат.

Во интерес на тоа би му предложил на предлагачот за заклучување на Заклучоците и констатациите другарот претседател да пристапи кон заклучување на дискусијата и предлагање на констатациите и заклучоците од оваа информација.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, сметам дека ако продолжиме вака ќе испадне дека сите избори во западниот дел од Републиката биле нерегуларни.

Основно е што излегов овде да кажам е во тоа што заклучоците на Извршниот совет се спротивни едни со други. Имено, во првиот заклучок се вели дека треба да се почитува законитоста и сето тоа што е врзано за законитоста, а понатаму во заклучоците се вели

дека треба да се вложат напори да се менуваат односите, да се подобруваат состојбите во тој регион итн. Ако одиме на тоа да се почитуваат законитостите,тогаш е јасно дека имавме изборен закон за кој веќе тука по тој изборен закон се избраа одборниците и спрема тоа треба и спрема процентот на одборниците од секоја партија треба да се учествува во формирањето на новото општинско собрание односно поделба на таа минимална власт која е останата. Сигурно дека во натамошниот тек на овие состојби во овие региони би требало да се иам и договарање, но тие договарања треба нормално да бидат во реални рамки и никако не би можел да се согласам со тоа во една општина предлагаме укинување на тоа ново формирано собрание додека во друга општина како што е Струга дека таму било во ред и нема таков предлог од Нзвршниот совет односно од управниот инспектор кој бил на контрола. Сета оваа работа наведува на тоа дека треба уште еднаш да се свртиме и да се вратием за 360 степени од почеток се водат овие избори. Мислам дека треба повеќепартиските правила да ги почитуваме. Сето тоа е во духот на она заедништво кое ни е потребно во наредниот период и е во духот на сето тоа што не зближува и односите кои треба да ги градиме во натамошниот период.

Затоа предлагам конкретно да се задржиме на овие две прашања. Прво, дали сме подготвени денеска како Парламент да расправаме за односите во тој регион односно да заклучиме по овие прашања со оглед на тоа дека секојдневно се конституираат нови општински собранија, па ќе испадне на крај дека сите биле нерегуларни, па ќе почнеме од почеток.Второ, сметам дека би требало Извршниот совет повеќе внимание да му посвети на овие проблеми кои во моментот се наведени сигурно прифаќа трудот што го вложиле во составувањето на оваа
Информација мада имаше расправи дека не е комплетно за сите општини

во Републиката, но сметам дека по пат на договарање со оние органи во општините овие проблеми на одреден начин се надминуваат, а со тоа денеска на оваа седница треба стриктно да одлучиме дали треба понатаму да се конституираат овие општински собранија или ќе ги оставиме и натаму на начин како што почнале.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Јас сум од Виница, бев на некој начин прозван да кажам два-три збора за тоа жшто само во општина Виница имаше два протестни митинзи по повод формирањето на Собранието на општина Виница. Се јавив за кратко затоа што знам дека трпението ни е при крај, да кажам неколку збора. Во Информацијата има неколку збора кажано и за нашата општина меѓутоа, мислам дека не одговараат на вистината, а должен сум пред граѓаните на Виница да го пренесам тоа што беше таму. Имено вака стои. Во општината Виница при конституирањето на Собранието настанале проблеми околу изборот на раководните функции, имено одборниците на СРСМ не се согласуваат со истакнатите предлози поради што сите одборници демонстративно ја напуштиле седницата со барање да се одржи нова конститутивна седница, Поради новонастантите состојби најавен е митинг на граѓаните за 24 јануари во 15 часот. Тоа беше вториот митинг, инаку имаше и прв митинг, мегутоа, одборниците од ВМРО-ДПМНЕ имаше еден одборник, еден одборник од земјоделската странка кои ја напуштија седницата, а исто така бевме и двајца од ПЦЕР, така што сакам да кажам дека состојбите се исти како и во Западниот дел така е и во Истичниот дел на Македонија го знам случајот и во Кочани, Штип и таму не било подобро, тензиите во источниот дел од Македонија сигурно се други

и не се такви како што се во Западниот дел затоа што на запад се работи за национална подвоеност и веројатно треба да се преземат други чекори, па затоа мислиме во најскоро време да се промени изборниот закон, а исто така и сите собранија што се конституирани, а одборниците не се верифицирани треба да се повторат односно да се прогласат за неважечки.

Во спротивност сигурно ќе има и други митинзи и граѓаните од Виница всушност не бараат ништо друго, туку бараат само легално да се конституира Собранието.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Како што гледаме цело време се работи за проблеми не само во меѓунационалните средини, туку и во средини каде в составот македонски. Очигледно се работи за една голема одговорност на Извршниот совет што на овој начин извршил реализација на овие општински избори. Незнам некаде во светот да има истовремено да се вршат избори за Републички парламент и истовремено да се вршат избори за општински. Тука мора да посочиме одговорност на постојниот Извршен совет.

Јас конкретно не гледам некое решекие освен сите овие формирани Собранија едноставно предлагам да донесаме одлука да ги распуштиме, затоа што ќе влеземе според мене, во некои замки. Колку сум информиран една обична седница на едно општинско собрание чини над 100 милијарди, а како што гледаме, според сите закони за локална самоуправа сите ингеренции од општината ќе поминат на републичките министерства, па со која основа ќе постојат овие собранија. Дали само да се создаваат овие меѓунационални тензии, затоа предлагам да не влегуваме во некои замки и под итно да ги

расформираме овие формирани општински собранија, а тие што не се формирале нема ни потреба да се формираат. Едноставно само да се избере претседател, потпретседател и секретар.

Сакав да му реплицирам на господинот Халили, тој излезе тој имаше барање за равноправност на албанците во Македонија. Јас само би ги запрашал во што тие не се рамноправни.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја исслушавме обемната расправа, сега би требало претставникот на Извршниот совет односно министерот за правосудство господинот Маневски да одговори на некои забелешки, доколку ги има, или да даде некое појаснување како би можеле да пријдеме кон заклучу-вање.

МИХАЈЛО МАНЕВСКИ:

Сакам да дадам определени одговори на дадените забелешки во расправата и веднаш на почетокот да кажам дека информацијата, како е наведено на страница 2 говори за тоа дека е дадена конста-тација за состојбите и сознанијата во врска со до тогаш конституираните собранија на општините.

На страница 2 од Информацијата во средината е наведено дека Извршниот совет на Собранието на СРМ ќе ги следи состојбите во врска со конституирањето на собранијата и по конституирањето на сите собранија на општините ќе подготви опстојна анализа согласно заклучокот на Собранието на СРМ, заправо она што беше дадено како предлог, тоа е содржано во Информацијата како обврска што Извршниот совет ја презеде.

Второ, мислам дека Информацијата се изнесени одредени состојби откако се изнесени констатациите за дотогашните сознанија и на страница 3 од Информацијата се наведени примери од општините Виница, Струга, Штип, Гостива и други состојби кои до тогаш се изнесени во информациите кои беа од србранијата на општините.

Да почнам конкретно во врска со забелешката за општината Виница. Вчера го добив записникст од конститутивната седница на општината Виница и на страница 4 доследно стои дека по гласањето одборниците од СРСМ демонстративно ја напуштиле седницата, тоа што е наведено во Инфромацијата фактички произлегува од записникот.

Второ, ова е истовремено одговор на забелешките кои беа побројни за тоа дека Информацијата е составена заради општината Тетово и нивната конститутивна седница. Мислам дека информацијата вс првиот дел говори за состојбите во врска со сите општини со одредени констатации кои се заеднички за кои Извршноит совет најде за пстребно да го информира Собранието за тие состојби заради преземање на мерки, а сега ќе одговорам на прашањето зошто во Информа-цијата има поголем простор за конститутивната седница на Собранието на општината Тетово.

Спрема сознанијата на Извршниот совет на нкедна конститутивна седница на собранијата на општините не е донесена одлука како што е донесена во Собранието на општина Тетово. Тоа добро го забележаа пратениците Петров и Угрнинов бидејќи на конститутивната седница на Собранието на општина Тетово, меѓу другото, донесена е одлука за разрешување на Извршниот совет како извршен орган, но истовремено и одлука да се разрешат и старешини на определени органи на управата како предлог кој бил даден на седницата што е директно спротивно

на законот. На Извршниот совет му треба поопстојни сознанија за тие состојби за да може Извршниот совет кој е должен согласно Законот да преземе или предложи определени мерки и да го информира Собранието за една таква состојба, бидејќи со такви одлуки кои се донесени а кои не се во согласност со Уставот и Законот се лршат прописите. Мислам дека не е точно дека мерките и заклучоците кои се предложени во Информацијата се однесуваат само на општината Тетово, бидејќи е доволно јасно кажано во заклучокот под број 1 дека Извршниот совет на СРМ со цел да се обезбеди законито, навремено и успешно одржување на конститутивна седница укажува на потребата и подготвувањето, одржувањето и одлучувањето на седниците на новоизбраните собранија да се одвиваат со стриктна примена и доследно почитување на Уставот, законите, статутите на општините и другите прописи и општи акти како и правилата на парламентарната демократија.
Заклучокот под број 3 и 4 се однесуваат за сите општини, заклучокот под број 2 се однесува за конститутивната седница на Собранието на општина Тетово, меѓутоа низ тој заклучок треба да се однесува и за други состојби во други собранија на општини каде што не е конституирана седница обавена согласно Уставот законите и прописите кои треба да го обезбедуваат.
Спрема тоа, овие заклучоци се однесуваат за сите собранија на општини каде што не е извршено конституирањето согласно Уставот и законите сигурно дека тие треба да бидат поништени така како што е во тетово, виница и други општини спрема сознанијата кои ќе бидат проверени и од состојбите кои ќе бидат утврдени.
Добро е во натамошното согледување на одредени прашања при конституирањето на Собранието се избраа и потпретседатели на Собранието, веќе се

оформени работни тела и мислам дека ќе има потреба и би било добро и во заклучувањето де се има предвид како дополнително заклучување и работните тела и пратениците во Собранието во определени средини треба да се ангажираат околу тоа да се надминуваат определени состојби, да се изнаоѓаат заеднички решенија, да се обезбедува толерантен дијалог, да се обезбедува заедништво, да се обезбедуваат сите состојби и сите односи да се одвиваат согласно Уставот и законите, бидејќи тоа е неопходно во овој преоден период.

Сега сакам да ве информирам дека е подготвен работниот текст на Законот за локалната самоуправа и верувам дека на наредната седница ќе биде на расправа на Извршниот совет, а потоа како што изјавив на седницата од 9 јануари 1991 година, верувам дека веднаш ќе биде доставен за расправа како предлог за донесување на тој закон до Собранието. Опстојната анализа откако ќе бидат конституирани сите собранија на општините е потребна од повеќе аспекти. Од аспекти на согледување на одредени уставни решенија, на определени решенија во Законот за изборите, ние сега зборуваме во Уставот за сразмерна застапеност на народности, на етнички групи, меѓутоа еве не знам дали во Собранието на СРМ има еден пратеник од турската националност, тие ги нема ни во определени средини каде што е поголема концетрација на турската народност и мислам дека некои работи ќе мора да ги надоградуваме, сигурно ќе мора да ги изменуваме, ќе ги изменуваме по сите овие опстојни анализи и согледувања кои ќе ги правиме, но треба да направиме да не се нанесува штета да се гради системот, а не да се руши да се обезбедува заедништво, а не да се создава некој јаз на недоверба, бидејќи бевме исправени пред тоа да работиме уставно и законито, а верувам дека е тоа жалба на сите, тоа е желба на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Газменд Ајдарага.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Почитувано Претседателство, почитувани колеги, другари и другарки колеги.

Многу време изгубивме околу ова прашање, а многу се разотидовме. Не зборувавме за тоа што беше на дневен ред. Поради тоа јас ќе бидам краток и само ќе предложам неколку заклучоци:

1. Собранието не ја прифаќа информацијата поради тоа што не ги опфаќа сите општини, т.е. проблемите во врска со конституирањето.

2. Се задолжува Извршниот совет на СРМ да ја доработи информацијата, рок 27 о.м.

3. Се задолжуваат партиските лидери да се договорат за демократско конституирање на Собранието, рок 5 февруари.

4. Се задолжува Министерството за правосудство да дава помош во конституирањето на собранијата на општините, согласно Уставот и Законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не).

Овде имаше многу идеи а малку конкретни предлози, фор-мулирани јавно како предлози, но затоа пак имаше многу идеи. По идеите што се изнесувани овде а се однесуваат на решавање на некои прашања од областа на меѓунационалните односи и други спорни прашања во врска со тие односи, бидејќи таквите проблеми ќе постојат не само денес и утре и не само по повод конституирањето

на собранијата, туку и понатаму, во нашиве четири години сигурно нема сите да ги решиме, а треба да ги расправаме и треба да ги решаваме предлагам во изработката на програмата за оваа година во Собранието точно да се артикулираат, обележат кои се тие прашања. Да кажеме имаше некои предлози да се разрешат некои проблеми околу државјанството и т.н. Тогаш да ги отвориме и на таков начин, а не со поединечни заклучоци, затоа што ќе изгубиме претстава што сме заклучиле, кој дел од материјата е покриена, а кој не е покриена.

Бидејки наскоро ќе ги пополниме работните тела и ќе треба од секое тело да добиеме предлози за програмата за оваа година, во текот на февруари ќе ја составиме таа програма и ќе знаеме како да ја осмислиме целата таа активност овде. Нешто што е итно треба да се донесе што е можно поскоро. Тоа е мојот прв предлог.

Вториот мој предлог, предлозите секако ќе ги изнесам јас на гласање, е да ја усвоиме информацијата на Извршниот совет што е овде дадена со заклучоците кои се таму дадени.

Прво, луѓето не можеле повеќе да напишат. Напишале само за оние општини каде е извршено конституирањето. Не можеме да бараме од нив да напишат за оние општини каде не е извршено конституирањето.

Втора работа, ако не напишат сега, а сега е проблемот, тој проблем само ќе нараснува. Затоа, добро направија што денеска дадоа информација, а не да чекаме повеќе да се создадат такви тензии. Така што овој предлог на Ајдарага јас ќе го изнесам на гласање, но сега кандидирам и сопствен предлог како учесник во расправата.

Според тоа, предлагам да се усвои информацијата. Не сме-там дека таа не е комплетна заради тоа што не ги зафатила сите општини бидејќи сите не се конституирани. Мислам дека воопшто не е ослабена информацијава што го издвојила случајот на Тетово заради тоа што ни разјаснија дека тука има наполно јасно кршење на законот и нарушување на некои, како што сватив, врз основа на Уставот заснова-ни одредби. Не можеме, извлекувајќи на сила аналогија, да бараме преку прсти да се гледа на крешење на Законот. Ние сме Собрание. Ние овде донесуваме прописи и закони и ако ние почнеме така да гледаме, заради сличности што само по логика ни излгедаат слични а нема доказ дека се исти, ние не можеме и не е убаво да минуваме преку такви работи. Туку, таму каде што е законот прекршен ова Соб-рание мора да инсистира од надлежните органи и да удри таму. Така што и да не направиле така како што направиле, ние би требале да ги поставиме за одговорност зошто не направиле така како што требале да направат.

Според тоа, не е слабо тоа што посебно го поставиле проблемот на Тетово бидјеќи е тоа посебен случај. Веројатно и во Тетово имале избор да постапат како во Струга или на други места, меѓутоа не постапиле така. Тие постапиле вака. Бидејќи вака постапиле, тие се сега под удар на Законот. Нормално дека треба токму така да се заклучи.Понатаму, од расправата произлегува дека навистина треба што поскоро да се донесат прописите не само еден закон туку повеќе прописи за уредуваше на целата материја на локалната самоуправа. Мислам дека не треба да одлагаме таков заклучок. Тој треба денеска да се донесе и да се задолжи Извршниот совет веднаш да почне да работи. Ако не биде во состојба додека е во мандат да ја

заврши работата нека нешто сработи,нека напредува на тоа поле па да одиме понатаму, идната влада последно да го совлада тој проблем

Во овој момент јас не би овде задолжувал, Собранието не може да ги задолжи партиите. Тоа е вонпарламентарна практика. Ние можеме да апелираме кон нив, можеме да побараме од нив, но не може-ме да ги задолжиме. Тоа не се државни органи. Не можеме ним да им наредуваме. Токму во тоа е плуралистичкиот систем. Органите државни на власта не се надредени над партиите како што ниту партиите не се надредени над Собранието овде.

Јас би предложил на овој начин да излеземе од оваа материја. Нашите заклучоци да имаат основа во точката која е на дневен ред денеска, во нејзини рамки во најпосредната врска да бидат со неа, а се друго да артикулираме во една постапка да се оди во прог-рамата за работа. Ние не можеме вака стихијно да работиме секој ден, овде да ставаме точки на дневен ред. Ова Собрание работата мора да ја осмисли со сопствена програма и затоа предлагам другите аспекти, сите да влезат, да најдат место со своја тематика во програмата на Собранието.

Сега, бидејќи господин Ајдарага беше многу краток и многу кратко образложи што точно предлага, јас повторно го прашувам дали инсистира да ги далам на гласање тие предлози на заклучоци или мже и на ваков начин, како што јас предлагав да одиме непосредно. Ако инсистира да одиме, бидејќи тој прво ги постави, да одиме прво на изјаснување за неговиот предлог.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Јас само се обидов да помогнам во организирањето, но не мора да биде така.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, се повлекуваш.

Имаш збор Душко Горѓески.

ДУШКО ГОРГЕСКИ:

Господин претседателе, другарки и другари, дами и господа.

Уште во излагањето предложив три заклучоци со дополнува-ње со то ашто мислам дека едниот е веќе прифатен и од вас.

Ја поддржувам Информацијата на Извршниот совет и тие заклучоци и сметам дека  во овој момент и во оваа ситуација навистина треба да посветиме внимание на тоа дали сме во состојба и дали односите на овој терен се такви да можеме да продолжиме со конституирање на Собранието. Мислам дека сме пред сериозна одговорност и сметам дека поради недореченостите и законските и конфликтната ситуација и можните импликации сметам дека во овој момент, навистина, додека не донесеме дециден закон за локалната самоуправа не треба да продолжиме со конституираве на Собранието.Прочитавте денеска во весници дека во Тетово на фотелјата седат тројца претседатели на Собранието. Мислам дека навистина овој Парламент не може така да помине несериозно преку ова укажуваше.Сметам дека ова прашање треба да се разгледа од сите аспекти и ако има основа мислам навистина да дадеме простор овие работи да се усогласат и да појдеме во помирни води. Сега водите не се мирни. И, тоа што го предложив од надлежност на Извршниот совет односно неговите органи, тоа е за образованието, за малото сто-панство, исто така да влезат во директна надлежност на овие органи.Овие предлози беа дадени и во дискусијата и молам да се стават на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го консултираме Извршниот совет. Ние можеме, патем, без оглед како ја оценуваме ситуацијата сами да ги кршиме законите. Да видиме ако треба некој закон да се промени, во таков случај и кој е тој закон. Инаку, јас се согалсувам со ова дека треба и така да работиме, а мислам дека и така работиме, меѓутоа мора да имаме некоја основа во правниот систем.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Не сакав да се јавам, меѓутоа изгледа овој господин ме поттикна да кажам некои зборови и пред овој Парламент.

Изненаден сум од предлогот на господинот Душко Горѓески за излагашето околу одлагањето на конституирањето на општинските собранија во Западна Македонија, со што дефакто се негираат резултатите на демократските избори. Тоа е одраз на се уште присутната комунистичка свест според која конститутиент на власта не е народот туку други сили.Од друга страна, принуден сум од излагањето на господинот, дека тој како долгогодишен претседател на Општинскиот комитет на Тетово непосредно сноси одговорност за нарушување на националните односи во таа средина. Меѓу другите докази се и правењааа извештаи на органите за внатрешни работи за некои настани во општините кои Општинскиот комитет ги оквалификувал како инсинуации и непријателски, а не како што ги определил соодветниот орган што бил присутен и ги снимил манифестациите. А, да не зборувам за секакви оптужувања на лицата од албанска националност и партиите во кои членуваат по. веќе Албанци. Значи, неумесно оптужувања од Комитетот и од господинот.

За ова сметам дека тој нема морален кредибилитет за да предлага вонсистемска состојба во тие средини.

Во врска со состојбата во Западна Македонија и конституирањето на општинските собранија, предлагам претседателот на Собранието на СРМ на чело со една собраниска работна група, во текот на идната недела да ги посети сите општински центри и да обави разговор со партиските организации и со избраните одборници во тие општини, со цел за информирање за состојбите и за обезбедување услови за започнување со работа на повеќепартиските собранија.

СТОЈАН АНДОВ:

Само една напомена, како претседател на Собранието сум еден од тие што претставуваат најважен фактор кој мора да гаран-тира на секој пратеник да предлага се што мисли дека треба да предлага. Кредибилитетот му е даден од народот што го гласал. Никој не може да му го оспорува додека законот не го оспори.

Има збор господин Горѓески.

ДУШКО ГОРГЕСКИ:

Мислам дека е излишно сега да расправаме за овие работи што се или надминати или треба да се надминати...

СТОЈАН АНДОВ:

Ако сакаш да зборуваш или се јави и овде да зборуваш или се повлечи.

Благодарам, се повлекуваш.

Да поминеме кон заклучувањето. Јас предложив неколку заклучоци.

Прво, да се усвои информацијата на Извршниот совет.Второ, да се усвојат заклучоците што ги предлага Извршниот совет. Дел од нив се однесуваат за состојбите во Тетово. И тие да се усвојат.Трето, да го задолжиме Извршниот совет да ја забрза работата на прописите за уредување на материјата на локалната самоуправа, што поскоро да биде, дали ќе биде еден закон, дали повеќе прописи, се што треба да се подготви.

Да заклучиме, сите други предлози што овде беа дадени во врска со побрзото решавање на некои доста вжештени проблеми на меѓунационалните односи и разјаснувашето на тие односи, на некои спекти од таа област, постепено, во подготовката на програмата за работа на Собранието во оваа година, да ги ставиме во таа програма и во согласност со неа што ќе ја усвоиме да можат да бидат ставани на дневен ред.

Дали се согласувате со таквите заклучоци? (Се согласуваме)

Молам, кој е за ваквото заклучување, нека крене рака? (Мнозинството делегати креваат рака).

Дали е некој против? (10 пратеници се против).Дали има воздржани? (Нема воздржани).

Констатирам дека со мнозинство на гласови, со 10 гласа против и без воздржани предлозите за заклучување што ги изнесов овде се усвоени.

Дами и господа, сакам да ве консултирам. На дневен ред се многу сериозни прашања, прашања со кои во расправата наша и заклучувањето ние се претставуваме пред јавноста. Очигледно сме и доста заморени и паѓа концентрацијата. Попуштаат кочниците, па се кажува нешто што веројатно кога сме одморени не би го изговориле така брзо овде.